**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ВО СКОПЈЕ**

# Б И Л Т Е Н

**НА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ВО СКОПЈЕ**

**Број 1087**
**Скопје, 3 ноември 2014 година**

**Издание на Универзитетот „Св Кирил и Методиј“ во Скопје**

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИН**

**Уредник: Томислав БАШЕВСКИ**

**Лектор: Весна Илиевска-Цветановска**

Бр. ____________
_5.8. 2013_
Скопје

**Предмет:** **Материјали за Билтенот за објавување на веб-страницата на УКиМ**

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на веб-страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања, рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа, прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми, рецензиите на учебници и учебни помагала, како и рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј". По објавување на материјалите на веб-страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги достават на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во **електронска форма**.

Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт **Georgia**. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со корегирани знаци во италик формата за македонските букви '***g***', '***ū***', '***ш̄***', '***ī***' може да се добие во компјутерскиот центар на УКиМ на барање на факултетот. Исто така, таму може да се добие софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач кога работи под Windows XP оперативниот систем при притискање на копчето '`' во македонска поддршка да се добие знакот '**ѐ**', а при притискање на копчето '~' во македонска поддршка да се добие знакот '**ѝ**'.

Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на веб-страницата, ве молиме, рефератите откако ќе бидат лекторирани, да ја доставите оригиналната верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија да ја доставите на e-mail адресата: t.basevski@ukim.edu.mk (so mali bukvi).

Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број, туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе ја добиеме бараната верзија.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

**Проректор**
**Проф. д-р Коле Василевски**

Изготвил:Т.Б.
Одобрил:К.М.

**Содржина на Билтен број 1087 од 3 ноември 2014 година**


**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје **(Александар Клинчаров, Даниела Кавракова)**...........7

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за драмски уметности во Скопје **(Даниел Врљановски, Влатко Павлески)**...........8

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден наставник во сите звања по предметот судска медицина на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Верица Попоска)**...........9-20

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје **(Татјана Милојевиќ, Елка Јошевска, Слаѓана Стојановска, Маја Страчкова)**...........21

**ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Фармацевтскиот факултет во Скопје **(Венера Комони)**...........22

**ШУМАРСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Шумарскиот факултет во Скопје **(Смиљка Тенева)**...........23

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за ликовни уметности во Скопје **(Ѓорѓи Томовски)**...........24

**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**

1. Реферат за избор на еден наставник по наставните предмети контрабас-популарни жанрови и група наставни предмети од обласата на популарните жанрови на Факултетот за музичка уметност во Скопје **(м-р Кирил Туфекчиевски)**...........25-33

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Рецензијата на докторската дисертација под наслов **Улогата на комерцијалните банки во финансирањето на реалниот сектор во услови на ниска акумулативна способност и нарушена ликвидносна позиција на претпријатијата во Република Македонија,** од кандидатот **м-р Јован Аврамоски,** пријавена на Економскиот институт во Скопје...........34-38

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација под наслов **Дисфункционалноста на семејството – причина за појава на нарушено однесување кај адолесцентите,** изработена од **м-р Ѕала Бојкоска,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје....39-43

**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“**

1. Рецензија на трудот **Менаџмент во образованието** од авторот **проф. д-р Розалина Попова-Коскарова,** пријавен на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје...........44-48

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Филозофскиот факултет во Скопје **(Тонка Митрова, Моника Патровска, Мима Костиќ, Елвира Мустафа, Јасмина Даниловска, Билјана Трајановска, Сања Ѓоршевска, Рената Петрушева, Надица Диздаревиќ Јованоски, Радмила Павловска Бојана Бацакова, Мартин Величковски, сахит Тахири, Марина Начевска, Викторија Кузмановска, Ивана Накова, Александра Талеска, Кристина Попоска, Марија Стојковска, Јасмина Цековска)**.........................................................................49-51

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Експертски систем за подготовка на понуда за алати за полимерни материјали,** изработена од **м-р Зоран Спироски,** пријавена на Машинскиот факултет во Скопје............................................................................52-55

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Евалуација на молекуларни маркери кај орален карцином** од **д-р Антонио Кирков,** пријавена на Стоматолошкиот факултет во Скопје....................................................................................................................56-60

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**

1. Рецензија на докторската дисертација **Романизмите во албанскиот јазик** од **м-р Исмаил Камбери,** пријавена на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.61-63

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензијата на докторската дисертација **Детерминанти на однесувањето на потрошувачите при купување на специјални производи со посебен осврт на состојбите во Република Македонија,** изработена од кандидатот **м-р Селбије Мемети-Каремани,** пријавен на Економскиот факултет во Скопје..............................64-71

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје **(Драган Савески)**..........................................72

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања за научните области (дисциплини): класична археологија, грчка и римска култура, римска провинциска култура, историја на уметноста на стариот век и античка уметност на Филозофскиот факултет во Скопје **(д-р Марјан Јованов)**..................................................................73-81

**АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Архитектонскиот факултет во Скопје **(Даниела Чочовска, Елеонора Здравковска, Елена Блажевска, Даница Спасевска, Силвана Тасева, Ељмедина Рамадани, Фросина Ѓорѓеска, Ана Иванова, Евгенија Поповска, Ехад Ќорбајрам, Гордан Витевски, Арбреша Ибрахими, Александра Христоска, Дарко Драгановски, Драган Стојменов, Елена Цветковска, Димитрис Росикопулос, Атанас Пиличев, Виолета Ѓорѓевска, Венерка Клисарова, Марио Баткоски, Васил Тимов, Маја Даскаловска, Ружица Крстева, Кристина Лозановска, Дарко Ѓорѓиески, Бисера Којевска, Сања Цветаноска, Љубица Угриновска, Христина Талевска, Моника Митевска, Марија Матеева, Даниела Велинова, Менде Фидановски, Стојанче Гоцков, Ана Младеновска, Стефан Мацовски, Илчо Илиевски, Мустафа Миљаим, Феби Фазлиу, Елена Јованова)**.............................................................82-88

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден соработник во соработничко звање-асистент во научната област што ја покрива Институтот за производно инженерство и менаџмент на Машинскиот факултет во Скопје **(м-р Игор Лазароев)**..................................................................89-93

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Автоматско препознавање на говор робусно на шум за примена на во системи за вокална интеракција,** изработена од **м-р Бранислав Геразов,** пријавена на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје..........................................................................................94-104

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Влијание на различни материјали за пулпино прекривање врз хистопатолошкиот одговор на пулпата,** од **д-р Марина Ефтимоска,** пријавена на Стоматолошкиот факултет во Скопје..............................105-109

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Рецензијата на докторската дисертација **Интеграциски пристап на целосно управување со квалитетот за стекнување конкурентска предност на организациите,** изработена од **м-р Катерина Кареска,** пријавена на Економскиот институт во Скопје..........................................................................................110-118

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**

1. Рецензија на докторската дисертација **Злоупотреба на процесните овластувања во парничната постапка** од **м-р Милка Ракочевиќ,** пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје..........................................................................119-128

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на докторска дисертација на Природно-математичкиот факултет во Скопје **(м-р Едмонд Алиага)**............................................129
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Природно-математичкиот факултет во Скопје **(Саша Поповски, Јулијана Младеновска, Александар Јанакиевски, Мадрит Жаку, Христина Дичовска, Ана Путеска)**....130

**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**

1. Реферат за избор на еден истражувач во сите научни звања од научната област биохемија на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје **(д-р Катерина Благоевска)**......131-151

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Проектирање и реализација на системи за откривање и спречување на мрежни упади со подобрени перформанси,** изработена од **м-р Дејан Георгиев,** пријавена на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје..................................................................152-159

**ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник по предметите: математика 1, математика 2, основи на компјутерското работење (изборен), вовед во програмирање (изборен), комуникациски вештини (изборен), динамички системи (изборен), на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје **(д-р Бети Андоновиќ)**...........................................................................160-172

**ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на редовен професор по предметите инструментални фармацевтски анализи и физичка хемија за фармацевти на Фармацевтскиот факултет во Скопје **(д-р Зоран Кавраковски)**..............................................................................173-189

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на четири наставници во сите звања по предметот хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Лазар Тодоровиќ, д-р Ристо Чоланчески, ас. д-р Скеднер Саиди, д-р Елизабета Мирчевска Жоговска, ас. д-р Огнен Ивановски, д-р Оливер Станков, ас. д-р Симон Трпевски, д-р Лазо Новески, ас. д-р Реџеп Сељмани, ас. д-р Христијан Костов)**...................................................190-285

**Преглед**
**на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ во Скопје од XV-та седница на Наставно-научниот совет одржана на 19.09.2014 година**

| Кандидат | Наслов на труд МК | Наслов на труд ENG | Ментор |
|---|---|---|---|
| Александар Клинчаров | Оцена на производни, морфолошки и репродуктивни особини кај говеда од расата Буша во тиквешки регион | Estimation of productive, morphological and reproductive tract of Busha-cattle in Tikvesh region | Проф. д-р Ѓоко Буневски |
| Даниела Кавракова | Влијание на процесот на смрзнување врз нутритивните карактеристики кај одделни сорти на слива | The impact of the freezing process on the nutritional characteristics of certain varieties of plums | Проф. д-р Љубица Каракашова |

ПРЕГЛЕД
НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ ОД УКИМ
ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| **Даниел Вељановски** | **Влијанието на технологијата врз развитокот на филмската уметност** **Impact of the Technology on the Film Art** | **проф. Димитар Грбевски** |
| **Влатко Павлески** | **„Неверство - претстава, со Балрум ( ballroom) танците до артикулација на скриените емоции на ликовите,,** **BETRAYAL – play with Ballroom dances to articulation of hidden emotions of the characters** | **проф.Слободан Унковски** |

# Р Е Ф Е Р А Т

# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ПО ПРЕДМЕТОТ СУДСКА МЕДИЦИНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 132 од Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014 и 130/2014), а во врска со членовите 9, 42, 46 и 48 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник број 274/2013), Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата VII редовна седница одржана на 30.9.2014 година, донесе решение за избор на еден наставник во сите звања по предметот судска медицина и ја формираше Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Алексеј Дума, проф. д-р Биљана Јанеска, проф. д-р Здравко Чакар, проф. д-р Весна Пејоска-Геразова и проф. д-р Зоран Спироски.

На конкурсот објавен на 5.9.2014 година во весниците „Утрински весник“ и „Коха“ се пријави доц. д-р Верица Попоска.

Комисијата, по разгледувањето на доставените документи од пријавената кандидатка, до Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Биографски податоци

Д-р Верица Попоска е родена во Тетово на 5.12.1957 година. Основното и средното образование, како и Медицинскиот факултет ги завршила во Скопје. На Институтот за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија при Медицинскиот факултет во Скопје е вработена во 1990 година, најпрво како лекар, потоа како асистент и во моментов како доцент по предметот судска медицина. Во наставно-научното звање доцент е избрана во 2010 година.

Специјализацијата ја започнала на 1.6.1992 година, а на 29.6.1995 година го положила специјалистичкиот испит по специјалноста судска медицина. Во 1996 година е избрана за асистент по предметот судска медицина.

Јавниот труд на ниво на магистерски труд на тема „Постмортално ладење на телото и времето на настапувањето на смртта“ го одбранила на 29.10.2003 година, под менторство на проф. д-р Биљана Јанеска. Докторската дисертација на тема „Одредување на времето на настапување на смртта во раниот постмортален период“ ја одбранила во јануари 2009 година, под менторство на проф. д-р Биљана Јанеска, со што се стекнала со научниот степен доктор на медицински науки.

**Наставно-образовна дејност**

Доц.д-р Верица Попоска, вработена во Институтот за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија, избрана е за асистент по предметот судска медицина во јуни 1996 година, а реизбрана е во 2000 и во 2003 година. Оттогаш па до денес, активно учествува во изведувањето на практичната настава по предметот судска медицина за студентите на додипломските студии по медицина и стоматологија, како и на додипломските студии за студентите од Факултетот за безбедност. На 25.3.2010 година е избрана за доцент по предметот судска медицина, од кога активно учествува во изведувањето на теоретската настава по предметот судска медицина на Медицинскиот и Стоматолошкиот факултет. Исто така, учествува во изведувањето на теоретската настава по предметот медицинска етика на студентите од Медицинскиот факултет и на Високата школа за медицински сестри, физиотерапевти, логопеди и рендген-технолози.

При евалуацијата од страна на студентите од Медицинскиот факултет е оценета со оценка 9,67 за предметот судска медицина и 9,29 за предметот медицинска етика и деонтологија.

Доц.д-р Верица Попоска е коавтор на Практикум по судска медицина, издаден 2010 година. Подготвила нов предмет, изборен - одредување на времето на настапување на смртта, за студентите на Медицинскиот факултет и учествувала во подготовка на изборен предмет - форензичка хемија, за студентите - постдипломци од Факултетот за безбедност. Била член на комисија за одбрана на докторска дисертација

**Научноистражувачка дејност**

Кандидатката е активно вклучена во научноистражувачката дејност на Институтот за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија.

Учествува во изработката на еден интернационален научен проект кој се изведува во соработка со Колумбија-универзитетот во Њујорк. Во последните пет години учествува во повеќе пленарни предавања на научни/стручни собири.

Автор и коавтор е на 95 труда, печатени во научно/стручни медицински списанија и презентирани на конгреси и стручни состаноци во земјава и во странство. Досега рецензираните трудови се објавени во следниве билтени: 653/1996, 736/1999, 833/2003 и 980/2010.

По изборот за доцент, автор и коавтор е на 18 труда со оригинални научни резултати.

Член е на: Македонско лекарско друштво, Лекарска комора на Македонија, Комора на вештаци на РМ, Здружение на судска медицина на РМ.

**Стручно-апликативна дејност**

Доц.д-р Верица Попоска учествува во експертски активности за евалуација, стручна ревизија и супервизија во рамките на работењето на Одборот за судскомедицински вештачења при Медицинскиот факултет и Институтот за

судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија, при вештачења и супервештачења на кривични и граѓански предмети за потребите на судот.

Учествува во експертски активности за Националниот превентивен механизам при народниот правобранител на РМ со посета на места каде што лицата се лишуваат од слобода или слободата на движење е ограничена.

Воведува нови лабораториски методи во токсиколошката лабораторија на Институтот за судска медицина, криминалистика и медицинска деотлологија.

**Дејности од поширок интерес**

Доц.д-р Верица Попоска е член на Наставен одбор на Медицинскиот факултет, а била и член на комисии за избор во звање.

Член е на Комисија за доделување на наградата „Св.Наум Охридски“ при Лекарската комора на Македонија. Учествува во комисии на ЛКМ за спроведување на усниот дел од стручниот испит на докторите на медицина како член или модератор.

**Членови на Рецензентската комисија**

1. Проф. д-р Алексеј Дума, претседател, с.р
2. Проф. д-р Биљана Јанеска, член, с.р
3. Проф. д-р Здравко Чакар, член, с.р
4. Проф. д-р Весна Пејоска-Геразова, член, с.р
5. Проф. д-р Зоран Спироски, член, с.р

**АНЕКС 2**

**О Б Р А З Е Ц**

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Верица Фидан Попоска
(име, татково име и презиме)

**Институција:** Институт за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** судска медицина

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. бр. | Назив на активноста | Вкупно поени |
|---|---|---|
| 1. | **Одржување на предавања за студенти** | |
| 1.1 | Предавања судска медицина за студенти на Медицински факултет | |
| | 2010 – 2014 година<br>Еден семестар : 25 часа × 2 (А и Б група ) = 50 часа<br>5 години ( 5 семестри ) × 50 часа × 0,04 = 10 | 10 |
| 1.2 | Предавања судска медицина за студенти на Стоматолошки факултет | |
| | 2010 – 2014 година<br>Еден семестар: 20 часа<br>5 години ( 5 семестри ) × 20 часа × 0,04 = 4 | 4 |
| 1.3 | Предавања судска медицина за студенти постдипломци на Факултет за безбедност – Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола | |
| | 2010 - 2014 година<br>Еден семестар : 5 часа<br>5 години ( 5 семестри ) × 5 часа × 0,05 = 1,25 | 1,25 |
| 1.4 | Одржување предавања форензична хемија за студенти постдипломци од Факултет за безбедност – Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола | |
| | 2011 година<br>Еден семестар : 15 часа<br>1 година × 15 часа × 0,05 = 0,75 | 0,75 |
| 1.5 | Едукација на специјализанти ( обдукции, вештачење предмети, изработка на извештаи ) | |
| | Д-р Зоран Вељанов – 20 часа месечно × 36 месеци = 720 часа<br>Д-р Слободан Рогач – 20 часа месечно × 12 месеци = 240 часа<br>960 часа × 0,05 = 48 | 48 |
| 1.6 | Предавања медицинска етика за студенти на Медицински | |

| | | |
|---|---|---|
| | факултет | |
| | 2010 – 2014 година<br>Еден семестар : 4 часа<br>5 години × 4часа × 0,04 = 0,8 | 0,8 |
| 1.7 | Предавања медицинска етика за студенти на Високата школа на Медицински факултет ( медицински сестри, логопеди, физио - терапевти, рендген-технолози ) | |
| | 2010 – 2014 година<br>Еден семестар 4 часа × 4 = 16 часа<br>5 години × 16 часа × 0,04 = 3,2 | 3,2 |
| 2. | Одржување на вежби за студенти | |
| 2.1 | Одржување на вежби за студенти на Медицинскиот факултет | |
| | 2010-2014 година<br>Еден семестар : 25 часа× 2 (А и Б група )= 50 часа<br>5 години (5семестри ) × 50 часа × 0,03 = 7,5 | 7,5 |
| 2.2 | Одржување на вежби за студенти од Стоматолошкиот факултет | |
| | 2010 – 2014 година<br>Еден семестар : 25 часа<br>5 години ( 5 семестри ) × 25 × 0,03 = 3,75 | 3,75 |
| 2.3 | Одржување на вежби за студенти од Факултетот за безбедност | |
| | 2010 – 2011 година<br>Еден семестар : 15 часа<br>2 години ( 2 семестри ) × 15 × 0,03 = 0,9 | 0,9 |
| 2.4 | Изработка на семинарски труд | |
| | Еден семестар – 10 студенти<br>5 години ( 5 семестри ) × 10 × 0,03 = 1,5 | 1,5 |
| 3. | Консултации со студенти | |
| 3.1 | Консултации со студенти на Медицинскиот факултет | |
| | 2010 – 2014 година<br>Еден семестар : 200 студенти<br>5 години ( 5 семестри ) × 200 × 0,002 = 2 | 2 |
| 3.2 | Консултации со студенти на Стоматолошкиот факултет | |
| | 2010 – 2014 година<br>Еден семестар : 100 студенти<br>5 години ( 5 семестри ) × 100 × 0,002 = 1 | 1 |
| 3.3 | Консултации со студенти од Факултетот за безбедност | |
| | 2010 – 2011година<br>Еден семестар : 30 студенти<br>2 години ( 2 семестри ) × 30 × 0,002 = 0,12 | 0,12 |
| 4. | Подготовка на нов предмет | |
| 4.1 | Изборен предмет за студенти на Медицински факултет - Одредување на времето на настапување на смртта | 1 |
| 4.2 | Изборен предмет за студенти постдипломци од Факултетот за безбедност - форензичка хемија | 1 |
| 5. | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат<br>Одбрана на докторат на д-р Златко Јаќовски | 0,5 |
| 6. | Практикум – интерна скрипта од вежби<br>Практикум по судска медицина, 2010 година - коавтор | 3 |
| | **ВКУПНО:** | **90,27** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. бр. | Назив на активноста | Вкупно поени |
|---|---|---|
| 1. | **Учесник во меѓународен научен проект:** „Голциеви студии за шизофренија“, во соработка со Колумбија - универзитетот во Њујорк | 5 |
| 2. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор (по 6 бода + и.ф. )** | |
| | Zlatko Jakovski, Ksenija Nikolova, Biljana Janeska, Zdravko Cakar, Aleksandar Stankov, **Verica Poposka**, Goran Pavlovski and Aleksej Duma.:„Forensic DNA analisis in the identification of human remains in mass graves“ Journal of Clinical Pathology and Forensic Medicine. Vol. 1(1), pp.001-004, March, 2010, Available online http://www.academicjournals.org/JCPFM 60% | 3,6 |
| | **Poposka V**., Janeska B., Gutevska A., Duma A.: „Estimation of Time Since Death Through Electric and Chemical Excitability of Muscles“ Прилози, Одд. Биол. Мед. Науки, XXXII/I s.211-218 (2011). 60% | 3,6 |
| | **Poposka V**., Gutevska A., Stankov A., Pavlovski G., Jakovski Z., Janeska B. „Estimation of Time Since Death by using Algorithm in Early Postmortem Period“ Global Journal of Medical Research Interdiscpinary. Volume 13 Issue 3 Version 1.0. pp.16-25, Year 2013. 60% + 1,041 | 4,2 |
| | **Poposka V**., Jakovski Z., Jankova Ajanovska R., Pavlovski G., Stankov A., Duma A. „Unusual Asphyxial Deaths – Case Reports“ Journal of Advances in Biology. Vol 5, No.1, pp.581-585, July 11, 2014. 60% | 3,6 |
| | **Poposka V**., Davcheva N., Jakovski Z., Jankova-Ajanovska R., Stankov A., Pavlovski G., Janeska B. „Steps in Process of Identification of Skeletonised Corpses – Case Report“ Physioacta, Vol.8-No.1 pp.99-106, 2014 60% | 3,6 |
| 3. | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор ( по 3 бода )** | |
| | Pavlovski G., Nikolova M., **Poposka V**., Stankov A., Jankova-Ajanovska R., Cakar Lj. „The Role of Forensic Radiology in the Process of Forensic Expertise and Investigation“ Second Inernational Conference on Radiation and Dosimetry in Various Fields of Research. RAD 2014. May 27-30.2014, Nis, Serbia. **60 %** | 1,8 |

| 4. | **Учество на научен стручен собир со реферат**<br>**Усна презентација – 1 бод ; Постер – 0,5 бода** | |
|---|---|---|
| | Duma A., Veljanov Z., Janeska B., **Poposka V**., Cakar Z. „Cadaveric Explantation“ 19-th World Meeting of the International Association of Forensic Science (IAFS), Funchal-Madeira-Portugal, 2011. | 1 |
| | Zlatko Jakovski, Renata Jankova-Ajanovska, Ksenija Nikolova, Aleksandar Stankov, **Verica Poposka**, Biljana Janeska, Aleksej Duma. „Efficient and fast method for extraction of DNA from bones and teeth using Prepfiler kit“ the 3rd Inernational Conference on Forensic Genetics, 21st – 23rd May 2012, Lednice, the Czech Republic. | 1 |
| | Zlatko Jakovski, Renata Jankova-Ajanovska, Ksenija Nikolova, Goran Pavlovski, Ljupco Cakar, **Verica Poposka**, Biljana Janeska, Zdravko Cakar, Aleksej Duma. „Forensic DNA identification of missing persons in mass disasters and mass graves“ the 3rd Inernational Conference on Forensic Genetics, 21st – 23rd May 2012, Lednice, the Czech Republic. | 1 |
| | Natasha Davceva, Aleksej Duma, Ljupcho Chakar, Goran Pavlovski, **Verica Poposka**, Biljan Janeska. „The Occurrence of Acute Subdural Hematoma and Diffuse Axonal Injuriy as Two Typical Acceleration Injuries“ 21 International Meeting on Forensic Medicine, Alpe-Adria-Pannonia, Sarajevo, May 30th – June 2nd 2012 | 1 |
| | **Poposka V**., Jakovski Z., Jankova-Ajanovska R., Pavlovski G., Duma A. „Unusual Asphyxial Deaths“ 19-th World Meeting of the International Association of Forensic Science (IAFS), Funchal-Madeira-Portugal, 2011. | 0,5 |
| | Janeska B., **Poposka V**., Veljanov Z., Bitoljanu N., Cakar Z. „Physical and Sexual Abuse of Children in Republic of Macedonia“ 19-th World Meeting of the International Association of Forensic Science (IAFS), Funchal-Madeira-Portugal, 2011. | 0,5 |
| | Janeska B., **Poposka V**., Veljanov Z., Bitoljanu N., Cakar Z. „Physical and Sexual Abuse of Children in Republic of Macedonia“ 19-th World Meeting of the International Association of Forensic Science (IAFS), Funchal-Madeira-Portugal, 2011. | 0,5 |
| | **Verica Poposka**, Natasha Davceva, Zlatko Jakovski, Renata Jankova-Ajanovska, Biljana Janeska, Ksenija Nikolova, Slobodan Rogach. „Identification of two Skeletonised Corpses – Case Report“ 21 International Meeting on Forensic Medicine, Alpe-Adria-Pannonia, Sarajevo, May 30th – June 2nd 2012. | 0,5 |
| | Bujaroska M., Trajcova E., Dika Grueva A., Pavlovski G., **Poposka V**. „Comparative analysis of screening techniques for detection of benzodiazepines in urine – original article“, X- јубилеен симпозиум на Здружението на токсиколози при МЛД и Универзитетската клиника за токсикологија со меѓународно учество, хотел „Пела“, Охрид, Р.Македонија, 7 – 9. 6. 2013. | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | Trajcova E., Bujaroska M., Dika Grueva A., Jankova-Ajanovska R., Pavlovski G., **Poposka V**. „Cyanotoxins-impact on human health and detection in bio material – review“, X- јубилеен симпозиум на Здружението на токсиколози при МЛД и Универзитетската клиника за токсикологија со меѓународно учество, хотел „Пела“, Охрид, Р.Македонија, 7 – 9. 6. 2013.<br><br>Dika Grueva A., Trajchova Kovachovska E., Bujaroska M., Pavlovski G., **Poposka V**., Duma A. „Comparative analysis of screening techniques for detection of some psychoactive substances in urine – original paper“ VI MAFS Coference, 19-21st September 2013, Reggio Calabria, Italy.<br><br>Pavlovski G., Nikolova M., **Poposka V**., Stankov A., Jankova-Ajanovska R., Cakar Lj. „The Role of Forensic Radiology in the Process of Forensic Expertise and Investigation“ Second Inernational Conference on Radiation and Dosimetry in Various Fields of Research. RAD 2014. May 27-30.2014, Nis, Serbia.<br><br>Z. Jakovski, R.Jankova Ajanovska, **V. Poposka**, B.Janeska, A. Duma. „Serial Killers Identiffied with DNA” Abstract Book. P50. DNA in Forensics - Brussels 14-10 May 2014. | 0,5<br><br>0,5<br><br>0,5<br><br>0,5 |
| 5. | **Апстракти објавени во зборник на конференција**<br>**Меѓународна – 1 бод ; Национална – 0,5 бода** | |
| | **Poposka V**., Jakovski Z., Jankova-Ajanovska R., Pavlovski G., Duma A. „Unusual Asphyxial Deaths“ 19-th World Meeting of the International Association of Forensic Science (IAFS), Funchal-Madeira-Portugal, 2011.<br><br>Janeska B., **Poposka V**., Veljanov Z., Bitoljanu N., Cakar Z. „Physical and Sexual Abuse of Children in Republic of Macedonia“ 19-th World Meeting of the International Association of Forensic Science (IAFS), Funchal-Madeira-Portugal, 2011.<br><br>Duma A., Veljanov Z., Janeska B., **Poposka V**., Cakar Z. „Cadaveric Explantation“ 19-th World Meeting of the International Association of Forensic Science (IAFS), Funchal-Madeira-Portugal, 2011.<br><br>Cakar L., Stankov A., **Poposka V**., Jankova-Ajanovska., Duma A. „Analysis of the Low Jaw in the Act of Identification“ 19-th World Meeting of the International Association of Forensic Science (IAFS), Funchal-Madeira-Portugal, 2011.<br><br>Zlatko Jakovski, Renata Jankova-Ajanovska, Ksenija Nikolova, Aleksandar Stankov, **Verica Poposka**, Biljana Janeska, Aleksej Duma. „Efficient and fast method for extraction of DNA from bones and teeth using Prepfiler kit“ the 3rd Inernational Conference on Forensic Genetics, 21st – 23rd May 2012, Lednice, the Czech Republic.<br><br>Zlatko Jakovski, Renata Jankova-Ajanovska, Ksenija Nikolova, Goran Pavlovski, Ljupco Cakar, **Verica Poposka**, Biljana Janeska, Zdravko | 1<br><br>1<br><br>1<br><br>1<br><br>1<br><br>1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Cakar, Aleksej Duma. „Forensic DNA identification of missing persons in mass disasters and mass graves" the 3rd Inernational Conference on Forensic Genetics, 21st – 23rd May 2012, Lednice, the Czech Republic.<br><br>Natasha Davceva, Aleksej Duma, Ljupcho Chakar, Goran Pavlovski, **Verica Poposka**, Biljan Janeska. „The Occurrence of Acute Subdural Hematoma and Diffuse Axonal Injuriy as Two Typical Acceleration Injuries" 21 International Meeting on Forensic Medicine, Alpe-Adria-Pannonia, Sarajevo, May 30th – June 2nd 2012.<br><br>Pavlovski G., Nikolova M., **Poposka V**., Stankov A., Jankova-Ajanovska R., Cakar Lj. „The Role of Forensic Radiology in the Process of Forensic Expertise and Investigation" Second Inernational Conference on Radiation and Dosimetry in Various Fields of Research. RAD 2014. May 27-30.2014, Nis, Serbia.<br><br>Z. Jakovski, R.Jankova Ajanovska, **V. Poposka**, B.Janeska, A. Duma. „Serial Killers Identiffied with DNA" Abstract Book. P50. DNA in Forensics - Brussels 14-10 May 2014. | <br><br><br>1<br><br><br>1<br><br><br>1 |
| 6. | **Секциско предавање (семинар) на научен/ стручен собир- по 1 бод** | |
| 6.1<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>6.2 | Предавање на тема: „ Судскомедицинска експертиза и обезбедување материјални докази во тек на увидот на местото на настанот/обезбедување и квалитет на медицинската документација во судскомедицинското вештачење", организирано од Академијата на судии и јавни обвинители на РМ – Скопје, 21 февруари 2012 година, Скопје.<br><br>Доц.д-р Верица Попоска/ас.д-р Александар Станков: „Учество на експерт по судска медицина на увидот на местото на настанот, неговата улога и задача".<br><br>Доц.д-р Верица Попоска/ас.д-р Александар Станков: „Индикации за судскомедицинска обдукција, природна и насилна смрт, причина за смрт и видови на смрт".<br><br>Доц.д-р Верица Попоска/ас.д-р Александар Станков: „Изглед и содржина на наредба за обдукција, протокол од судскомедицинска обдукција и судскомедицинско вештачење".<br><br>Предавање на тема: „ Судскомедицинска експертиза и обезбедување материјални докази во тек на увидот на местото на настанот/обезбедување и квалитет на медицинската документација во судскомедицинското вештачење", организирано од Академијата на судии и јавни обвинители на РМ – Скопје, 20 април 2012 година, Штип. | <br><br><br><br><br><br>1<br><br>1<br><br>1<br><br><br>1 |
| | **ВКУПНО:** | **46,9** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. бр. | Назив на активноста | Вкупно поени |
|---|---|---|
| 1. | **Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија – по 1 бод** | |
| 1.1<br><br><br><br><br><br><br>1.2<br><br><br><br><br><br><br>1.3 | Вештачења и супервештачења на кривични и парнични предмети за потребите на судот како член на комисија формирана од Одборот за судскомедицински вештачења при Медицинскиот факултет во Скопје. Решение на Одборот за судскомедицински вештачења број: 0211/450-12/11, 0211/451-13/11, 0211/487-19/12, 0211/509-3/13, 0211/518-12/13, 0211/481-13/12, 0211/537-6/14, 0211/542-11/14 (8 предмета по 1 бод = 8)<br><br>Вештачење и супервештачење на кривични и парнични предмети против здравствени работници и здравствени установи за потребите на судот како член на комисија од вешти лица од Институтот за судска медицина при Медицинскиот факултет во Скопје. Предмети со број: 1301-401/10, 1301-952/10, 1301-446/11, 1301-702/11, 1301-1314/12 (5 предмети по 1 бод = 5 бода)<br><br>Експертски активности за Националниот превентивен механизам при Народниот правобранител на РМ со превентивни и ненајавени посети на места каде што лицата се лишуваат од слобода/или слободата на движење е ограничена. Посета на Психијатриска болница Негорци, Психијатриска болница Демир Хисар, КПД Идризово, КПД Штип, КПД Прилеп. ( 5 експертски активности по 1 бод = 5 бода) | 8<br><br><br><br><br><br><br><br>5<br><br><br><br><br><br>5 |
| 2. | **Воведување нова лабораториска/клиничка метода** | |
| 2.1<br><br><br><br><br>2.2 | Првпат во државата воведена метода – 4 бода<br><br>BAT – Biochip Array Technology – скрининг на лекови и психоактивни супстанции во крв и урина на инструмент Evidence Investigator – Randox<br><br>Прв пат на Институтот за судска медицина – 1 бод<br><br>Квантитативно одредување на етил алкохол во крв и урина со гасна хроматографија со пламен- јонизирачка детекција и head space-систем, инструмент GC/FID – Shimadzu<br><br>Цврсто- фазна екстракциона метода со користење комерцијално произведени колони за цврсто- фазна екстракција за кисели, базни и неутрални супстанции<br><br>Идентификација на лекови и психоактивни супстанции во урина со on-line екстракција со течна хроматографија и детектор со низ диоди, на инструмент со сопствена библиотека кој функционира како затворен систем HPLC-DAD, TOX.I.S – Shimadzu | 4<br><br><br><br>1<br><br><br>1<br><br><br><br>1 |
| 3. | **Превод на дел од книга (стручна редакција) –** 1 бод<br><br>Стручна редакција на дел од книгата „Форензичка патологија“ од Винсент Џ Димајо и Доминик Димајо (проект на владата на РМ), Табернакул, 2010 | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 4. | **Раководител на лабораторија –** 1 бод<br>Раководител на токсиколошка лабораторија на Институтот за судска медицина | 1 |
| 5. | **Завршена специјализација во областа на медицинските науки –** 2 бод<br>Завршена специјализација по судска медицина | 2 |
| | **Дејности од поширок интерес** | |
| 6. | **Член на факултетска комисија** - 0,5 бода<br>Член на наставен одбор на Медицински факултет - Скопје од 22.10.2013год | 0,5 |
| 7. | **Член на комисија за избор во звање** – 0,2<br>Член на рецензентска комисија за преизбор на еден помлад асистент, решение број 02-7526 од 22.11.2010 год<br>Член на рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања, решение број 02-1081/8 од 15.03.2012 год | 0,4 |
| 8. | **Учество во комисии и тела на државни и други органи –** 1 бод | |
| 8.1<br><br>8.2 | Член на Комисија за доделување на наградата „Св.Наум Охридски“ при Лекарската комора на Македонија<br><br>Учество во Комисија ( модератор/ член ) на ЛКМ за спроведување на усниот дел од стручниот испит на докторите на медицина – 5 пати | 1<br><br>5 |
| 9. | **Подготовка на национални документи ( стратегии, закони и сл. ) –** 2 бода<br>Учесник при изработка на Предлог- закон за формирање на служба за преглед на умрени лица на ниво на Р. Македонија | 2 |
| | **ВКУПНО:** | **37,9** |

## Вкупно

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **90,27** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **46,9** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **37,9** |
| **ВКУПНО** | **175,07** |

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на извршениот увид во доставената документација, образецот кон извештајот за избор и досегашното познавање на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на кандидатката, како и извршената рецензија на доставените стручно-научни трудови, Рецензентската комисија цени дека кандидатката ги исполнува условите предвидени за избор и му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје да ја избере доц.д-р Верица Попоска во звањето вонреден професор по предметот судска Медицина.

**Членови на Рецензентската комисија**

1. Проф. д-р Алексеј Дума, претседател, с.р
2. Проф. д-р Биљана Јанеска, член, с.р
3. Проф. д-р Здравко Чакар, член, с.р
4. Проф. д-р Весна Пејоска-Геразова, член, с.р
5. Проф. д-р Зоран Спироски, член, с.р

**Преглед**
**на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања - Скопје**

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** |
|---|---|---|
| **Татјана Милојевиќ** | **Специфични практики за развој на менаџери во Пензиските друштва во Република Македонија**<br><br>**Specific practices for development of managers in the pension companies in the Republic of Macedonia** | **проф. д-р Мирјана Борота Поповска** |
| **Елка Јошевска** | **Ефикасноста и ефективноста на ХРИС во одделите за човечки ресурси**<br><br>**Efficiency and effectiveness of HRIS in the HR departments** | **доц. д-р Марија Топузовска Латковиќ** |
| **Слаѓана Стојановска** | **Цената на работната сила во Република Македонија**<br><br>**The cost of labor force in the Republic of Macedonia** | **проф.д-р Јорде Јаќимовски** |
| **Маја Страчкова** | **Карактеристики на интерперсоналната комуникација на жената - менаџер во македонското деловно опкружување**<br><br>**Characteristics of interpersonal communication of women managers in the Macedonian business environment** | **доц. д-р Маријана Марковиќ** |

П р е г л е д
на пријавени и прифатени теми за изработка на **магистерски труд по козметологија** на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, **Фармацевтски факултет**

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Венера Комони | Колоидни системи како носач на активни супстанции во препарати за третман на акни | Проф. д-р Марија Главаш Додов |
| | Colloidal carrier systems for topical treatment of acne | |

**П Р Е Г Л Е Д**

На пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски труд на УКИМ-Шумарски факултет во Скопје

| **Ред.бр.** | **Кандидат** | **Наслов на тема за изработка на магистерски труд** | **Ментор** |
|---|---|---|---|
| 1. | Дипл.шум.инж. Смиљка Тенева | „Биоеколошки и морфолошки карактеристики на црниот бор(Pinus nigra Arn.)на локалитетот Стрезимир во Националниот парк Маврово“ | Проф.д-р Јане Ацевски |
| 1. | Eng. Smiljka Teneva | „Bioecological and morphological characteristics of  black pine (Pinus nigra Arn.)on the locality of Strezimir in the Nationaql Park Mavrovo“ | Prof. Jane Acevski |

**ПРЕГЛЕД**

на пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за ликовни уметности во Скопје

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** |
|---|---|---|
| Томовски Ѓорѓи<br>-----------------------------<br><br>**Англиски превод:** | Напластени искуствени слоеви<br>--------------------------------------------<br><br>**Pilled layers of experience** | Проф. м-р Антони Мазневски |

# Р Е Ф Е Р А Т

# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ПО НАСТАВНИТЕ ПРЕДМЕТИ КОНТРАБАС- ПОПУЛАРНИ ЖАНРОВИ И ГРУПА НАСТАВНИ ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ПОПУЛАРНИТЕ ЖАНРОВИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ – СКОПЈЕ, БЕЗ ЗАСНОВАЊЕ РАБОТЕН ОДНОС

Наставно - научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност - Скопје, на седницата одржана на 7.7.2014 година, донесе Одлука за формирање Рецензентска комисија во состав: проф. Велко Тодевски, проф. м- р Кире Костов и доц. м-р Александра Поповска за оцена на кандидатот м-р Кирил Туфекчиевски, пријавен на конкурсот за избор на еден наставник во сите наставно - научни знања по наставните предмети контрабас- популарни жанрови и по група наставни предмети од областа на популарните жанрови на Факултетот за музичка уметност- Скопје, без засновање работен однос, објавен во дневните весници “Дневник” и ” Лајм“ на 25.6.2014 година.

По разгледувањето на доставената документација, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Биографски податоци

Кирил Туфекчиевски е роден на 18.1.1983 во Скопје, Република Македонија. Во средношколските денови членувал во повеќе македонски младински рок-бендови и соработувал со разни изведувачи (“Краен рок”, “Поп револт”, Биба Додева и други) , а како бас-гитарист на групата “Ак’л” ги освоил првите места на регионално најпознатите младински поп-рок фестивали во 90-тите – “Поп рок фест” и “Февруарски рок поход.” Неговиот музички интерес понатаму се развивал кон областа на класичната музика и џезот, вклучувајќи го и контрабасот покрај бас-гитарата.

Во 2002 година се запишал на Факултетот за музичка уметност во Скопје, на инструменталниот оддел по контрабас, во класата на проф. Велко Тодевски. Покрај студиите, Кирил во овој период членувал и во повеќе оркестри на класична музика со кои концертирал во земјава и во странство (Оркестарот при ФМУ, Оркестарот при Музичката младина на Македонија, Оркестарот при Дом на

градежници, Швајцарскиот студентски оркестар и др.). За време на студиите посетувал и семинари по контрабас, во Македонија и во странство (Меѓународниот семинар за контрабас во Чуприја, предводен од проф. Алберто Бочини и проф. Зоран Маркович во 2006 година, Семинарот за контрабас одржан во Бар, 2005 година), на кои се стекнува со дополнително искуство и нови вештини на изведувачката техника.

По завршувањето на Факултетот во Скопје, Кирил Туфекчиевски своето образование го продолжил во Грац, на Одделот за џез-контрабас на Универзитетот за музика и применета уметност (*Kunst Uni Graz*), во класата на едно од водечките имиња од современата џез сцена, проф. Вејн Дарлинг и e-bass кај проф. Хуан Гарсиа Херерос (октомври 2008 – јуни 2013). Носејќи ја репутацијата на еден од престижните универзитети од областа на џез-музиката во Европа каде што семинари држат низа реномирани професори и музичари од светот, Туфекчиевски имал можност да се запознае и да учествува на семинари држени од страна на: Џон Аберкромби, Боб Брукмаер, Лин Ситан, Адам Нусбам, Били Харт, Куртис Фулер, Џери Бергонзи, Дик Оутс, Дејв Санторо, Карл Хајнциг, Џими Коб, Ед Соф, Бери Филипс, Џеф Балард, Фред Хрч, Лери Голдингс, Бил Стјуарт, Питер Бернштајн и др. Учествувал и на *IASJ Jazz Meeting 2012*, кој бил организиран од страна на International *Association of Schools of Jazz* и предводен од Дејв Либман. За време на престојот во Грац, Туфекчиевски соработувал со повеќе музичари од светот настапувајќи во различни клубови во Грац и околината (*Manuel Wallners Caravan*, Душан Ковачевич Трио, Лубош Бртан Квинтет). Настапувал и со својот сопствен бенд, Кирил Туфекчиевски-трио, со кој го извел и снимил и својот дипломски концерт по што дипломирал со почести cum laude (титула која според статистиката во Австрија ја добива само еден на 2500 дипломирани студенти). Додека студирал, членувал и во водечкиот ансамбл во рамките на Универзитетот во Грац- *KUG Jazz Orchestra*, како и во *KUG Composers Ensemble* (интернационален ансамбл во кој акцентот е на компонирање и оркестрација, вклучувајќи импровизација и комбинирање на елементи од џезот и класичната музика).

Во 2013 година, Туфекчиевски ги завршил магистерските студии по контрабас на Факултетот за музичка уметност во Скопје, под менторство на проф. Велко Тодевски.

Почнувајќи од 2003 година, па до денес, Кирил Туфекчиевски членувал во џез-составот „Летечки пекинезери“ со кој снимил 2 албума *Летечки пекинезери* (2010/2011) и *Dog Show* (2014), поддржани од продуцентската куќа SJF Records – Скопски џез-фестивал. Реализирал бројни настапи во земјава и во странство, меѓу

кои: неколку самостојни концерти во МКЦ „Фросина“, концерт во Центарот за култура „Браќа Миладиновци“ во Струга, концерт во Македонскиот културен центар во Њујорк, концерт во Луксембург, во рамки на традиционалниот фестивал *Blues’n Jazz Rallye,* концерт во Црна Гора на *Petrovac Jazz Festival 2011.* Земал учество и на настапи во рамки на разни културни манифестации во земјата, како: Ден на џезот 2014, клуб МКЦ, Фестивал за креативни индустрии Скопје Креатива, Skopje Design Week – Куршумли-ан - 2013, концерт во претседателската резиденција за поддршка на Џез ФМ радио итн.

Со својот сопствен состав, „Кирил Туфекчиевски-трио“, во 2013 година го снимил материјалот под наслов *How My Heart Sings.* Во триото членува и денес, а често соработува и со „Иван Иванов квартет, Анета Качуркова (2012 - снимен албум Universal Love, *M-Sol Records*), Yiafka Playground 3 – Грција (концертна турнеја - 2012), Тони „Китановски трио“, составот Season Sessions, Swingers, Dave Wilson septet (2014, снимен албум во процес на издавање) и многу други.

М-р Кирил Туфекчиевски остварил просечен успех од 8,57 на првиот циклус студии при Фкултетот за музичка уметност - Скопје, просечен успех од 2,1 на Универзитетот за музика и сценска уметност во Грац и просечен успех од 10,00 на вториот циклус студии.

М-р Кирил Туфекчиевски, по покана на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност-Скопје, а со согласност на Ректорската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, како афирмиран уметник учествуваше во изведувањето на настава по наставните предмети контрабас-популарни жанрови и ансамбли во учебната 2012/2013 година.

М-р Кирил Туфекчиевски остварил позитивна оценка од самоевалуацијата, добиена врз основа на спроведените анкети на студентите.

## Уметничка дејност

**2009:**
Април, целовечерен концерт со камерен (џез) ансамбл „Т’га за југ“, Клуб „Мала станица“, Скопје
**2010:**
Април, целовечерен концерт со камерен (џез) ансамбл „Gipsy Swing“ во Ritter, Graz
Октомври, целовечерен концерт со камерен (џез) ансамбл „Manuel Wallners Caravan Live“ во Karl Franz, Graz
**2012:**
Април, целовечерен концерт со камерен (џез) ансамбл „Spring Session“, Клуб „Менада“, Скопје

Мај, целовечерен концерт со камерен (џез) ансамбл „Иван Иванов-квартет“, Wild Flower, МКЦ , Скопје
Јули, целовечерен концерт со камерен (џез) ансамбл „Summer Session“, Клуб „Менада“, Скопје
Август, целовечерен концерт со камерен (џез) ансамбл „Тони Китановски-трио“, Клуб „Менада“, Скопје
Декември, целовечерен концерт со камерен (џез) ансамбл „Летечки пекинезери“, Dog Show, MC-Gallery New York
Декември, целовечерен концерт со камерен (џез) ансамбл „The Christmas Gipsy Swing Session“, Miles - Graz
Декември, целовечерен концерт со камерен (џез) ансамбл Yiafka Playground 3,концертната сала во Волос, Грција
Декември, целовечерен концерт со камерен (џез) ансамбл „Winter Session“, Клуб „Менада“, Скопје
**2013:**
Февруари, целовечерен концерт со камерен (џез) ансамбл „Кирил Туфекчиевски-Секстет“, How My Heart Sings, Клуб „Менада“, Скопје
Април, целовечерен концерт со камерен (џез) ансамбл Fabian Fisher Trio, Клуб Менада, Скопје
Април, целовечерен концерт со камерен (џез) ансамбл „Иван Иванов-квартет“, Live Concert, Порта џез, Битола
Јуни, солистички концерт со камерен оркестар „Кирил Туфечиевски-трио“, How My Heart Sings, Mo. Xx. Wist Graz
Јули, целовечерен концерт со камерен (џез) ансамбл „Летечки пекинезери“, фестивал Blues'n Jazz Rallye, Луксембуг
Јули, целовечерен концерт со камерен (џез) ансамбл „Swingers“, Клуб „Менада“, Скопје
Септември, солистички полурецитал Кирил Туфекчиевски, Концертна сала-хотел „Силекс“, Охрид
Ноември, целовечерен концерт со камерен (џез) ансамбл „Jazz Sextet“, Клуб „Менада“, Скопје
Декември, целовечерен концерт со камерен (џез) ансамбл „Jazz Quartet“, Клуб „Менада“, Скопје
Декември, целовечерен концерт со камерен (џез) ансамбл „Иван Иванов-квартет“, The New Macedonian Progressive Jazz, Астибо џез-фестивал, Штип
**2014:**
Април, целовечерен концерт со камерен (џез) ансамбл (Jovica Jovanovski Trio, Клуб Магор, Скопје
Април, целовечерен концерт со Дувачки Оркестар – АРМ, Денови на македонската музика, Македонската опера и балет, Скопје
Мај, целовечерен концерт со камерен (џез) ансамбл „Анета Качуркова-трио“, Клуб „Hauz Bar“, Битола

Јуни, целовечерен концерт со камерен ансамбл Garth Paine, Sonic Alchemies, Даут-пашин амам, Скопје

**<u>Дискографија:</u>**

**2003:** ЦД-албум, „Поп револт“ (2003) – self-release music online.
**2011:** ЦД-албум, „Летечки пекинезери“, *SJF Records – Скопски џез-фестивал.*
**2013:**ЦД-албум, „Кирил Туфекчиевски-трио“, How My Heart Sings (во подготовка за издавање).
**2014:** ЦД-албум, Анета Качуркова, Universal Love*, M-Sol Records.*
**2014:** ЦД-албум, „Летечки пекинезери“, Dog Show*, SJF Records – Скопски џез-фестивал* (во подготовка за издавање).
**2014:**ЦД-албум, „Dave Wilson septet“ (во подготовка за издавање).

## ЗАКЛУЧОК

По разгледувањето на доставената документација и следењето на уметничката дејност на кандидатот м-р Кирил Туфекчиевски, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност - Скопје да го избере м-р Кирил Туфекчиевски за наставник по наставните предмети: контрабас- популарни жанрови и по група наставни предмети од областа на популарните жанрови, без засновање работен однос, во звањето доцент.

Членови на Рецензентската комисија

Проф. Велко Тодевски с.р.

Проф. м- р Кире Костов с.р.

Доц. м- р Александра Поповска с.р.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО,**

**НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Кирил Туфекчиевски**
**Институција:**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј”- Скопје, Факултет за музичка уметност- Скопје**
**Научна област: контрабас – популарни жанрови**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | | |
| | **Вкупно** | |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | | |
| | **Вкупно** | |

**СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Солистички концерт со камерен оркестар"How My Heart Sings" , „Кирил Туфекчиевски-трио“ Mo. Xx. Wist Graz 27.06.2013 | 8 |
| 2. | Издадено ЦД "Universal Love" Анета Качуркова, издадено од M-Sol Records 2014 | 8 |
| 3. | Издадено ЦД "Летечки пекинезери", издадено од SJF Records, 2011 | 8 |
| 4. | Солистички полурецитал "Кирил Туфекчиевски" Концертна сала-хотел „Силекс“ – Охрид, 15.9.2013 | 4 |
| 5. | Создадено и неизведено камерно дело за „Тромбон квартет“ со Ритам секција – "Attic" | 3 |
| 6. | Создадено и неизведено дело за Big Band – "Remember" | 3 |
| 7. | Член на камерен ансамбл "Garth Paine" 'Sonic Alchemies', целовечерен концерт во Даутпашин амам, 26.6.2014 | 2 |
| 8. | Член на камерен (џез) ансамбл (Иван Иванов Квартет), програма "Wild Flower", целовечерен концерт, 23.5.2012 МКЦ, Скопје | 2 |
| 9. | Член на камерен (џез) ансамбл (Иван Иванов Квартет), програма "The New Macedonian Progressive Jazz", целовечерен концерт. 13.12.2013, Астибо џез-фестивал, Штип | 2 |
| 10. | Член на камерен (џез) ансамбл (Manuel Wallners Caravan Live), целовечерен концерт во Karl Franz – Graz, 22.10.2010 | 2 |
| 11. | Член на камерен (џез) ансамбл (The Christmas Gipsy Swing Session), целовечерен концерт во Miles – Graz, 13.12.2012 | 2 |
| 12. | Член на камерен (џез) ансамбл (Gipsy Swing), целовечерен концерт во Ritter – Graz, 24.4.2010 | 2 |
| 13. | Член на камерен (џез) ансамбл (Летечки пекинезери)"Dog Show", целовечерен концерт во MC-Gallery New York, 1.12.2012 | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 14. | Член на камерен (џез) ансамбл (Иван Иванов Квартет), “Live Concert”, целовечерен концерт, 30.4.2013, Porta Jazz - Bitola | 2 |
| 15. | Член на камерен (џез) ансамбл (Летечки пекинезери), целовечерен концерт на фестивал во Луксембуг „Blues'n Jazz Rallye“, 20.7.2013 | 2 |
| 16. | Член на камерен (џез) ансамбл (Yiafka Playground 3), целовечерен концерт во концертната сала во Волос, Грција, 21.12.2012 | 2 |
| 17. | Член на камерен (џез) ансамбл (Summer Session), целовечерен концерт во Клуб „Менада“, 27.7.2012 | 2 |
| 18. | Член на камерен (џез) ансамбл (Spring Session), целовечерен концерт во Клуб „Менада“, 6.4.2012 | 2 |
| 19. | Член на камерен (џез) ансамбл (Winter Session), целовечерен концерт во Клуб „Менада“, 27.12.2012 | 2 |
| 20. | Член на камерен (џез) ансамбл (Fabian Fisher Trio), целовечерен концерт во Клуб „Менада“, 9.4.2013 | 2 |
| 21. | Член на камерен (џез) ансамбл (How My Heart Sings), Кирил Туфекчиевски секстет, целовечерен концерт во Клуб „Менада“, 28.2.2013 | 2 |
| 22. | Член на камерен (џез) ансамбл („Тони Китановски-трио“) целовечерен концерт во Клуб „Менада“, 17.8.2012 | 2 |
| 23. | Член на камерен (џез) ансамбл (Jazz Quartet), целовечерен концерт во Клуб „Менада“, 6.12.2013 | 2 |
| 24. | Член на камерен (џез) ансамбл (Jazz Sextet), целовечерен концерт во Клуб „Менада“, 11.18.2013 | 2 |
| 25. | Член на камерен (џез) ансамбл (Swingers), целовечерен концерт во Клуб „Менада“, 25.7.2013 | 2 |
| 26. | Член на камерен (џез) ансамбл (Jovica Jovanovski Trio), целовечерен концерт во Клиб „Магор“, 4.4.2014 | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 27. | Член на камерен (џез) ансамбл („Т'га за југ“), целовечерен концерт во Клуб „Мала Станица“, 11.4.2009 | 2 |
| 28. | Член на камерен (џез) ансамбл („Анета Качуркова-трио“), целовечерен концерт во Клуб Hauz Bar, 23.5.2014 | 2 |
| 29. | Член на камерен оркестар (Дувачки оркестар - АРМ), целовечерен концерт во Македонската опера и балет на Денови на македонската музика, 14.4.2014 | 1 |
| | **Вкупно** | **79** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | Поени |
|---|---|
| СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ | 79 |
| **Вкупно** | **79** |

Членови на Рецензентската комисија

Проф. Велко Тодевски с.р.

Проф. м- р Кире Костов с.р.

Доц. м- р Александра Поповска с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ
**„ УЛОГАТА НА КОМЕРЦИЈАЛНИТЕ БАНКИ ВО ФИНАНСИРАЊЕТО НА РЕАЛНИОТ СЕКТОР ВО УСЛОВИ НА НИСКА АКУМУЛАТИВНА СПОСОБНОСТ И НАРУШЕНА ЛИКВИДНОСНА ПОЗИЦИЈА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА"** ОД КАНДИДАТОТ **М-Р ЈОВАН АВРАМОСКИ**,
ПОДНЕСЕНА ДО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ - СКОПЈЕ

Врз основа на член 241 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а во врска со поднесената докторска дисертација од кандидатката **м-р Јован Аврамоски** под наслов: **УЛОГАТА НА КОМЕРЦИЈАЛНИТЕ БАНКИ ВО ФИНАНСИРАЊЕТО НА РЕАЛНИОТ СЕКТОР ВО УСЛОВИ НА НИСКА АКУМУЛАТИВНА СПОСОБНОСТ И НАРУШЕНА ЛИКВИДНОСНА ПОЗИЦИЈА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**, Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, на 107. седница одржана на 27.6.2014 година, донесе Одлука бр. 02-1281/2 од 2.7. 2014 година, за формирање на Комисија за оцена на трудот, во состав:

1. д-р Марија Ацковска
2. д-р Биљана Ангелова
3. д-р Неда Петроска Ангеловска
4. д-р Диана Бошковска
5. д-р Искра Станчева Гигов

Членовите на Комисијата со потребното внимание ја прочитаа поднесената докторска дисертација **УЛОГАТА НА КОМЕРЦИЈАЛНИТЕ БАНКИ ВО ФИНАНСИРАЊЕТО НА РЕАЛНИОТ СЕКТОР ВО УСЛОВИ НА НИСКА АКУМУЛАТИВНА СПОСОБНОСТ И НАРУШЕНА ЛИКВИДНОСНА ПОЗИЦИЈА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** од кандидатот **м-р Јован Аврамоски** и на Научниот совет на Економскиот институт во Скопје му го доставуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1.Општи напомени

Докторската дисертација од кандидатот **м-р Јован Аврамоски** на тема: **УЛОГАТА НА КОМЕРЦИЈАЛНИТЕ БАНКИ ВО ФИНАНСИРАЊЕТО НА РЕАЛНИОТ СЕКТОР ВО УСЛОВИ НА НИСКА АКУМУЛАТИВНА СПОСОБНОСТ И НАРУШЕНА ЛИКВИДНОСНА ПОЗИЦИЈА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**, обработува

интересна и мошне актуелна проблематика со големо значење за современиот развој на Република Македонија.

Научното истражување во докторската дисертација тргнува од стојалиштето дека реалниот сектор во Република Македонија во последните две децении се соочува со ниска акумулативна способност и нарушена ликвидносна позиција. За време на транзицијата, продуктивноста на претпријатијата и способноста за остварување на позитивен резултат значително се намали. Големите државни претпријатија кои се приватизираа се соочија со губење на пазарите, негативни финансиски резултати и неможност да издвојат средства за амортизација, намалена ликвидност и несолвентност. Новоформираните приватни претпријатија по својата големина не се во можност со средствата на сопствениците да приберат доволно капитал за да го финансираат својот раст, кој, пак, од друга страна ги апсорбира и средствата за тековните ликвидносни потреби.

Во таков контекст кредитирањето од страна на комерцијалните банки е основен извор за финансирање на долгорочниот раст на претпријатијата, како и краткорочните ликвидносни потреби. Кредитирањето е значајно за претпријатијата за обезбедување на средства за инвестициони проекти и задоволување на краткорочни ликвидносни потреби. Сепак, и банките во ситуација на зголемено ниво на ненаплатливи кредити, немање на солидни развојни проекти и неможноста на претпријатијата да заложат здрав колатерал, често не се решаваат да ги финансираат претпријатијата или, пак, тоа го прават под неповолни услови.

Исто така, во трудот се потенцира дека големо значење во унапредувањето на финансирањето на претпријатијата има и поставеноста на системот и инструментите кои претпријатијата можат да ги користат за таа намена. Во таа насока, државата може да биде главен катализатор за успешно работење на претпријатијата. Банките континуирано мора да го подобруваат својот капацитет и условите за поддршка на претпријатијата со кредити, со цел да се овозможи нивно успешно работење и нивен раст.

При изработката на докторската дисертација, согласно со природата на истражувањето, користена е соодветна методологија заснована на повеќе научни методи и понудени се релевантни аргументи за докажување на научната хипотеза и исполнување на научните цели на истражувањето.

## 2. Содржина на дисертацијата

Докторската дисертација под наслов УЛОГАТА НА КОМЕРЦИЈАЛНИТЕ БАНКИ ВО ФИНАНСИРАЊЕТО НА РЕАЛНИОТ СЕКТОР ВО УСЛОВИ НА НИСКА АКУМУЛАТИВНА СПОСОБНОСТ И НАРУШЕНА ЛИКВИДНОСНА ПОЗИЦИЈА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, поднесена од кандидатот м-р Јован Аврамоски, е систематизирана во вовед, четири поглавја и заклучок. Докторската дисертација има вкупно 244 страници, од кои на основниот текст на трудот се однесуваат 215 страници. Во трудот се поместени голем број на табели и графикони, а приложениот преглед на користената литература се состои од голем број релевантни библиографски единици од реномирани домашни и странски автори.

***Воведот*** се однесува на актуелноста на проблематиката која е предмет на истражување. Во него е презентирана и кратка содржина на материјата која се обработува и се елаборираат целите и предметот на истражувањето. Во овој дел, кандидатката посебено ги акцентира методите на научноистражувачката работа кои се користат во насока на добивање на очекуваните резултати и постигнување на целите на истражувањето.

***Во првата глава*** од трудот, акцентот е ставен на кредитните пласмани на комерцијалните банки во реалниот сектор во Република Македонија. Покрај теоретските аспекти на кредитните пласмани, анализирана е и кредитната политика на комерцијалните банки и видовите банкарски кредити наменети за претпријатијата од реалниот сектор. Освен тоа, анализирани се и состојбите со реализираните кредити во реалниот сектор, ефектите од финансиската криза врз кредитната политика на комерцијалните банки и алтернативните извори на финансирање на претпријатијата.

***Во втората глава,*** тежиштето се става на акумулативната способност на претпријатијата од реалниот сектор во Република Македонија. При тоа, покрај теоретското определување на акумулативната способност и анализа на основните детерминанти кои влијаат врз обемот и структурата на акумулацијата, се разгледуваат и тековните состојби со акумулацијата на претпријатијата во реалниот сектор во Република Македонија. Во овој дел, исто така се разгледуваат и акумулацијата и нејзиното влијание врз репродуктивната способност на претпријатијата, ниската акумулативна способност како ограничувачки фактор за интерниот раст на претпријатијата и улогата на комерцијалните банки за обезбедување на дополнителни извори на финансирање.

***Во третата глава*** се анализира ликвидноста на претпријатијата во реалниот сектор. Покрај теоретското определување на ликвидноста и нејзините видови и показатели на ликвидност, овде се анализира и тековната состојба со ликвидноста на претпријатијата од реалниот сектор во Република Македонија. Исто така се укажува и на можностите за надминување на ликвидносните проблеми и особено на управувањето со ликвидноста во услови на криза. При сето тоа се разгледува и улогата на комерцијалните банки за обезбедување на дополнителни извори на финансирање на ликвидноста на претпријатијата од реалниот сектор.

***Четвртата глава*** е посветена на препораките за унапредување на состојбите во реалниот сектор преку обезбедување на дополнителни финансиски средства од комерцијалните банки во Република Македонија. При тоа се укажува и на институционалните мерки за подобрување на состојбата со финансирањето на реалниот сектор, но и на мерките на ниво на банкарскиот сектор во функција на подобрување на условите за кредитирање на претпријатијата.

Во ***заклучните согледувања*** се сумирани најзначајните констатации, видувања, ставови и оцени на авторот, презентирани во овој докторски труд.

## ОЦЕНА И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација со наслов УЛОГАТА НА КОМЕРЦИЈАЛНИТЕ БАНКИ ВО ФИНАНСИРАЊЕТО НА РЕАЛНИОТ СЕКТОР ВО УСЛОВИ НА НИСКА АКУМУЛАТИВНА СПОСОБНОСТ И НАРУШЕНА ЛИКВИДНОСНА ПОЗИЦИЈА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, од кандидатот м-р Јован Аврамоски, претставува комплексен и содржаен труд што се карактеризира со сериозен пристап кон третираната проблематика, солидна теоретска основа и соодветна методолошка рамка.

Предмет на научна елаборација во трудот се економските аспекти на работењето на претпријатијата, како и улогата на комерцијалните банки како традиционални извори на нивно финансирање. При разработката на материјата во трудот, кандидатот успешно ги комбинира актуелните теоретски и емпириски сознанија, врши темелна анализа на состојбите и перформансите на реалниот сектор и кредитирањето од страна на банките, при што изнесува свои оригинални ставови и препораки што имаат апликативна примена.

Банкарскиот систем и, во тој контекст, комерцијалните банки имаат несомнено големо значење за стопанството на една земја и особено за реалниот сектор. Таа улога е голема како при обезбедувањето на дополнителна акумулација за проширена репродукција кај претпријатијата со обезбедување на инвестициони кредити, така и при обезбедувањето на краткорочни кредити за одржување на ликвидноста на претпријатијата. Ова улога на комерцијалните банки е мошне значајна во услови на неразвиени финансиски пазари, каде што комерцијалните банки се единствени субјекти врз кои може да се потпре стопанството за средства потребни за своето работење. Во досегашниот период на самостоен развој, комерцијалните банки не ја одиграа добро својата улога на единствен и главен поддржувач на стопанството, што е и една од основните нивни функции ( пласман на прибраните пари-заштедите), ниту по однос на акумулацијата, ниту по однос на одржување на ликвидноста на стопанството. Еклатантна е изразито ниската акумулативна способност на македонското стопанство, а неговата структура е неповолна и неконкурентна на пазарот. Поради низа објективни и субјективни причини, и ликвидосната состојба на претпријатијата од реалниот сектор е многу лоша. Денес, Република Македонија се наоѓа во стопанска несамостојност и од друга страна криза на економијата. Во изобилство на негативни тенденции кои траат повеќе од две децении, изостана една задоволителна и економски нужна интезивна акумулација со инвестиции кои ќе ги активираат основните материјални полуги и ќе ја оспособат структурата на продукција.

Основните заклучни констатации во врска со перформансите на реалниот сектор укажуваат на постоењето на низа слабости поврзани со тековното работење и потребата од нивно надминување со цел овозможување на раст и развој на претпријатаијата. Во тој контекст се и препораките во трудот што имаат апликативна примена и се однесуваат на реалниот сектор како битен сегмент на секоја национална економија, но и на комерцијалните банки како битен актер во финансирањето на работењето на претпријатијата, особено во услови на ниска акумулативна способност и нарушена ликвидносна состојба на претпријатијата. Имплементацијата на понудените препораки несомнено ќе придонесе за

подобрување на перформансите на македонската економија. Притоа, пресудна улога во тој процес треба да има активната и конзистентна економска политика, целосно подредена на реализацијата на вака поставените цели.

Општа е констатацијата дека приложениот докторски труд е во согласност со академските стандарди и дека кандидатот успешно се справил со поставениот предизвик и успеал да понуди аргументи, мислења и заклучоци во однос на поставената хипотеза на истражувањето.

Докторската дисертација, концептуално, претставува логички заокружена целина и се одликува со експлицитен и концизен стил на пишување. Елаборираната материја е коректно аргументирана и илустрирана со релевантни податоци. Кандидатот користи современа научна и стручна, домашна и странска литература од потесната и пошироката област, што е солидна основа за критичко размислување по клучни прашања од истражуваната проблематика.

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата му предлага на Советот на Економскиот институт во Скопје:

1. да го прифати извештајот со позитивна оцена на докторската дисертација на тема: **УЛОГАТА НА КОМЕРЦИЈАЛНИТЕ БАНКИ ВО ФИНАНСИРАЊЕТО НА РЕАЛНИОТ СЕКТОР ВО УСЛОВИ НА НИСКА АКУМУЛАТИВНА СПОСОБНОСТ И НАРУШЕНА ЛИКВИДНОСНА ПОЗИЦИЈА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА;** и

2. да формира Комисија за одбрана на докторската дисертација на кандидатот **м-р Јован Аврамоски** и да му дозволи јавна одбрана на докторската дисертација.

КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

1. Д-р Марија Ацковска, с.р.

2. Д-р Биљана Ангелова, с.р.

3. Д-р Неда Петроска-Ангеловска, с.р.

4. Д-р Диана Бошковска, с.р.

5. Д-р Искра Станчева Гигов, с.р.

## РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ „ДИСФУНКЦИОНАЛНОСТА НА СЕМЕЈСТВОТО - ПРИЧИНА ЗА ПОЈАВА НА НАРУШЕНО ОДНЕСУВАЊЕ КАЈ АДОЛЕСЦЕНТИТЕ“, ПОДНЕСЕНА ОД КАНДИДАТКАТА М-Р SАЛА БОЈКОСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, на својата IX редовна седница одржана на 19. IX 2014 година, донесе Одлука за формирање на Комисија за оцена на докторскиот труд на **м-р Ѕала Бојкоска** под наслов: **Дисфункционалноста на семејството - причина за појава на нарушено однесување кај адолесцентите**, во состав: проф. д-р Верица Стаменкова Трајкова, проф. д-р Дивна Лакинска, проф. д-р Сунчица Димитријоска, доц. д-р Софија Георгиевска и доц. д-р Владимир Илиевски.

Комисијата ја проучи структурата и содржината на докторскиот труд и има чест на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да му го поднесе следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторскиот труд на м-р Ѕала Бојкоска под наслов: **Дисфункционалноста на семејството - причина за појава на нарушено однесување кај адолесцентите** е презентиран на 215 страници, од кои: основниот компјутерски обработен текст, библиографија и прилози.

Трудот е поделен на два клучни дела – теоретски и истражувачки. Во првите пет дела се обработуваат теоретските прашања во врска со основниот проблем на истражувањето. Следниот дел е посветен на истражувањето, методологијата на истражување која се користи во трудот, добиените резултати и дискусија на резултатите, заклучоците и предлозите.

Трудот завршува со библиографија со голем дел на библиографски единици, користени документи и закони.

Во **воведот**, кандидатката дава опис на содржината на трудот со краток опис и на поглавјата од секој дел. Акцент става на нарушувањата на однесувањето претежно на активните нарушувања, карактеристиките на адолесцентите, причините за појава на нарушеното однесување, влијанието на семејните односи и воспитните стилови на родителите, нивната поврзаност и превенцијата, со цел да се дизајнираат превентивни програми за спречување на појавата на нарушено однесување.

Етиолошкиот пристап се темели на утврдување на факторите поврзани со теориите за развојот на личноста, како и социјалните фактори кои придонесуваат за појава на нарушеното однесување низ објективни емпириски постапки за постоењето на ризичните фактори на појава на нарушеното однесување кај адолесцентите. Направени се испитувања во областа на одделни карактеристики на семејните односи, родителските воспитни стилови, социо-економскиот статус и видовите нарушено однесување кои ги манифестираат адолесцентите во средна адолесценција.

Досегашните истражувања од областа на појавата на нарушено однесување кај адолесцентите биле насочени кон ризичните фактори кои доведуваат до тоа, со цел да се добијат повеќе сознанија за самиот проблем.

Ова истражување има за цел, од една страна, да ги разгледа ризичните фактори за појавата на нарушеното однесување кај адолесцентите, но од друга страна да се добие увид во тоа колкаво влијание имаат дисфункционалните односи во семејството и влијанието на воспитните стилови кои ги применувани родителите врз своите деца.

Резултатите добиени од претходните вакви и слични истражувања ќе придонесат за подобро разбирање на оваа појава, но и предвидување на соодветни превентивни програми. Мал е бројот на истражувања кои се темелат на дисфункционалноста во семејството како причина за појава на нарушено однесување. Поради тоа, ова истражување е актуелно и интересно како за секој стручњак кој работи со оваа популација, но и за родителите како најзаинтересирани за правилниот развој на своите деца.

Овој труд дава одговор на прашањето, дали и во која мера, дисфункционалноста во семејството е клучен фактор, за појавата на нарушеното однесување кај адолесцентите. Исто така, се даде одговор и на прашањето дали примената на различните воспитни стилови е во директна врска со појавата на нарушеното однесување кај адолесцентите.

Оттука, главниот проблем кон кој е насочено ова истражување е да се утврди ***дали дисфункционалноста на семејството и одреден вид родителски стил влијаат на појавата на нарушување на однесувањето кај младите во преиодот на средната адолесценција?***

Како форми на нарушување во однесувањето во ова истражување се земаат: бегањето од училиште, лажење, крадење, агресивно однесување, непочитување на нормите во училиштето, непристојно и некоректно однесување кон своите врсници и наставниците, претерана активност и слаб школски успех.

***Основниот проблем се елаборира низ анализа на семејните односи и воспитните стилови кои ги применуваат родителите кон своите деца и појавата на нарушеното однесување***.

Во истражувањето е користен квантитативниот метод кој овозможи прецизно мерење на зависноста и можните промени кај испитуваните варијабли, подобро воочување на воспоставување на причинско – последичните врски меѓу испитуваните варијабли.

За таа цел се спроведе анкета со употреба на два **анкетни прашалнка** кои наменски се конструирани за потребите на ова истражување и содржат прашања од отворен, полузатворен и затворен тип, а кај дел од прашањата со опции за еден или повеќе одговори, рангирање на одговори. Анкетниот прашалник број 1 (Прилог 1) за испитаниците е составен од три дела. Во првиот дел се бараат општи податоци и социо-економскиот статус на семејството. Во вториот дел се сместени прашањата кои се однесуваат на семејните односи, а во третиот дел се сместени прашањата кои се однесуваат на нарушеното однесување. Анкетниот прашалник број 2 (Прилог 2) беше насочен за школските педагози, психолози и социолози и содржи 7 прашања кои се однесуваат на школскиот успех на учениците со нарушено однесување, нивното поведение, изречени мерки од страна на педагошката - психолошката служба, казни, опомени и кои видови најчести нарушувања испитаниците манифестираат во училиштето.

За целите на ова истражување се користеше и скала за проценување на воспитните стилови на родителите (ЕМБУ-скала). ***ЕМБУ е наменета за проценување на воспитните ставови на родителите од страна на своите деца.*** Оваа скала од ликертов тип ја сочинуваат 64 ајтеми, формулирани во облик на тврдења со четиричлена скала на избор. Процената на воспитниот стил ја прават децата бидејќи од досегашните истражувања се покажува дека родителите се склони кон давање на социјано пожелни одговори за нивниот начин на воспитување, а за разлика од нив децата се однесуваат во согласност со својата субјективна слика за родителите, а не во согласност со тоа што родителите го мислат за себе.

За процена на релевантните димензии на реалната состојба на функционалност на семејниот систем е користин стандардизиран инструмент (FACES III, Olson, Portner & Levi, 1985), односно дескриптивна научноистражувачка метода, скалирање како истражувачка техника.

**Иструментот (FACES III, Olson, Portner & Levi, 1985)** е **скала за проценување на функционалноста на семејниот систем** на димензии на **кохезивност** и **адаптабилност** односно **флексибилност** и истиот содржи 20 тврдења со петстепена скала на избор.

Истражувањето е спроведено на репрезантативен примерок на ученици - адолесценти со нарушено однесување кои беа евидентирани во стручните (педагошко психолошки) служби во 6 средни училишта во Битола, и тоа: СОУ „Јане Сандански"., СОТУ „Ѓорѓи Наумов"., СОУ „Кузман Шапкарев"., ДСУ „Музичко училиште"., СОУ „Таки Даскало" и СОУ „Јосип Броз Тито".

Во ова истражување, во понатамошната обработка се земени само целосно потполнети прашалници односно на **90 испитаници**.

Овој труд се обиде да даде одговор на прашањето дали дисфункционалноста во семејството е клучен фактор за појавата на нарушеното однесување.

Нарушеното однесување кај адолесцентите се манифестира на повеќе начини, и тоа преку лош однос кон врсниците, лош однос кон наставниците, слаб школски успех, консумирање на алкохол, пушење, кршење на нормите во училиштето, отсуство од часови и доаѓање во судир со законот.

Со сите презентирани резултати се дојде до сознание дека дисфункционалноста во семејството има влијание за појавата на нарушеното однесување кај адолесцентите, но не како единствена причина, туку како ризик-фактор, кој заедно со други околности како што се социо-економскиот статус, образовното ниво на родителите, средината кадешто живеат адолесцентите, начинот на воспитување, воспитните стилови кои ги применуваат родителите, присуството и на други болести на зависност, на пр. алкохолизам во семејството, придонесуваат за појавата на нарушено однесување кај адолесцентите.

Од сѐ што е изнесено во нашиот труд се добива впечаток дека причините за појавата на нарушеното однесување кај адолесцентите не треба да се бараат исклучиво во дисфункционалноста на семејството.

Иако дисфункционалните семејства се јавуват како ризик-фактор за појавата на нарушеното однесување, но исто така и родителските воспитни стилови се во директна корелација со промените во однесувањето.

## ЗАКЛУЧОК

Докторскиот труд на кандидатката м-р Ѕала Бојковска претставува обид да се идентификуваат етиолошките причини за појавата на нарушеното однесување со посебен осврт на влијанието на семејството, односно неговата функционалност, како и кои воспитни стилови кои ги применуваат родителите кај адолесцентите манифестираат нарушено однесување, сѐ со цел да се дизајнираат превентивни програми за спречување на појавата на нарушеното однесување.

Ова истражување може да претставува поттик за некои идни истражувања на овие многу сложени проблеми. Некои ограничувања и слабости во ова истражување можеби ќе инспирираат и поттикнат некои други исти или слични истражувања да ги проверат. Исто така, може да се истражува поврзаноста на нарушеното однесување и дисфункционалноста на семесјтвото во основно училиште тргнувајќи од поинаква концепција и со користење на други техники и методи.

Со ова истражување се добиени многу информации и се изведени многу заклучоци кои предизвикуваат различни асоцијации, отвораат многу прашања, а неретко и сугерираат на многу решенија. Испитаниците во ова истражување дадоа многу предлози и сугестии, од кои повеќето беа добро формулирани, убедливо образложени и оправдани. Кога само дел од нив би се усвоиле и реализирале, системот би функционирал многу подобро, па затоа наместо заклучок, наведени се сите оние предлози и препораки кои се од системски карактер и се однесуваат на адолесцентите во училиштата.

Имајќи го предвид претходното, Комисијата позитивно го оцени докторскиот труд на м-р Ѕала Бојковска, и на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје со задоволство му предлага да го прифати овој извештај и да определи термин за негова одбрана.

**Комисија**

Проф. д-р Верица Стаменкова Трајкова, с.р.
Проф. д-р Дивна Лакинска, с.р.
Проф. д-р Сунчица Димитријоска, с.р.
Доц. д-р Софија Георгиевска, с.р.
Доц. д-р Владимир Илиевски, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА ТРУДОТ „МЕНАЏМЕНТ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО “**
**од авторот проф.д-р Розалина Попова-Коскарова**

На седницата на ННС на Педагошкиот факултет во Скопје, одржана на 4.9.2014 год. со Одлука бр. 02-806/3 определена сум за рецензент на учебното помагало ( интерна скрипта со практикум) по предметот менаџмент во образованието од авторот проф. д-р Розалина Попова-Коскарова, редовен професор на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски” при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“,во Скопје.

По деталното разгледување на материјалот, имам чест на ННС на Факултетот да го поднесам следниов извштај:

**1.Општи податоци за трудот:**

**Наслов на турдот:** *учебно помагало (интерна скрипта со практикум) „Менаџмент во образованието“*

**Циклус на студии**: прв.

**Студиска програма:** одделенска настава и предучилишно воспитание.

**Семестар**:III.

**Назив на предметот**: менаџмент во образованието

**Категорија** : *учебно помагало ( интерна скрипта со практикум)*

Содржините на трудот *Менаџмент во образованието* соодветствуваат со предметната програма по изборниот предмет менаџмент во образованието, кој е застапен со 2+1 часа неделно на студиските програми по одделенска настава и предучилишно воспитание.

Трудот е напишан на 50 стр. комјутерски обработен текст. Исто така, тој содржи: вовед ( предговор), 8 глави и користена литература со потврдени референци.

По секоја глава има вежби, а во голем број застапени се и студии на случај, што му даваат посебна карактеристика на ова учебно помагало.

**2. Краток опис на содржината:**

*Во првата глава,* авторката се задржува на поимот менаџмент, објаснувајќи го неговото етимолошко потекло, како и современото сфаќање. Во рамките на оваа глава, како поднаслови застапени се видовите на менаџмент, функциите и нивоата на менаџментот. Тие се разработени на многу јасен и концизен стил.

*Во втората глава* се говори за општите карактеристики на образовниот менаџмент, посебно за карактеристиките на менаџерот на образовните институции.

*Во третата глава,* авторката говори за компетенциите на успешниот менаџер, посебно задржувајќи се на карактерстиките или тајните кои ги изнесува Брајша, но и др. значајни имиња од областа на менаџментот, како што е Чернев. Во оваа глава посебно внимание е посветено и на стиловите на водење, односно на лидерство, објаснувајќи ги демократскиот, партиципативниот, автократскиот и лес фер начинот на водење.

*Во четвртата глава* се разработени : улогата на директорот , односно менџерот во воспитно-образовната институција, притоа детално објаснувајќи ги компетенциите на органот на управување и органот на раководење, како и на карактеристиките на еден успешен директор-лидер.

*Во петтата глава* се разгледува проблемот на еден многу важен сегмент во менаџирањето воопшто, а во тој контект и на образовниот менаџмент, а тоа е како да се постигне успешна комуникација, посебно, за нејзините карактеристики во образовниот менаџмент, односно можностите за практикување на успешна комуникација од страна на менаџерот.

*Во шестата глав,* авторката ги презентира најзначајните аспекти на невербалната и вербалната комуникација и нивниот одраз во рамките на образовниот менаџмент.

*Во седмата глава* се говори за начинот на водење на деловниот разговор, како и фазите низ кои тој поминува.

*Во осмата глава* се говори за деловните состаноци, начинот на нивното одржување, карактеристики на успешни деловни состаноци и сл.

**3. Заклучок и препораки**

Имајќи ги во предвид напред изнесените факти, содржини и аргументи за учебното помагало на проф.д-р Розалина Попова-Коскарова, како и врз основа на содржинската структура на трудот, обемноста, јазичниот стил на кој е напишан трудот, соодветноста со содржината на студиската програма, консултираната литература и др. на мислење сум дека трудот со наслов *Менаџмент во образованието* ги исполнува и целосно ги задоволува условите и критериумите да биде објавен како учебно помагало ( интерна скрипта со практикум) по предметот менаџмет во образованието.

Општо земено, предложениот труд од авторката претставува сериозен придонес за педагошката наука, поради следниве констатации и аргументи:

- содржините навлегуваат во суштината на педагошката наука и менаџментот на начин кој е потребен за прв циклус на студии

- ѕчебното помагало им дава можност на студентите за самостојна работа, изнесување на сопствените ставови и мислења, можност за анализа и синтеза, како и дава можност за споредување на различни случаи од практиката .

- Иницира нови размислувања и насоки во полето на образовниот менаџмент

4**. Предлог за оправданост за објавување на трудот**

Врз основа на напред изнесеното, а со посебна чест и задоволство, на ННС на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје му предлагам трудот со наслов: *Менаџмент во образованиет* од авторката проф. д-р Розалина Попова-Коскарова, редовен професор на истиот факултет да биде **прифатен и објавен како учебно помагало (интерна скрипта со практикум)** по

предметот менаџмент во образованието за студентите од студиската програма за прв циклус на студии.

Септември 2014

Р е ц е н з е н т

Проф. д-р Зорица Станисавлевиќ Петровиќ, с.р.
**вонреден професор на Филозофскиот факултет,Универзитет во Ниш, Р.Србија**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА ТРУДОТ „МЕНАЏМЕНТ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО “**
**од авторот проф.д-р Розалина Попова-Коскарова**

Со одлука бр. 02-806/3 од седницата на ННС на Педагошкиот факултет во Скопје, одржана на 4.9.2014 год. одредена сум за рецензент на учебното помагало (интерна скрипта со практикум) по предметот менаџмент во образованието од авторот проф. д-р Розалина Попова-Коскарова, редовен професор на Педагошкиот факултет „Св.Климент Охридски” при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје.

По разгледувањето на материјалот, ми претставува чест до ННС на Факултетот да го поднесам следниов извештај

**1.Општи податоци за трудот:**

Наслов на трудот:Менаџмент во образованието учебно помагало ( интерна скрипта со практикум

- Назив на предметот: менаџмент во образованието
- Циклус на студии : прв
- Фонд на часови:2+1
- Кредити:4
- Семестар:III
- Студиска програма: одделенска настава и предучилишно воспитание

**2: Предложениот труд кореспондира со предметната програма по изборниот предмет** менаџмент во образованието кој се слуша на студиските програми по одделенска настава и предучилишно воспитание.

**3. Структура на трудот :** Предложеното учебно помагало е напишано на 50 стр. комјутерски обработен текст, структурирани во шест поглавја, вовед и користена литература од соодветно одбрани референци.

**4. Опис на содржината :**

Во учебното помагало ( интерна скрипта со практикум) постепено и по логичен ред се обработуваат најзначајните аспекти на менаџментот во образованието, почнувајќи од поимот за менаџмент, определбите за менаџмент, видовите на менаџмент, како и функциите на менаџментот.

Во второто поглавје се елаборирани спецификите и основните карактеристики на образовниот менаџмент, компетенциите на успешен менаџер во полето на образованието, стилови на водење, со посебен осврт на лидерството.

Веќе во шестото поглавје се третира прашањето за комуникацијата како мошне важен сегмент во образовниот менаџмент. Во тој контекст се застапени содржини за карактеристиките на успешна комуникација,(вербална и невербална) активното слушање, културата на изразување и факторите кои го условуваат квалитетот на успешната комуникација.

Во последниве две поглавја авторката проф. Попова-Коскарова се задржува на некои форми на деловната комуникација кои се најчесто присутни и во

образовниот менеџмнет, а тоа се : начинот на водење на деловен разговор и деловниот состанок . Опишани се сите нивни карактеристики, фази и упатства за нивно успешно реализирање.

Посебна специфика за трудот престставува присуството на дидактичко-методичка апаратура во вид на вежби поставени по секое поглавје. Оваа компилација дава можностда се олесни процесот на учење. Презентираните практични примери, студиите на случај и барањата што се поставени пред студентот овозможуваат проверка и самопроверка на знаењата, развивање на сопствени ставови по определени прашања, развој на критичко мислење, како и развој на способноста за анализа и синтеза. Консеквентно на ова, учебното помагало е дизајнирано за самостојна работа на студентите.

**5. Заклучок и препораки**

Имајќи го во предвид погоре изнесеното, на мислење сме дека трудот со наслов „Менаџмент во образованието,“ на проф. д-р Розалина Попова-Коскарова, целосно ги исполнува условите и критериумите да биде објавен како учебно помагало во форма на интерна скрипта со практикум по предметот менаџмент во образованието.

6**. Предлог за оправданост за објавување на трудот**

Со посебна чест и задоволство му предлагам на ННС на Педагошкиот факултет „Св.Климент Охридски” во Скопје,трудот со наслов: **Менаџмент во образованието** од проф. д-р Розалина Попова-Коскарова, редовен професор на истиот Факултет, **да биде прифатен и објавен** како учебно помагало ( интерна скрипта со практикум) по предметот менаџмент во образованието за студентите од студиската програма за одделенска настава и предучилишно воспитание за прв циклус на студии.

Р е ц е н з е н т

Проф. д-р Соња Петровска с.р.

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРИЈАВЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА**
**МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**
**IX СЕДНИЦА одржана на 19.09.2014 година**

| Ред. бр. | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ТЕМА | ТЕМА НА АНГЛИСКИ ЈАЗИК | МЕНТОР |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Тонка Митрова | Користење на електронски архивски материјал во современото канцелариско и архивско работење | Use of Electronic Records of Archives in Contemporary Office and Archival Working | доц. д-р Борче Илиевски |
| 2. | Моника Патровска | Организацијата на обединетите нации и хуманитарните кризи: од превенција до интервенција | UN and Humanitarian Crises: From Prevention to Intervention | проф. д-р Марина Митревска |
| 3. | Мима Костиќ | Улогата на хипотезите во научното истражување | The Role of Hypotheses in Scientific Research | проф. д-р Ана Димишков ска |
| 4. | Елвира Мустафа | Гносеолошките и етичките сфаќања на Ал Газали | The Gnoseological and Ethical Views of Al Ghazali | проф. д-р Вера Георгиева |
| 5. | Јасмина Даниловска | Улогата на војската во справувањето со кризи и кризни состојби | The Role of the Army in Dealing with Crises and Crisis Conditions | проф. д-р Марина Митревска |
| 6. | Билјана Трајановска | Лидерството и раководењето со основните училишта на територија на град Скопје | Leadership and Management in Elementary Schools on the Territory of the City of Skopje | проф. д-р Анета Баракоска |
| 7. | Сања Ѓорѓевска | Директорот на основното училиште во улога на водач | The Elementary School Principal in the Role of a Leader | проф. д-р Трајан Гоцевски |
| 8. | Рената Петрушева | Методи и техники за вреднување и подобрување на комуникацијата и социјалната интеракција помеѓу учениците во основното образование | Methods and Techniques for Evaluating and Improving Communication and Social Interaction among Pupils in Elementary Education | проф. д-р Наташа Ангелоска Галевска |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 9. | Надица Диздаревиќ Јованоски | Влијание на менаџирање на стресот врз квалитетниот животен стил кај невработените лица | The Influence of Stress Management on a Quality Lifestyle for Unemployed Persons | проф. д-р Иван Трајков |
| 10. | Радмила Павловска | Влијание на менаџирање на време врз продуктивноста кај вработените во установи на социјална заштита | The Influence of Time Management on the Productivity of Employed Persons at Institutions for Social Security | проф. д-р Иван Трајков |
| 11. | Бојана Бацакова | Портфолиото во функција на вреднување на активностите на ученикот | The Portfolio in the Function of Evaluating Pupils' Activities | проф. д-р Јасмина Делчева Диздареви ќ |
| 12. | Мартин Величковск и | Ликовните претстави за античките геми и камеи од Република Македонија | The Artistic Depictions of Ancient Gems and Cameos in the Republic of Macedonia | проф. д-р Марјан Јованов |
| 13. | Сахит Тахири | Мултисекторска соработка во поддршка на лица во ризик во локалната заедница | Multisector Collaboration in Support of Vulnerable Persons in the Local Community | проф. д-р Сунчица Димитријо ска |
| 14. | Марина Начевска | Организациска култура и можности за изразување на творечките ставови кај вработени во приватен услужен сектор | Organizational Culture and Possibilities for Expression of Creative Views of Employed Persons in the Private Service Sector | проф. д-р Виолета Арнаудова |
| 15. | Викторија Кузмановск а | Обуките во функција на развој на човечките ресурси во училиштата од основното образование | Training in the Function of the Development of Human Resources in Elementary Schools | проф. д-р Анета Баракоска |
| 16. | Ивана Накова | Улогата на менаџерот и лидерот во управувањето со организациите | The Role of The Manager and Leader in Organization Management | проф. д-р Трајан Гоцевски |
| 17. | Александра Талеска | Менаџирањето во Народниот театар – Битола и соработката со | Management of the National Theatre – Bitola and the | проф. д-р Антоанела Петковска |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | локалната самоуправа | Collaboration with the Local Government | |
| 18. | Кристина Попоска | Безбедност и здравје при работа на вработените на електроенергетските постројки | Safety and Health at Work for Employed Persons at Power Stations | проф. д-р Јован Пејковски |
| 19. | Марија Стојковска | Обука и развој на вработените во шпедициите во Република Македонија | Training and Development of the Employed Persons at Spedition Companies in the Republic of Macedonia | проф. д-р Јован Пејковски |
| 20. | Јасмина Цековска | Тим лидерот и неговата улога во остварување на целите на организацијата | The Team Leader and their Role in the Achievement of Goals of the Organization | проф. д-р Јован Пејковски |

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

„ЕКСПЕРТСКИ СИСТЕМ ЗА ПОДГОТОВКА НА ПОНУДА ЗА АЛАТИ ЗА ПОЛИМЕРНИ МАТЕРИЈАЛИ“,

изработена од м-р Зоран Спироски, дипл. маш. инж, пријавена на Машинскиот факултет во Скопје

Со Одлука бр.02-2248/2 на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, донесена на 25.9.2014 година, формирана е Комисија за одбрана на докторската дисертација со наслов „Експертски систем за подготовка на понуда за алати за полимерни материјали“, изработена од кандидатот м-р Зоран Спироски, дипл. маш. инж. Врз основа на извршениот преглед и деталната анализа на докторската дисертација, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### а) Содржина на трудот

Докторската дисертација под наслов ***Експертски систем за подготовка на понуда за алати за полимерни материјали***, изработена од кандидатот м-р Зоран Спироски, дипл. маш. инж., претставува самостоен и оригинален научен труд од областа на машинските науки, поточно од областа на изработката на понудите за алати за полимерни материјали, преку прецизно одредувањето на сопствените трошоци и времето потребно за машинската обработка, за што пократко време, со минимално ангажирање на сопствените ресурси, сето тоа во фаза во која немаме детална конструкција на алтот.

Основниот текст на докторската дисертација е презентиран во вкупно осум (8) глави напишани на 134 страници, илустрирани со 60 слики, цртежи, шеми и дијаграми, 12 табели, содржина, листа на слики и список на користена литература со 78 релевантни референци на користена литература од меѓународни научни списанија, конференциски публикации, книги, интерни скрипти, дисертации и друго. Докторската дисертација се состои од осум глави.

- Глава 1: Вовед
- Глава 2: Методи за пресметка на цена на алат за пластични маси
- Глава 3: Моделирањето на процесот на обработка на основните геометриски облици
- Глава 4: Експериментални истражувања на зависност помеѓу времето на обработка и геометријата на делот
- Глава 5: Проектирање на експертски систем.
- Глава 6: Технологијата на софтверското решение и функционалност

- Глава 7: Заклучни согледувања
- Глава 8: Прилози и користена литература

Во првата глава се дадени краток вовед за темата и очекуваниот научен придонес од истражувањето.

Во втората глава е претставени се тековните методи за проценка на цената на алат за пластични маси, факторите што влијаат на цената на чинење, како и основните својства и компоненти на експертсите системи.

Во третата глава е даден осврт на процесот на компјутерското моделирање и создавање на 3D-геометриски модел на делови преку дефинирање на основни геометриски форми (feature). За така дефинираните 3D-геометриски основни форми, претставено е создавањето на технолошкиот модел за обработна на истите, преку процесот на нивното стандардизирање и нивното одредување преку декомпозиција на формата.

Во четвртата глава е објаснето експерименталното одредување на зависноста на времето на обработка на сегментите во алатот, во зависност од геометријата на делот. Во таа насока се дефинирани параметри што ја дефинираат комплексноста на формата, како вкупен обработлив волумен, вкупна проекциона површина и вкупна должина на контурните линии во делот. Преку вредноста на овие параметри се предвидува потребното време на обработка на сегментите од алатот. Експерименталните резултати се споредени со реалните и компјутерски симулираните и направена е статистичка анализа на грешките во проценките на времето. Добиената функционална зависност е вградена во експертскиот систем.

Во петтата глава е направено проектирање на експертскиот систем за пресметка на цената на чинење и потребното време за изработка на алатот преку дефинирање на задачата и препознавањето на елементите на системот. Дефинирани се врските помеѓу елементите во системот, од аспект на нивното влијание врз обработките, преку препознавањето на технолошите модели. Во истата глава е направен концепт за создавање на алгоритам за пресметка на времиња и цени и дефиниран е концептот на креирање на базата на знаење.

Во шестата глава е дефинирана технологијата што се применува во создавњето на софтверското решение за креирање на експертскиот систем и објаснета е неговата функционалност. Прикажани се иницијалните побарувања и основните спецификации за влез во системот и даден е преглед на чекорите што се применуваат при неговата употреба. На крајот е прикажано генерирањето на краен извештај, како излезен резултат од експертскиот систем, со сите неопходни елементи, потребни за секој стручњак што работи на креирање на понуда за алат за полимерни материјали.

**б) Публикација на резултатите од истражувањата**

Резултатите од истражувањата во докторската дисертација досега се објавени на меѓународни конференции, во зборници на трудови на тие конференции, како и во меѓународни списанија со меѓународен уредувачки одбор. Некои од нив се:

[1] A. Kocov, J. Caloska, Z. Spiroski: Creating comprehensive e-library for improving the competitiveness of the Macedonian machine tool industry; TECOS, ICIT& MPT; Ljubljana; October 2009

[2] J. Chaloska, Z. Spiroski: Priprema ponude alata za brizganje koristeći sisteme osnovane na bazi podataka; Megjunarodna konferencija održavanja i proizvodnog inženjeringa; KODIP, Herceg Novi; juni 2011

[3] Chaloska J., Spiroski Z., Kochov A.: Mold Quotation based on database based calculation; Masinostroitelna tehnika i tehnologii; Tehnicheski Univerzitet Varna; br. 1-2013

[4] Z. Spiroski, A. Kočov, O. Tuteski: Expert system for mold quotation; Technology of plasticity journal, Novi Sad, Serbia (печат во подготовка, ноември 2014)

[5] A. Kočov, O. Tuteski, Z. Spiroski,: Factors which define the complexity and the form of the mold, Technology of plasticity journal, Novi Sad, Serbia (печат во подготовка, ноември 2014)

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација со наслов ,,Експертски систем за подготовка на понуда за алати за полимерни материјали", изработена од кандидатот м-р Зоран Спироски, дипл. маш. инж., претставува висококвалитетен и оригинален научен труд, кој дава значаен научен придонес во областа на машинското инженерство, поточно од областа на изработката на понудите за алати за полимерни материјали со фокус на прецизно одредувањето на сопствените трошоци и времето потребно за машинската обработка.

Развиениот експертски систем за подготовка на понуда за алати за полимерни материјали има цел да им помогне на компаниите при изработката на понудите за алати. Најголем предизвик за секоја компанија во процесот на изработката на понуда е одредувањето на сопствените трошоци и времето потребно за машинска обработка на елементите, Ова е особено изразено кај понудите за алати за полимерни материјали, бидејќи за изработката на еден дел се проектира и се изработува цел состав од неколку десетици елементи. Само еден мал дел од понудите завршуваат со порачка и токму заради тоа калкулацијата треба да се направи за што пократко време и со што помало ангажирање на

сопствените ресурси, а сето тоа без да ја имаме на располагање деталната конструкција на алатот. Експертскиот систем за калкулација и изработка на понуда е изграден врз база на систематизирано знаење и ги елиминира субјективните фактори и можноста нешто да биде пропуштено.

Врз основа на претходната евалуација, Комисијата заклучува дека докторскиот труд со наслов ,,Експертски систем за подготовка на понуда за алати за полимерни материјали", изработена од кандидатот м-р Зоран Спироски, дипл. маш. инж., претставува оригинален научен труд кој дава значаен научен придонес и во целост ги исполнува критериумите и барањата за успешно изработена докторска дисертација. Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје да го прифати овој извештај и да закаже јавна одбрана на докторската дисертација.

Комисија

Проф. д-р Атанас Кочов, ментор, с.р.

Проф. д-р Јасмина Чалоска, член, с.р.

Проф. д-р Владимир Дуковски, член, с.р.

Проф.д-р Љубен Дудески, член, с.р.

Проф.д-р Јован Лазарев, член, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА **„ЕВАЛУАЦИЈА НА МОЛЕКУЛАРНИ МАРКЕРИ КАЈ ОРАЛЕН КАРЦИНОМ“** ОД Д-Р **АНТОНИО КИРКОВ**, ПРИЈАВЕНА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно–научниот совет на Стоматолошкиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата 18та редовна седница одржана 8.10.2014 г., по предлог на Научниот Одбор на Факултетот, едногласно донесе Одлука за формирање на рецензентска комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација од д-р Антонио Кирков, со наслов „Евалуација на молекуларни маркери кај орален карцином“, во состав:

1. проф.д-р Владимир Поповски
2. проф.д-р Даница Поповиќ Моневска
3. проф.д-р Борис Величковски
4. проф.д-р Александар Димовски
5. проф.д-р Алберто Бенедети.

По темелното проучување на доставениот материјал, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација со наслов „Евалуација на молекуларни маркери кај орален карцином“, поднесена од д-р Антонио Кирков, е методолошки конзистентно поставена. Трудот е напишан на 174 страници и содржи 33 табели и 38 слики (графикони и фотографии). Структурата на докторската дисертација ја сочинуваат 11 поглавја: 1. Вовед, 2. Цел на трудот, 3. Материјал и метод, 4. Резултати, 5. Дискусија, 6. Заклучок, 7. Кратка содржина, 8. Summary, 9. Литература, 10. Список на кратенки и 11. Прилог.

Првото поглавје, **Вовед** е структурирано во следниве 3 дела: 1. Поим и епидемиологија на оралниот карцином, 2. Етиологија и патогенеза (канцерогенеза) на оралниот карцином, и 3. Преглед на литературата.

Во првиот дел, на 3 страници, авторот прави краток осврт кон значењето на терминот орален карцином и неговите основни социо-епидемиолошки карактеристики на глобално ниво.

Во вториот дел, на 7 страници, прикажани се недоволно испитаната патогенеза (канцерогенеза) на оралниот карцином и неговата етиологија која сè уште има неразјаснети аспекти. Поаѓајќи од тоа дека ракот е генетско заболување на соматските ткива, авторот нè запознава со онкогените и тумор-супресорските гени кои се двата главни типа на гени што денес се признати дека имаат улога во патогенезата кај оралниот карцином. На ова се надоврзува објаснувањето на повеќефазноста на канцерогенезата која како комплексен процес е последица на

акумулација на бројни и различни сукцесивни генетски промени во епителната клетка на усната празнина за кои тековно се мисли дека на број се 6 до 10. Во овој дел се прикажани етиолошките фактори (пушење, алокохол, ХПВ) кај оралниот карцином и нивните етабларани факти и податоци во неговата канцерогенеза.

Преглед на литературата е последниот и најопсежен дел (38 страници) од ова поглавје. Прегледот содржи претставување на 5 фактори - маркери за кои се смета дека имаат улога во канцерогенезата на оралниот карцином: генот туморски протеин TP53, генот рецептор на факторот за епидермален раст (EGFR), протеинот Bcl-2, Human Papillomavirus (ХПВ), загуба на хетерозиготност (LOH) и микросателитска нестабилност (MSI). За секој маркер посебно е даден краток осврт за неговото значење и улога во канцерогенезата, по што следат прикази на значајни бројни истражувања за овие маркери. Опфатени се истражувања каде што се: 1. споредувани и анализирани маркерите со клиничките и патолошките параметри на испитаници со орален карцином, 2. испитувано прогностичкото/предиктивното значење на маркерите, 3. испитувана е застапеноста на маркерите кај оралниот карцином, и 4. испитувана е промената на маркерите (мутација и експресија соодветно) кај оралниот карцином. Во прегледот на литература, во најголем дел е посочената актуелна литература, вклучувајќи истражувања и на водечки автори од соодветните области - Gillison M.L. (The Ohio State University Comprehensive Cancer Center, Columbus, USA), El-Naggar A.K. (M.D. Anderson Cancer Center, Houston, USA), Yamamoto N. (1st Department of Oral and Maxillo-Facial Surgery, Tokyo, Japan), Shiga K (Department of Otolaryngology - Head and Neck Surgery, Tohoku University School of Medicine, Sendai, Japan).

Во второто поглавје, **Цел на трудот**, авторот прецизно и јасно ги дефинира целите на докторската дисертација. Сакајќи да даде свој придонес во проширување и продлабочување на сознанијата за молекуларните маркери кај оралниот карцином, како и за нивната поврзаност со клиничко-патолошките параметри кои се значајни во хируршкиот план и третман на болеста, авторот си ги поставува следните цели: 1. да се детерминира застапеноста на ХПВ кај оралните карциноми и кој тип е најчест; 2. да се испитаат промените (мутациите) во p53 и EGFR кај оралниот карцином, како и промените на ниво на експресија кај p53, Bcl-2, EGFR и дисбалансот во сет од микросателитски маркери кај оралниот карцином, а сите тие во однос на клинички непроменетата слузница; 3. да се испита корелацијата помеѓу промените во p53, Bcl-2, EGFR и микросателитските маркери со клиничките и патолошките параметри на оралниот карцином; 4. да се утврди кој од маркерите поединечно или со некој друг/и има прогностичка важност за оралниот карцином.

За да ги реализира поставените задачи, авторот се определил за соодветни **материјал и методи** и тие се опишани во третото поглавје на 21 страница. Сосема природно, поглавјето е поделено на два дела: 1. Испитаници и биолошки материјал, и 2. Методи.

Во првиот дел, опишан е биолошкиот материјал кој се испитувал од 37 испитаници со орален карцином: 1. туморско ткиво за хистопатолошка верификација, 2. туморско ткиво за молекуларни анализи, 3. здрава слузница за молекуларни анализи, 4. периферна крв за молекуларни анализи.

Во вториот дел, експлицитно и детално е прикажан методолошкиот пристап кој е применет за реализиција на истражувањето. Претставена е поделбата на испитаниците според испитувани клиничко-патолошки параметри и маркери. Испитувани се следните клинички и патолошките параметри кај испитаниците: возраст, пол, локализација на примарен тумор, пушење, големина на примарен тумор, регионални лимфни јазли, стадиуми на болеста, клеточна диференцијација (градус) на туморот и преживување. Сите групи со клиничко-патолошките карактеристики се анализирани во однос на промените на p53, Bcl-2, EGFR, ХПВ и LOH со MSI за хромозомските краци 3p, 7q, 8p, 9q, 9p, 11p, 13q, 17p и 18q. Понатаму, p53, Bcl-2, EGFR, ХПВ и LOH со MSI за хромозомските краци 3p, 7q, 8p, 9q, 9p, 11p, 13q, 17p и 18q, исто така се анализирани и меѓу себе.

Во преостанатиот дел на ова поглавје за испитуваните маркери опишана е постапката за: изолација на геномска ДНК од периферна крв, изолација на геномска ДНК и РНК од свежо ткиво, евалуација на квалитетот и квантитетот на изолираниот генетски материјал, евалуација на микросателитска нестабилност и губиток на хетерозиготност, одредување на присуство на мутации во EGFR и TP53 гените во туморско ткиво, детекција на ХПВ во туморско ткиво и детекција на експресија на Bcl-2 и EGFR гените.

На крајот од овој дел и поглавје претставена е статистичката обработка на добиените податоци од истражувањето.

Четвртото поглавје, **Разултати,** опфаќа 42 страници и се прикажани целокупните наоди од спроведените опсежни испитувања. На почеток на поглавјето, авторот ни ги прикажува табеларно базите на податоци за клиничко-патолошките параметри на испитаниците и испитуваните маркерите. На ова се надоврзува прикажувањето на резултатите од анализа на податоците. Тие се претставени со табели и графикони. Прикажувањето на резултатите започнува со дистрибуциите на испитаниците според клиничко-патолошките параметри. Следат резултатите од споредбените анализи помеѓу клиничко-патолошките параметри и испитуваните маркери, како и од маркерите меѓусебно. Всушност, ова е најопсежниот дел од ова поглавје. Понатаму, прикажани се резултатите за предиктивното значење на мутацијата на TP53-генот и загубата на хетерозиготност на краткиот крак на 9от хромозом. Пред самиот крај е претставено преживувањето со Kaplan-Meier – овите криви (графикони) за сите испитувани маркери и резултатите од анализата за преживување според Log-Rank-тестот. Ова поглавје завршува со резултатите (табела и графикон) од споредбената анализа помеѓу испитаници кои имаат LOH на ≤2 локуса на хромозомски крак и испитаници кои имаат LOH на ≥3 локуса на хромозомски крак.

**Дискусијата** е изнесена на 31 страница во петтото поглавје. Таа е поделена на целини соодветни за компарација и коментирање. Авторот ги споредува многубројните резултати со наодите добиени од актуелната литаратура. Се забележува дека споредбата е соодветна од методолошки аспект, односно авторот компарира наоди добиени од испитувања кои користеле исти или слични методи во истражувањето. По компарацијата на наодите од секоја целина, авторот прави содржајни коментари на добиените резултати. Тие се однесуваат како на

научноистражувачкиот, така и на апликативниот аспект на добиените резултати. За одбележување се последните две дискусии од ова поглавје. Првата се однесува за асоцијацијата - зависност која е утврдена помеѓу мутацијата на p53 и загубата на хетерозиготност на краткиот крак на 3от хромозом. Втората се однесува за предиктивност за регионални метастази кај оралниот карцином која во истражувањето е откриена дека постои при загуба на хетерозиготност на краткиот крак на 9от хромозом и при мутација на TP53-генот, поодделно.

Шестото поглавје е **Заклучоци**. На две страници, авторот концизно и јасно ги поставил заклучоците од спроведеното истражување. Тие се содржани во 7 точки – целини. Недвосмислено е дека заклучоците произлегуваат од претходно прикажаните резултати од истражувањето и дека во целост соодветствуваат и даваат одговор на поставените цели.

**Кратка содржина** на трудот е седмото поглавје.  Содржината е напишана на 3 страници. На крајот се изнесени клучните зборови во истражувањето.

**Summary** е осмото поглавје - кратка содржина на трудот преведена на англиски јазик.

Деветтото поглавје е насловено **Литература.** Наведени се 224 референци од релевантни извори. Сите се од странски автори, во најголем дел од понов датум и во целост соодветствуваат на проблематиката која е обработена во докторската дисертација.

Десеттото поглавје е **список на кретенки**. Во него се изнесени кратенките кои се користат во текстот на докторската дисертација и нивното значење.

**Прилог** е последното поглевје. На 5 страници е прикажан протоколот/упатството за хируршки третман на рак на усната празнина кој е усвоен од стручниот колегиум на ЈЗУ Универзитетска клиника за лице, вилици и врат - Максилофацијална хирургија – Скопје и е објавен во Службен весник на Република Македонија. Упатството е преземено од NCCN (The National Comprehensive Cancer Network), непрофитен сојуз на 21 светски водечки центар за рак од САД, меѓу кои се: Memorial Sloan-Kettering Cancer Center - New York, Stanford Comprehensive Cancer Center - Stanford, The University of Texas MD Anderson Cancer Center - Houston, Vanderbilt-Ingram Cancer Center – Nashville.

Со поставување на прилогот, авторот овозможува прегледност и значајно појаснување на дискусијата за апликативното значење на пронајдената предиктивност  на LOH на 9p и мутација на TP53-генот.

ЗАКЛУЧОК

Докторската дисертација со наслов „Евалуација на молекуларни маркери кај орален карцином“ од  д-р Антонио Кирков е современ, оригинален, самостоен труд и прв од овој вид на овие простори.

Комисијата оценува дека постои конзистентност помеѓу поставените цели, резултатите и заклучоците, дека се реализирани истражувачките цели и дека добиените резултати се соодветно обработени, прикажани се на современ начин и компарирани се со актуелни референци од обемната литература.

Резултатите од овој дисертационен труд се значајно и квалитетно проширување и продлабочување на вкупните сознанија за молекуларните маркери кај оралниот карцином, а стекнатите сознанија можат да послужат како основа за понатамошни истражувања и изработка на нови протоколи во хируршкиот третман на оралниот карцином.

**Рецензентската комисија смета дека овој труд на високо ниво ги исполнува сите суштински и формални критериуми за изработка на докторска дисертација и го оценува како позитивен. Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет при УКИМ – Скопје, да го прифати позитивниот рецензентски извештај и да овозможи јавна одбрана на докторската дисертација.**

Рецензентска комисија

1. Проф.д-р Владимир Поповски с.р.

2. Проф.д-р Даница Поповиќ Моневска с.р.

3. Проф.д-р Борис Величковски с.р.

4. Проф.д-р Александар Димовски с.р.

5. проф.д-р Алберто Бенедети с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „РОМАНИЗМИТЕ ВО АЛБАНСКИОТ ЈАЗИК” ОД М-Р ИСМАИЛ КАМБЕРИ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ” ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на својата 49. редовна седница одржана на 17.9.2014 година, ни направи чест избирајќи не за членови на Рецензентската комисија, која ќе ја оцени докторската дисертација на м-р Исмаил Камбери под наслов **Романизмите во албанскиот јазик.** Проучувајќи го текстот на овој труд слободни сме до Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет “Блаже Конески” во Скопје да го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Албанскиот јазик можеби повеќе од кој и да е јазик на овие балкански простори претрпел, од најстари времиња па до денес, силно влијание од соседните балкански јазици. Постојат објавени трудови, монографии и студии, иако во недоволна мера, што го третираат влијанието на балканските јазици (латинскиот, грчкиот, ароманскиот, јужнословенските јазици – македонскиот, српскохрватскиот и бугарскиот, турскиот и сл.) врз албанскиот јазик. Албанскиот јазик во текот на својот развој претрпел силно влијание од романските јазици (ароманскиот, италијанскиот, францускиот и шпанскиот јазик) особено во областа на лексиката, кое до денес, колку што ни е познато, со извесни исклучоци, не било предмет на проучување.

Докторската дисертација на м-р Исмаил Камбери вкупно опфаќа 216 страници компјутерски обработен текст, поделен во пет глави. Во првата глава, покрај воведот, предметот на методите на истражувањето се опфатени следниве теми: Дефиниција на терминот ‘заемка’, Заемките во албанскиот јазик, Надворешните влијанија и резистенцијата на албанскиот јазик, Интерференцијата и јазичната политика (стр. 6-33). Во втората глава се обработуваат следниве теми: Типологизација на заемките во албанскиот јазик, Класификацијата на заемките, Заемките во албанскиот јазик кои означуваат емоции, Видови на заемките од областа на економијата, Калките во албанскиот јазик, Употребата на заемките во рекламите и Албанскиот јазик во контекст со другите балкански јазици (стр. 35-54). Во третата глава, авторот се задржува на следниве прашања: Албанскиот збор наместо туѓиот збор (заемката), Преведуваната поезија од италијанските поети, Краток преглед на неолатинските заемки низ различни временски периоди и Заемките од латинскиот, францускиот и италијанскиот јазик (стр. 56-105). Во четвртата глава е опфатен: Речник на заемките од францускиот и италијанскиот јазик (стр. 106-205), најобемниот дел на докторската дисертација на кандидатот. Во петтата глава се сумирани заклучоците од истражувањето. На крај е дадена библиографијата (209-211).

Во првата глава, кандидатот се задржува околу дефиницијата на терминот ‘заемка’ како лингвистички и социолингвистички феномен, укажувајќи на причините за неговото навлегување во речникот на албанскиот јазик. Во овој дел, тој истакнува дека за да се отстранат заемките во албанскиот јазик потребна е

јазична политика, преку која ќе се оневозможува или спречи напливот на туѓите непотребни зборови, кои порано успешно беа заменети со албански зборови. Според кандидатот, оваа јазична политика треба да се спроведува и реализира преку јавните општествени и административни институции, кои се одразуваат и преку уставните регулативи, правила, норми и закони. Во врска со овој проблем, кандидатот прави една споредба, наведувајќи ги примерите за интервенција на француската, холандската и германската држава.

Во втората глава насловена: "Типологизација на заемките во албанскиот јазик (стр. 35-54), кандидатот м-р Исмаил Камбери, меѓу другото, истакнува дека албанскиот стандарден јазик се наоѓа под силен притисок и влијание од другите јазици и како последица на непрекинатите различни меѓујазични и меѓулексички контакти, постојат голем број на туѓи зборови кои навлегле во албанскиот јазик. За жал, истите зборови се употребуваат во речникот и дискурсот на граѓанинот, политичарите, новинарите, научниците и сл. Во оваа меѓујазична и меѓулексичка 'конфронтација' е нарушена не само лексиката (речникот), туку и другите јазични области, како морфологијата и синтаксата. Во оваа прилика, кандидатот ги наведува видовите на заемки, како снобизми, модизми, заемки-алузии, овие што означуваат емоции и др. Едно посебно место во трудот заземаат заемките од областа на економијата, кој број е значителен во албанскиот јазик. Забележително место во овој дел имаат заемките кои се употребуваат во рекламите и натписите и вршат силно влијание кај рецепиентот во поширoки јазични ареалии. Во овој дел, кандидатот ги истакнува улогата, значењето и соодносот на албанскиот јазик наспрема другите балкански јазици, со посебен акцент врз неговата лексика. Според кандидатот м-р Исмаил Камбери, кој се повикува на една богата и опсежна библиографија, во албанскиот јазик, како еден од најстарите балкански јазици, во неговиот речник се навлезени многу зборови од другите балкански јазици, но истовремено доста албански зборови се употребуваат во нивниот вокабулар. Оваа јазична и лексичка интерференција, покрај другото, се должи и на вонјазичните фактори, поточно на територијалната блискост на истиот или сличниот историски, географски, економски и културен растеж на балканските народи.

Во третата глава, под наслов "Албанскиот збор наместо туѓиот збор" (стр. 56-105), кандидатот е на мислење дека и покрај фактот дека јазиците даваат и земаат едни од други, сепак некои зборови се непотребни да се употребуваат во албанскиот стандарден јазик. Ова размислување тој го илустрира со примерите од преводите на неколку песни од италијанската поезија на албански јазик. Станува збор за преводот на збирка песни од Петрарка, реализирани од двајца преведувачи - Дори Ќиријази и Фердинанд Лека, изнесувајќи ги и своите погледи и забелешки. Според кандидатот м-р Исмаил Камбери, преводот на Ќиријази е поцелосен и поверодостоен, бидејќи иако има одредени пропусти или отстапки од оригиналот, во него се употребуваат албански зборови и изрази наместо туѓи зборови, кои се се регистрирани во Албанскиот толковен речник. Во таа смисла, кандидатот дава и еден краток преглед на најфреквентните заемки од романските јазици кои се употребуваат во преведуваното дело на Петрарка.

Во четвртата глава, "Речник на заемки од францускиот и италијанскиот јазик" (стр. 106-205), кандидатот нуди еден мошне богат речник на заемки од францускиот и италијанскиот јазик по азбучен редослед. Тоа се лексеми кои и ден - денес интензивно се употребуваат од страна на албанските интелектуалци,

научници, писатели, публицисти и сл., и длабоко навлегле во структурата на албанскиот стандарден јазик. Од друга страна, може да се истакне дека преку многубројните примери кои ги забележал кандидатот јасно се гледа дека романизмите одиграле значајна улога и во збогатувањето на албанскиот стандарден јазик. Воедно, оваа глава претставува и главен дел на дисертацијата, бидејќи тоа се зборови од општата терминологија кои покриваат многу семантички полиња во албанскиот стандарден јазик. За одбележување е фактот што на анализата на романизмите во албанскиот јазик и претходат богати и содржајни информации, извори, референции и податоци од историски, социолингвистички и културолошки аспект, така што на трудот му даваат одредена тежина. Примерите се придружени со многубројни студии, речници, енциклопшедии и сл.

Во петтата глава (стр. 206-209), м-р Исмаил Камбери ги сумира резултатите до кои дошол во своето истражување на овој проблем, изнесувајќи ги заклучоците. Општиот заклучок на кандидатот е дека, во споредба со другите балкански јазици улогата на романските јазици во збогатувањето на албанската лексика е забележителна. Во тој контекст, трудот на м-р И. Камбери прави еден исчекор за неговиот придонес во доменот на албанистиката, романистиката и балканистиката.

## З А К Л У Ч О К

Докторската дисертација на м-р Исмаил Камбери, **Романизмите во албанскиот јазик,** е плод на долготрајна, систематска и упорна работа. Сложеноста на проблематиката што произлегува од сплетот на историските, географските, економските и социолингвистичките околности под кои е извршено влијанието на романските јазици врз албанскиот јазик на лексички план, како и недостатокот на јазичниот материјал, го ставаат кандидатот пред сериозни тешкотии. Сепак, преку добро поставената методологија, м-р Исмаил Камбери изврши успешна анализа и тоа за првпат на дел од албанската лексика што е плод на романското влијание.

Трудот на м-р Исмаил Камбери претставува придонес кон јазичната и лексичката интерференција на романските јазици и албанскиот јазик, како и за балканската лексика воопшто.

Имајќи го предвид гореизнесеното, Рецензентската комисија има чест и пријатна должност да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески” во Скопје да го повика кандидатот м-р Исмаил Камбери на усна и одбрана.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Шезај Рокај, редовен професор, с.р.
2. Д-р Петар Атанасов, редовен професор, с.р.
3. Д-р Агим Пољоска, редовен професор, с.р.
4. Д-р Мируше Хоџа, вонреден професор, с.р.
5. Д-р Мирјана Алексоска Чкатроска, вонреден професор, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ДЕТЕРМИНАНТИ НА ОДНЕСУВАЊЕТО НА ПОТРОШУВАЧИТЕ ПРИ КУПУВАЊЕ НА СПЕЦИЈАЛНИ ПРОИЗВОДИ СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА СОСТОЈБИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТОТ М-Р СЕЛБИЈЕ МЕМЕТИ - КАРЕМАНИ, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со Одлука број 0202-2464/2 од 1.10.2014, а врз основа на член 120 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 64/00, 49/03, 113/05 и 51/07), членовите 56, 57, 58, 59, 60 и 61 од Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломски и докторски студии на Универзитетот, Св. Кирил и Методиј во Скопје (Универзитетски гласник бр. 7/2001) и член 39 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 26.9.2014 година, именува Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов: **Детерминанти на однесувањето на потрошувачите при купување на специјални производи со посебен осврт на состојбите во Република Македонија**, поднесена од кандидатот **м-р** Селбије **Мемети - Карemани**.

По прегледувањето на трудот, Комисијата, пред членовите на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### I. СОДРЖИНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Докторската дисертација со наслов **Детерминанти на однесувањето на потрошувачите при купување на специјални производи со посебен осврт на состојбите во Република Македонија**", поднесена од кандидатот **м-р Селбије Мемети - Карemани** е обработена на вкупно 246 страници компјутерски среден текст.

Содржината на трудот освен: вовед (стр. 7-17), апстракт и клучни зборови на македонски и на англиски јазик, заклучок (стр. 226-232), прилози (стр. 240-246) и референци (стр. 252-256) е систематизиран во 6(шест) глави:

Глава 1. Фази на процесот на донесување на одлука при купување на специјални производи (стр. 17-61)

Глава 2. Социолошки и економски детерминанти на однесување на потрошувачите при купување на специјални производи (стр. 62-96)

Глава 3. Културни и демографски детерминанти на однесување на потрошувачите при купување на специјални производи (стр. 97-116)

Глава 4. Психолошки детерминанти на однесување на потрошувачите при купување на специјални производи (стр. 117-148)

Глава 5. Посткуповен процес и потрошувачко задоволство при купување на специјални производи (стр. 149-170)

Глава 6. Анализа на детерминантите на однесување на потрошувачите при купување на специјални производи во случај Република Македонија (студија на случај) (стр. 171-226)

Воведниот дел на дисертацијата ги опфаќа, предметот и целите на истражувањето, методологијата на истражувањето, очекуваните резултати од истражувањето и очекуваниот научен придонес од истражувањето.

Во првата глава на докторската дисертација насловена како ***Фази на процесот на донесување на одлука при купување на специјални производи*** е направен подетален осврт врз однесувањето на потрошувачите и анализирани се моделите на однесување на потрошувачите базирани на различни фактори: економски, социолошки или психолошки фактори. Исто така направен е осврт врз фазите на донесување на одлука за купување или некупување на специјалните производи, почнувајќи од фазата на настанување на потребите при купување на специјални производи како прва фаза во процесот на донесување на одлука за купување. На настанувањето и активирањето на потребата влијаат бројни внатрешни (практиката, карактеристиките и мотивите на потрошувачот) и надворешни фактори (средината и другите маркетинг-стимуланси), па затоа маркетерите при истражувањето на пазарот е неопходно не само да ги пронајдат потрошувачите, туку и да осознаат кои се причините за настанување на потребата за конкретен вид на специјален производ. Понатаму, во рамките на оваа глава, разработена е втората фаза, т.н. фаза на прибирање на информации при купување на специјални производи. Собирањето на информации е ментална и физичка активност на потрошувацчите, што им овозможува избор на квалитетни производи и услуги. Во современиот свет на информативни системи, потрошувачот наидува на бројни извори на информации, меѓутоа процесот на нивното прибирање и вреднување е многу комплексен и е врзан за големи трошоци. Прибраните информации се обработени со цел да се формира т.н. банка на информации кои ќе му помогнат на потрошувачот при изборот и купувањето на специјалните производи. По прибирањето на информациите следува третата фаза, позната во литературата како фаза на оценка на различните алтернативи при купување на специјални производи, за по неа да бидат разработени и четвртата фаза - фазата на избор и купување при купување на специјални производи, како и последната т.н. фаза на посткуповен процес при купување на специјални производи.

Во втората глава на докторската дисертација насловена како ***Социолошки и економски детерминанти на однесување на потрошувачите при купување на специјални производ,и*** подетално се разработени најголемиот број на социолошки детерминанти кои влијаат врз однесувањето на потрошувачите при купување на специјални производи. Во таа насока е направен подетален осврт на: животниот стил на потрошувачите, потоа улогата и статусот, референтните групи, семејството како и на општествениот слој како социолошки фактор на однесување на потрошувачите при купување на специјални производи. Во рамките на оваа глава е направен детален осврт и врз економските детерминанти на однесувањето на потрошувачите при купување на специјални производи.

Во третата глава на докторската дисертација насловена како ***Културни и демографски детерминанти на однесување на потрошувачите при купување на специјални производи,*** разработени се културата и супкултурата како детерминанти на однесувањето на потрошувачите при купување на специјални производи. Во рамките на културните детерминанти, подетално се анализирани прашањата поврзани со: културните вредности и однесувањето на потрошувачите, производите и нивното културно значење, културата и процесот на консумирање, социјалните импликации на културните вредности. Оваа глава е заокружена со детална разработка на демографски детерминанти на потрошувачка и нивното влијание при купување на специјални производи.

Во четвртата глава на предложената тема за докторската дисертација насловена како ***Психолошки детерминанти на однесување на потрошувачите при купување на специјални производи,*** направен е подетален осврт врз психолошки детерминанти на однесувањето на потрошувачите при купување на специјални производи. Во тој поглед, во предложената тема за докторската дисертација анализирани се: мотивацијата на потрошувачот како детерминанта на однесување на потрошувачите при купување на специјални производи, личноста на потрошувачот како детерминанта при купување на специјални производи, перцепцијата на потрошувачот – односно самиот процес на запазување на специјалните производи од страна на потрошувачите како детерминанта при купување на специјални производи, потоа учењето на потрошувачот како детерминанта при купување на специјални производи, како и уверување и ставови на потрошувачот како детерминанта при купување на специјални производи.

Во петтата глава од докторската дисертација насловена како ***Посткуповен процес и потрошувачко задоволство при купување на специјални производи*** направен е осврт врз: посткуповниот процес, кој ги опфаќа употребата и неупотребата на специјалните производи, за задоволство на потрошувачите, за несовпаѓањето меѓу задоволството и очекувањата, со дилемите и жалбите на потрошувачите, градење на позитивен однос со потрошувачите и со нивното задржување, како и прашањата поврзани со лојалноста на потрошувачите при избор на специјални производи.

Имено, по извршеното купување на производот, потрошувачот, чувствува задоволство или незадоволство од купениот специјален производ во зависност од тоа дали избраниот производ ги исполнува критериумите што тој ги очекувал или не и сл. Задоволство имаме кога корисноста од веќе купените специјални производи ги надминува очекувањата на потрошувачот. Задоволството притоа се јавува како емоционален одговор во однос на употребата на специјалните производи.

И задоволството на потрошувачите е различно во зависност од различниот развој на земјите, значи некој специјален производ што некаде е луксузен во некоја друга земја се смета како основен и сл. За да се постигне задоволство, секогаш незадоволството треба да се сведе на минимум. Овој процес на преиспитување на веќе донесената одлука од страна на потрошувачите во литературата е познат како процес на т.н. посткуповни дилеми. Овие дилеми треба да ги земаат предвид компаниите кои се производители, но и продавачите

на мало на специјални производи, се со цел да го усовршуваат квалитетот на нивните производи, но и да изнајдат начини и тактики за нивно задржување и привлекување. Исто така, овде се потенцира однесувањето на потрошувачите во меѓународни рамки и се разгледува консумеризмот како движење за заштита на правата на потрошувачите.

Последната глава од докторската дисертација е посветена на анализа на детерминантите на однесување на потрошувачите при купување на специјални производи во Република Македонија. Во оваа глава, за таа цел е спроведено истражување со кое се анализираат потрошувачите, нивното однесување и детерминантите кои влијаат на нивното однесување при купување на специјани производи во развиените земји за тие да бидат компарирани со потрошувачите на специјални производи во Република Македонија. Анкетирањето е реализирано на примерок од 666 испитаници - средношколци и студенти од повеќе градови и студенти од Универзитетот Св. Кирил и Методиј и од Државниот универзитет во Тетово, како и во другите дисперзирани факултети ви Скопје, Струга, Кичево и др.

## II. ОПШТА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Глобалната индустрија за производство на специјални производи се очекува да расте повеќе од кога било во периодот што доаѓа. Потрошувачите се денес посвесни за опкружувањето благодарение на медиумите како телевизијата и интернетот и, следствено, имаат достап и можност за избор од аспект на квалитетот, цената и дизајнот на специјалните производи. Заради тоа, производителите и усвојуваат нови техники, бизнис-модели и конкурентски стратегии за да ги зголемат сопствените профити и својот раст. Република Македонија, како мултикултурна и мултиетничка земја, поседува шаренило на културни вредности, животен стил и куповно однесување.

Пред развојот на потрошувачката култура, културните категории беа многу поригидни отколку денес, кога постои промена во нивната природа и значење, особено во најразвиените земји. Поврзаноста на културата и нивното однесување е неспорна. Јазикот, исто така, како дел од културата има големо значење за потрошувачките обрасци на постапување и интерпретирање, бидејќи јазикот не е само инструмент за опишување на настаните туку и за нивно обликување. Прегледот на литературата утврди дека постои директен однос помеѓу вредностите и однесувањето на потрошувачите, кој се одржува преку културата и влијае на ставовите, одлучувањето и однесувањето на потрошувачите.

На тој начин вредностите можат да бидат искористени како основа за сегментирање на потрошувачите бидејќи имаат централна и стабилна улога во нивната когнитивна структура. Животниот стил на потрошувачот претставува негов образец на однесување, односно неговите активности, интереси и верувања. Во рамките на животниот стил може да биде опфатена и карактеристиката за прифаќање на иновации. Иновацијата може да биде производ, услуга или идеја која потрошувачот ја смета за нова. Потрошувачите се разликуваат во брзината со

која ги прифаќаат иновациите на пазарот. За маркетерите, секако се најважни раните прифаќачи бидејќи тие први го прифаќаат новиот производ на пазарот и бидејќи често се „водачи во мислење“ во својата средина и вршат влијание врз останатите потрошувачи. Добиените резултати од истражувањето ќе им помогаат на производителите и трговците со специјални производи да ги приспособат своите маркетинг-стратегии согласно со карактеристиките на животниот стил на македонскиот потрошувач на специјални производи.

Поаѓајќи од постојната научна и економска теорија, **предмет и цел** на овој труд е анализата на однесувањето на потрошувачите, како и анализа и презентирање на важноста на економските, социјалните, културните и психолошките детерминанти врз однесувањето на потрошувачите при изборот и купувањето на специјалните производи. Исто така, важна цел на овој труд е увидот за преференциите на македонскиот купувач на специјални производи, а особено кога се работи за земјата на потекло, конкретно на оригиналноста на производите, а со тоа и давањето сугестии на производителите и трговците со специјални производи за приспособување на нивните маркетинг-стратегии согласно со специфичните карактеристики на потрошувачите на специјални производи во Република Македонија.

На крај е направена студија на случај која е посветена на анализа на однесувањето на учениците од средните училишта, како и на студентите од универзитетите во Република Македонија, како купувачи и потрошувачи на специјални производи.
Оваа категорија на купувачи и потрошувачи, а особено средношколците, се многу примамлива категорија за компаниите кои ги нудат овие производи, но исто така и многу деликатни поради нивните промени-општествени или психолошки, а ова се однесува и на машкиот и на женскиот род како потрошувачи.

Наодите од студијата кои се наведени погоре, и кои се групирани како групи на детерминанти, како што се економските, социолошките, психолошките и други, влијаат на купувањето на специјални производи. За сите овие детерминанти се поставени хипотези кои се поодделно анализирани.

Поставената хипотеза е дека демографските детерминанти имаат влијание врз однесувањето на средношколците и студентите при донесување на одлука за купување на оригинални специјални производи. Оваа хипотеза е прифатена и стои според резултатите од анализата и позитивниот коефициент, 6.88 пати повеќе на возраста 20-30 години, од тие со возраст >40 и 4.19 пати повеќе тие со возраст <20, кој покажува дека најголеми купувачи на оригинални специјални производи, се средношколците на возраст од <20 и студентите од 20 до 30 години.

Поставената хипотеза дека социолошките дерминанти влијаат на однесувањето на потрошувачите при купување на спортска облека и обувки според добиените резултати се потврдува. Резултатите покажуваат дека колку поголемо е семејството, толку се помали и шансите за купување на оригинални специјални производи.

Од односот на шансите за купување на оригинални специјални производи според семејниот статус, каде што како основа се земени потрошувачите кои се изјасниле дека се во брак и со деца произлегува дека шансите се 3,63 пати поголеми кај тие што се декларирале дека се самци, во однос на сите останати групи.

Исто така од добиените резултати се покажа дека при донесување на одлука за купување на оригинални специјални производи, важна улога има и марката на производите. Овој резултат, е показател за маркетинг менаџерите на овие компании за да преземаат мерки кои ќе водат во насока на нивно издигнување на ниво на бренд.

Начинот на информирање исто така има важна улога во донесувањето на одлука за купување. Во таа насока говорат и резултатите според кои информациите од семејствата и пријателите (32,4%), како и од рекламите по разните медиуми (40,8%) имаат значајно влијание врз процесот на донесување на одлука за купување.

Хипотезата дека економските детерминанти имаат влијание врз средношколците и студентите при донесување на одлука за купување е исто така потврдена. Купувањето во голема мера е условено од целокупните примања на семејството**, па затоа според резултатите од истражувањето, потрошувачите кои имаат поголем број на вработени во семејството и повисоки примања, имаат и поголеми шанси за купување** на оригинални специјални производи.

Една од детерминантите која влијае врз процесот на купување на оригинални специјални производи е и квалитетот на производите кој има позитивен ефект врз средношколците и студентите. Резултатите кои се добиени од анализата покажуваат дека квалитетот е прв приоритет (за 61% од испитаниците).

Овие проценти покажуваат дека кога квалитетот е гарантиран, тогаш купувачите се подготвени да платат повеќе за тој производ. Но бидејќи се работи за Република Македонија, со ваквиот стандард на живеење, за средношколците и студентите би било подобро, и цените да се посоодветни (52,55% од нив одговориле дека сакаат и купуваат на места кои нудат фер цени).

Исто така во оваа студија е поставена хипотезата дека психолошките фактори влијаат во однесувањето на средношколците и студентите при купување. Од анализата на односите на шансите за купување на оригинални специјални производи според преференциите, произлезе дека односот на шансите за купување е 3,08 пати поголем кај тие што преферираат да купуваат, во однос на тие што не преферираат.

Што се однесува до сигнификацијата на моделот, од резултатите се покажува дека P=0,5863 е позитивен, а тоа докажува дека моделот е сигнификантен и прифатлив. Исто така, коефициентот на детерминација е R2=0,77, односно 77%, независните варијабли даваат информација во врска со зависната варијабла, односно одлуката за купување на оригинална специјални производи во голема мера зависи од искажаните фактори. Добиените и презентираните резултати можат да им служат на компаниите кои нудат оригинални специјални производи (производители и продавачи), како индикатори за коригирање на производните и продажните политики, како и за почесто истражување на потрошувачите, а особено оваа целна демографска група кај има која многу чести промени.

Во трудот од аспект на теориско-методолошката анализа на прашањата поврзани со главните трендови и предизвици во однесувањето на потрошувачите се користени следниве методи:

1. Методот на индукција е применет преку поединечна анализа на состојбите во доменот на однесувањето на потрошувачите при избор на специјални

производи во Република Македонија, што понатаму ќе претставува основа за теоретски воопштувања (дедукција).

2. Квантитативни и квалитативни методи и техники кои се користат за истражување на однесувањето на потрошувачите. Иако квалитативната анализа се користи повеќе кај мотивационите истражувања, а квантитативната анализа кај истражувањето на животниот стил на потрошувачите, во трудот со оглед на неговата содржина употребена е комбинација на овие техники и методи.

3. Методите на компаративна економска анализа и статистичкиот метод исто така се користени во оваа анализа. Од интерните методи, употребен е инструментот MLQ на (Basss и Avolio). MLQ е инструмент кој спаѓа во посовремените психометрички методи за анализа на детерминантите кои влијаат во однесувањето на потрошувачите при купување. Со психографската анализа која го мери стилот на живот испитани се ставовите, верувањата, мислењата на потрошувачите со што се доловува разновидноста на културните и психолошки детерминанти на однесувањето на потрошувачите при изборот и купувањето на специјални производи во Република Македонија.

4. За анализа и обработка на податоците за влијанието на демографските детерминанти, на потрошувачите при изборот и купувањето на специјални производи, е употребена, дескриптивна статистика, и голем број на компјутерски програми.

Преку овој труд може да се добијат сознанија за однесувањето на потрошувачите, конкретно на студентите и средношколците како целна група во Република Македонија, при купување на оригинални специјални производи. Конечно, истражувањето придонесува и ја зајакнува научната основа за понатамошно истражување на однесување на потрошувачите во малопродажбата на специјални производи.

Со докторската дисертација насловена како **Детерминанти на однесување на потрошувачите при купување на специјални производи со посебен осврт на состојбите во Република Македонија** се нуди преглед на научни согледувања во подрачјето на однесувањето на потрошувачите преку истражувањето на опсежна релевантна литература. Презентираните сознанија се приспособени на постојните состојби во нашата земја. Спроведеното истражување придонесува маркетерите на компаниите кои нудат оригинални специјални производи да развијат производно-специфични планови, како и пошироки стратегии за сегментирање на пазарот на потрошувачите на специјални производи, но и да донесат прилагодени одлуки за компонентите на нивниот маркетинг-микс.

Иако ова истражување опфаќа еден многу мал број на потрошувачи и не може да се донесе некое општо мислење, бидејќи се работи за големи компании, кои многу добро го познаваат пазарот, сепак треба да се потенцира дека компаниите кои нудат оригинални специјални производи треба да направат корекции во нивните стратегии и планови за производство и за продажба во земјите во развој и во транзиција.

Во однос на организацијата и систематизацијата на материјалот во докторската дисертација, може да се заклучи дека кандидатот м-р Селбије Мемети - Каремани на логичен начин ги прикажува одделните глави и делови во рамките на трудот, при што користи јасен и разбирлив академски стил. Дополнително, при

изработката на докторската дисертација е користена обемна, современа и релевантна литература од истражуваната област, што резултира во висококвалитетен научен текст. Според досега презентираното, Комисијата е цврсто убедена дека кандидатот м-р Селбије Мемети - Каремани во целост ги има постигнато поставените цели на докторската дисертација.

**Проверката на** докторскиот труд на тема под наслов Детерминанти на однесувањето на потрошувачите при купување на специјални производи со посебен осврт на состојбите во Република Македонија, поднесена од кандидатот м-р Селбије Мемети - Каремани, **е иницирана од менторот** проф. д-р Снежана Ристевска-Јовановска, **на** 7.10.2014**.**

Резултатот за документот е: документот содржи 68463 зборови од кои за 3255 (4,75%) е пронајдено совпаѓање во 1001 документи. Притоа, зборовите кои се совпаѓаат се од општ карактер, врз основа на што потврдуваме дека оваа докторска дисертација претставува оригинален и самостоен труд на кандидатот.

III. ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесената кратка содржина и оцената на научниот придонес на докторската дисертација **Детерминанти на однесувањето на потрошувачите при купување на специјални производи со посебен осврт на состојбите во Република Македонија**, поднесена од кандидатот **м-р** Селбије **Мемети - Каремани**, а поаѓајќи од тоа дека овој труд ги исполнува сите критериуми на ниво на докторска дисертација, Комисијата има чест да му предложи на Наставно - научниот совет на Економскиот факултет во Скопје:

*прво:* да донесе одлука со која ќе го прифати извештајот на Комисијата за позитивната оценка на докторска дисертација,

*второ:* да одобри закажување на ден за јавна одбрана на докторската дисертација.

КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА И ОДБРАНА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА,

Проф. д-р Снежана Ристевска-Јовановска с.р.

Проф. д-р Нада Секуловска с.р.

Проф. д-р Валентина Жилеска-Панчовска с.р.

Проф. д-р Татјана Петковска Мирчевска с.р.

Проф. д-р Лидија Пулевска Ивановска с.р.

**ПРЕГЛЕД**

на прифатена тема за изработка на магистерски труд на
Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје,
Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** |
|---|---|---|
| дипл. инж. Драган Савески | Дизајн и конструкција на компактна CNC глодалка<br><br>Design and construction of compact CNC router | д-р Владимир Кољозов, вонреден професор |

# Р Е Ф Е Р А Т
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО - НАУЧНИ ЗВАЊА ЗА НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ): КЛАСИЧНА АРХЕОЛОГИЈА, ГРЧКА И РИМСКА КУЛТУРА, РИМСКА ПРОВИНЦИСКА КУЛТУРА, ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТА НА СТАРИОТ ВЕК И АНТИЧКА УМЕТНОСТ НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Во врска со распишаниот конкурс, објавен во весникот „Нова Македонија" на 12.5.2014 г., за избор на наставник во сите звања од научните области: класична археологија, грчка и римска култура, римска провинциска култура, историја на уметноста на стариот век и античка уметност, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата VIII редовна седница одржана на 1.7.2014 година, донесе Одлука за формирање на Рецензентска комисија во состав: академик проф. д-р Вера Битракова Грозданова, проф. д-р Елица Манева и проф. д-р Драги Митревски.

Комисијата утврди дека на распишаниот конкурс се пријави само еден кандидат, д-р Марјан Јованов, доцент на Институтот за историја на уметност и археологија. По направената анализа на пристигнатите материјали, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет при Филозофскиот факултет во Скопје му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Марјан Јованов е роден на 12.8.1967 г. во Штип. Додипломските студии по ги завршил на Институтот за историја на уметноста и археологија на Филозофскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во 1991 г. Во 2001 год. магистрира на Институтот за историја на уметноста и археологија на Филозофскиот факултет во Скопје со магистерскиот труд под наслов: *Античка бронза во Македонија*. Во 2009 г. ја одбранил докторската дисертација на тема: „Погребувањето во антиката помеѓу Вардар и Струма" на Институтот за историја на уметноста и археологија на Филозофскиот факултет во Скопје при Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Во периодот 1995 - 2001 работел како помлад асистент, од 2001 до 2009 како асистент, а од 2009 до денес како доцент при Институтот за историја на уметноста и археологија на Филозофскиот факултет во Скопје.

За време на целиот свој работен ангажман, Марјан Јованов има учествувано на голем број научни собири, конференции и конгреси со свои излагања: од 1995 год. до сега на сите редовни симпозиуми на Македонското археолошко научно друштво (осум на број), како и на неколку меѓународни симпозиуми, во Бугарија, Словенија и Германија.

Во 1999/2000 год. е на студиски престој на Институтот за класична археологија во Виена, а од магистрирањето до денес е учесник и раководител на голем број научноистражувачки проекти, од кои ги издвојуваме: Раноантичкиот град на Вардарски Рид, Голем Град Преспа, Скопска тврдина Кале, Исар-Марвинци, Археолошки истражувања на лок. Грамади с. Корешница, Пештера

Голем Змејовец, Демир Капија, Лок. Црвено Поле на планината Огражден, лок. Градиште с. Младо Нагоричане, Истражувања во пијанечкиот регион и др.

Од 1994 год. е член на Македонското археолошко научно друштво, во два мандата е член на претседателството, а од 2013 год. е негов претседател. Претседател е и на Управниот одбор на Археолошкиот музеј на Македонија. Учествува во уредувачкиот одбор на списанието Folia Archaeologica Balkanica, а во моментов е уредник на списанието Macedoniae Acta Archaeologicae.

Д-р Марјан Јованов учествува и во голем број комисии за валоризација на културното наследство, избори во музејски звања, рецензии за научноистражувачки проекти, стручни публикации и сл.

Од 2013 год. е раководител на Институтот за историја на уметноста и археологија.

**Наставно-образовна дејност**

Д-р Марјан Јованов од 1995 г. работи при Институтот за историја на уметноста и археологија на Филозофскиот факултет во Скопје. Од 15.12.2009, тој е доцент за научните области: класична археологија, грчка и римска култура, римска провинциска култура, историја на уметноста на стариот век и античка уметност.

Во текот на својот ангажман како доцент, кандидатот Марјан Јованов има успешно изведувано предавања и вежби по предметите: класична археологија 1 и 2, раноантичка археологија на Балканот 1 и 2, античка уметност, античка уметност во Македонија, историја на уметноста на стариот век и Римска археологија 1.

За наставата од втор циклус студии, доц. Марјан Јованов ја подготвил предметната програма на насоката античка археологија, а е и носител на предметите: античка фунерарна археологија, религија и уметност во антиката, античка тореутика, дел од предметот археологија на Македонија.

За наставата од втор циклус студии на насоката историја на уметност, доц. Марјан Јованов ја подготвил предметната програма на насоката античка уметност, а е и носител на предметите: античко сликарство и античка скулптура.

За предмети од трет циклус студии, кандидатот д-р Марјан Јованов ја изработил програмата за предметите античка материјална култура и антички населби и некрополи.

Од изборот во звањето доцент до денот на пријавувањето на конкурсот, кандидатот е ментор на 40 дипломски работи, ментор е на 6 магистерски трудови, а има учествувано и во голем број комисии за одбрана на дипломски работи, магистерски трудови и докторски дисертации.

Тој, исто така, одржува редовно консултации со студентите.

За педагошките аспекти на наставната дејност на д-р Јованов, приложени се резултатите од спроведената евалуација на Филозофскиот факултет. Во анкетата на студентите спроведена за предметите класична археологија, раноантичка археологија и античка уметност, ја има добиено **просечната оценка 9, 7**.

Во согласност со член 12 од Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник, година

XI, бр. 173 од 1 август 2011 година), доц. д-р Марјан Јованов има остварено вкупно **49,16 поени од наставно-образовната дејност,** што значи дека го надминува потребниот минимум од 20 поени кои се неопходни за избор во звањето вонреден професор.

## Научноистражувачка дејност

Во текот на изборниот период како доцент, д-р Марјан Јованов ги има објавено следниве трудови:

1. The Problem of The Diskontinuity in Classical and Helenistic period in Eastern Macedonia, Macedonian Historical Review 1, Skopje 2010.

Д-р Јованов во овој труд се занимава со проблемот на континуитет и дисконтинуитет во населувањето на источните делови на Република Македонија во раната антика. При тоа изнесува нови научни докази базирани на теренска и кабинетска истражувачка активност, со кои се објаснува отсуството на археолошки остатоци во класичниот и хеленистичкиот период во источна Македонија, но ја нагласува и релацијата со постарите периоди преку погребните форми и ритуси. Со овој труд, авторот аналитички ја пронаоѓа врската помеѓу населбите и некрополите од римскиот период со оние од железното време, потенцирајќи ги миграциите како причина за напуштање на одделни региони во класичниот и хеленистичкиот период.

2. Античка бронза во Македонија, Скопје, 2014.

Во оваа книга, авторот ги анализира античките бронзени садови и скулптури откриени на територијата на Македонија, а кои потекнуваат од целиот антички период, односно од 5 век пр.н.е. до 4 век. Направена е нивна технолошка, стилска и ликовна анализа, а класифицирани се по хронолошки ред. Овој труд претставува обемна студија и корпус на атрактивен археолошки материјал, кој е сведоштво за високите културни дострели на овој регион во антиката.

3. Classical period in Macedonia, The New Archaeological evidences, Manching, Germani, 2014.

Во оваа статија, авторот го презентира класичниот период во Р. Македонија, но наведува нови археолошки докази и откритија, кои се резултат на негови теренски истражувања. Тоа е значајно дополнување на сликата за раниот класичен период во Македонија, пред сѐ на нејзините централни делови, односно долината на Вардар. Од овој труд се согледува раното културно поврзување на Македонија со хеленските центри како Атина, контактите во трговска смисла, но и независноста и големата економска моќ на овие простори во 5.тиот век пр.н.е.

4. Graves with round stone wreaths from the Roman Imperial period in Eastern Macedonia, Acta Terrae Septemcastrensis, Sibiu 2009.

Д-р Јованов во овој прилог ги презентира резултатите од теренските истражувања на лок. Црвено Поле на планината Огражден, правејќи научна

анализа на погребните форми, ритуси и движни археолошки наоди откриени во некрополата на лок. Црвено Поле. Ова се сосема нови научни откритија од досега неистражен регион со кои добиваме сосема нова слика за животот во планинските предели во римскиот царски период во Македонија.

5. Погребување во антиката помеѓу Вардар и Струма, Скопје, 2009.

Во овој труд, д-р Јованов прави темелен приказа на погребните форми и обичаи во античко време на просторот помеѓу реките Вардар и Струма, како две природни граници помеѓу кои во предримскиот период егзистира пајонско население, а оваа територија подоцна административно ќе потпадне под македонска, а потоа и под римска власт. Овие административни и културни промени ќе ги регистрира преку промените кои се јавуваат во фунерарната сфера, а тоа ќе се одрази и на севкупната материјална култура, за која најмногу информации добиваме преку проучување на гробните наоди.

6. Наоди на оружје од Голем Град, Голем Град, Преспа, том 2, Скопје, 2014.

Статијата е дел од зборникот на трудови за локалитетот Голем Град и преспанскиот регион, а произлегува од повеќегодишните истражувања на овој локалитет, каде што Јованов учествувал како член на стручната екипа, а во последниве три години како раководител на проектот. Трудот претставува анализа на наодите на оружје од различни временски период кои го отсликуваат животот на овој локалитет. Со тоа се обелоденува уште еден аспект од начинот на живот и економија на населението на овој остров на Преспанското Езеро.

Доц. д-р Марјан Јованов во периодот од 2009 до 2014 год. учествувал на следниве научни и стручни собири со реферати:

- 18. Симпозиум на Македонското археолошко научно друштво, Банско, 2010;
- 19. Симпозиум на Македонското археолошко научно друштво, Дојран, 2012;
- Меѓународна конференција за културно наследство на Источна Европа, Пиран, Словенија, 2013;
- Меѓународна конференција за келтско-римскиот свет, Маншинг, Германија, 2014.

Во периодот 2009-2014 год., доц. д-р Јованов бил раководител и учесник во повеќе научноистражувачки проекти:

-Голем Град-Преспа;
-Градиште Пчиња, с. Младо Нагоричане;
-Голем Змејовец, Демир Капија;
-Чаир -Рид, с. Тремник.

Од анализата на активностите и трудовите на д-р Марјан Јованов од изборот во звањето доцент, 2009-2014 година, заклучуваме дека кандидатот има истражувачки предизвик и резултати од истражувањата во областите со кои научно се занимава и за кои конкурира: класична археологија, грчка и римска култура, римска провинциска култура, историја на уметноста на стариот век и античка уметност.

Согласно со член 12 од Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник, година XI, бр. 173 од 1 август 2011 година), доц. д-р Марјан Јованов остварил вкупно **91 поен од научноистражувачката дејност,** со што го надминал минималниот број на поени (20) кои се неопходни за избор во звањето вонреден професор.

## Стручно-апликативна дејност

Во периодот од изборот во звањето доцент, д-р Јованов се занимавал и со следниве активности во рамките на стручно-апликативната дејност:

Учествувал во голем број комисии при Министерството за култура на Р. Македонија, за избор, оцена и рецензија на научноистражувачки проекти, рецензии на книги од стручната и поширокатa област, бил раководител на студии од втор степен на Институтот за историја на уметноста и археологија, како и држел предавања на институции од јавен интерес.

Како експерт, д-р Јованов изработил:

- рецензија (бил еден од рецензентите) на монографијата „Пелагонија и Девриоп" од проф. Виктор Лилчиќ, Скопје, 2011);
- претседател е на Организациониот одбор на годишниот Симпозиум на Македонското археолошко научно друштво;
- уредник е научно стручното списание „Macedonia Acta Archaeological";
- претседател е на управниот одбор на Археолошкиот музеј на Македонија;
- раководител е на Институтот за историја на уметноста и археологија;
- претседател е на Македонското археолошко научно друштво.

Како заклучок од прегледот и увидот во стручно-апликативната дејност на д-р Јованов, членовите на Комисијата со задоволство констатираат дека кандидатот имал голем број активности и дека сите многубројни активности со кои била ангажиран ги исполнувал совесно, навремено и успешно.

Во согласност со член 12 од Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник, година XI, бр. 173 од 1 август 2011 година), доц. д-р Марјан Јованов има освоено вкупно **24 поени од стручно-апликативната дејност,** со што го надминува потребниот минимум (5) поени, неопходни за избор во звањето вонреден професор.

## Заклучок и предлог

Од наведените активности во извештајот, констатиравме дека  станува збор за кандидат кој покажува потврдени професионални квалитети и компентенции од наведените научноистражувачки области.

Според тоа, Рецензентската комисија со задоволство констатира дека доц. д-р Марјан Јованов во целост ги исполнува условите на конкурсот и ги задоволува сите предуслови  предвидени во Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј во Скопје (Универзитетски гласник, година XI, бр. 173 од 1 август 2011 година).

Имајќи ги предвид сите наведени податоци и истакнати квалитети на кандидатот,  Комисијата има посебна чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да го избере доц. д-р Марјан Јованов во звањето ***вонреден професор*** за научните области (дисциплини): класична археологија, грчка и римска култура, римска провинциска култура, историја на уметноста на стариот век и античка уметност.

**Рецензентска комисија**

Академик проф. д-р Вера Битракова Грозданова, с.р.

Проф. д-р Елица Манева, с.р.

Проф. д-р Драги Митревски, с.р.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Марјан, Душан, Јованов**
(име, татково име и презиме)
**Институција:** **Филозофски факултет, Институт за историја на уметноста и археологија**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** **Археологија, Историја на уметноста**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Одржување на настава | |
| 2 | -прв циклус студии | 12 |
| 3 | -втор циклус студии | 6 |
| 4 | Одржување на теренска настава | 4 |
| 5 | Одржување на вежби | 6 |
| 6 | Подготовка на нов предмет | |
| 7 | -предавања | 2 |
| 8 | -вежби | 1 |
| 9 | Консултации со студенти | 0,16 |
| 10 | Ментор на дипломска работа | 6 |
| 11 | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат | 1,5 |
| 12 | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура | 4,5 |
| 13 | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа | 6 |
| | **Вкупно** | 49,16 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Ментор на магистерска работа | 4 |
| 2 | Раководител на национален научен проект | 24 |
| 3 | Учесник во национален научен проект | 18 |
| 4 | Учесник во меѓународен научен проект | 5 |
| 5 | Монографија | 8 |
| 6 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание | 12 |
| 7 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир | 4 |
| 8 | Пленарно предавање на научен/стручен собир | 6 |
| | Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество | 6 |

| | | |
|---|---|---|
| 9 | Учество на научен/стручен собир со реферат | |
| | -усна презентација | 4 |
| | **Вкупно** | 91 |

**СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред.број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | **Вкупно** | |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред.број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Книга од стручна област | 8 |
| 2 | Експертски активности | 2 |
| 3 | Предавање на институтуции од јавен интерес | 2 |
| | | |
| | | |
| | **Вкупно** | 12 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1 | Уредник на стручно списание | 2 |
| 2 | Член на уредувачки одбор на научно списание | 1 |
| 3 | Претседател на организационен одбор на научен собир | 1 |
| 4 | Член на организационен одбор на научен собир | 1 |
| 5 | Раководител на внатрешна организациона единица | 3 |
| 6 | Учествово комисии и тела на државни и други органи | 2 |
| 7 | Раководител на постдипломски студии | 2 |
| 8 | | |
| | | |
| | **Вкупно** | 12 |
| **Спортска дејност** | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | **Вкупно** | |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 49,16 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 91 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 24 |
| **Вкупно** | 164,16 |

**Членови на Комисијата**

1. Акад. проф. д-р Вера Битракова-Грозданова, претседател, с.р.

2. Проф. д-р Елица Манева, член, с.р.

3.Проф. д-р Драги Митревски, член, с.р.

**ПРЕГЛЕД**
**на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Архитектонскиот факултет**

| р.бр | кандидат | наслов на тема | Ментори/комисии |
|---|---|---|---|
| 1. | Даниела Чочовска | КОЛЕКТИВНАТА ФОРМА ПОМЕЃУ ГРАДОТ И ПРИРОДАТА<br><br>COLLECTIVE FORM: BETWEEN THE CTY AND THE NATURE | Проф. д-р Минас Бакалчев, ментор<br>Проф. д-р Влатко П.Коробар, претседател<br>Доц. д-р Михајло Зиноски, член<br>Доц. д-р Огнен Марина, член |
| 2. | Елеонора Здравковска | ЛИНЕАРЕН ГРАД / СЕКВЕНЦИ НА ДОМУВАЊЕТО<br><br>LINEAR CITY, SEQUENCES OF HOUSING | Проф. д-р Минас Бакалчев,ментор<br>Доц. д-р Слободан Велевски, претседател<br>Проф. д-р Митко Хаџи Пуља, член<br>Доц. д-р Александар Радевски, член |
| 3. | Елена Блажевска | СТАНБЕНИ ФРАГМЕНТИ НА ЛИНЕАРЕН ГРАД, АКСИЈАЛА СЕВЕРОЗАПАД – ЈУГОИСТОК, СКОПЈЕ<br><br>RESIDENTIAL FRAGMENTS OF THE LINEAR CITY, NORTHWEST-SOUTHEAST AXIS, SKOPJE | Проф. д-р Минас Бакалчев, ментор<br>Проф. д-р Иванка Кировска, претседател<br>Доц. д-р Марија Мано Велевска, член<br>Проф. м-р Наташа Милованчев, член |
| 4. | Даница Спасевска | АРХИТЕКТУРА НА РАБОВИТЕ КАКО НОВА КОЛЕКТИВНА ФОРМА, ДЕБАР<br><br>ARCHITECTURE OF EDGES AS A NEW COLLECTIVE FORM, CASE STUDY ON DEBAR | Проф. д-р Минас Бакалчев, ментор<br>Проф. д-р Влатко П.Коробар, претседател<br>Доц. д-р Страхиња Трпевски, член<br>Проф. д-р Косто Мангароски, член |
| 5. | Силвана Тасева | ОБРАСЦИ НА ПОВТОРУВАЊЕ КАКО ТАКТИКА НА СОСТАВУВАЊЕ НА ЛИНЕАРНИОТ ГРАД (АКСИЈАЛА ЈИ-СЗ, СКОПЈЕ)<br><br>PATTERNS OF REPETITION AS A TACTIC OF GENERATING THE LINEAR CITY, AXIS NORTHWEST - SOUTHEAST, SKOPJE | Проф. д-р Минас Бакалчев, ментор<br>Проф. д-р Владимир Арсовски, претседател<br>Доц. д-р Александар Радевски, член<br>Доц. д-р Огнен Марина, член |
| 6. | Ељмедина Рамадани | ИСТРАЖУВАЊЕ ВО КОЛЕКТИВНАТА ФОРМА 1964/2014, УТОПИСКО НАСЛЕДСТВО ИЛИ ПРЕДВИДУВАЊЕ НА ИДНИНАТА<br><br>INVESTIGATIONS IN COLLECTIVE FORM 1964-2014, UTOPIC HERITAGE OR PROJECT OF THE FUTURE | Проф. д-р Минас Бакалчев, ментор<br>Доц. д-р Јован Ивановски, претседател<br>Проф. д-р Виктор Пајвански, член<br>Проф. м-р Елизабета Аврамовска, член |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7. | Фросина Ѓорѓеска | МРЕЖА НА ДОМУВАЊЕТО КАКО НОВА КОЛЕКТИВНА, АКСИЈАЛА, ЈИ-СЗ, СКОПЈЕ<br><br>NETWORK OF HOUSING AS A NEW COLLECTIVE FORM, AXIS NORTHWEST – SOUTHEAST, SKOPJE | Проф. д-р Минас Бакалчев, ментор<br>Доц. д-р Александар Радевски, претседател<br>Проф. д-р Владимир Арсовски, член<br>Доц. д-р Бојан Каранаков, член |
| 8. | Ана Иванова | ДОМУВАЊЕ ВО ПРИРОДА, ЕВОЛУЦИЈА НА КОЛЕКТИВНАТА ФОРМА ВО ПРИРОДНИТЕ ПРЕДЕЛИ/ ЗИМСКИ ЦЕНТАР, ПОНИКВА<br><br>HOUSING IN NATURE - COLLECTIVE FORM OF EVOLUTION IN NATURAL LANDSCAPES, CASE STUDY ON MOUNTAIN RESORT PONIKVA | Проф. д-р Минас Бакалчев, ментор<br>Доц. д-р Михајло Зиноски, претседател<br>Доц. д-р Страхиња Трпевски, член<br>Проф. д-р Косто Мангароски, член |
| 9. | Евгенија Поповска | ДОМУВАЊЕ И ТЕРИТОРИЈА: ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ГРАНИЦИТЕ НА ГРАДОТ, СКОПЈЕ<br><br>HOUSING AND TERRITORY: THE TRANSFORMATION OF THE EDGES OF THE CITY OF SKOPJE | Проф. д-р Минас Бакалчев, ментор<br>Доц. д-р Александар Радевски, претседател<br>Доц. д-р Ана Тромбева Гаврилоска, член<br>Доц. д-р Слободан Велевски, член |
| 10. | Ехад Ќорбајрам | МОРФОЛОГИЈА НА СТУДЕНТСКОТО ДОМУВАЊЕ: ИСТРАЖУВАЊЕ ВО КОЛЕКТИВНАТА ФОРМА 1964/2014<br><br>MORPHOLOGY OF STUDENT HOUSING: INVESTIGATIONS IN COLLECTIVE FORM 1964-2014 | Проф. д-р Минас Бакалчев, ментор<br>Проф. д-р Митко Хаџи Пуља, претседател<br>Доц. д-р Слободан Велевски, член<br>Доц. д-р Страхиња Трпевски, член |
| 11. | Гордан Витевски | ТРАНСПОРТНИОТ ЦЕНТАР КАКО ТЕЛО - ПРОСТОРНА СУПСТАНЦА ЗА РЕ-ГЕНЕРАЦИЈА НА ФРАГМЕНТИРАНИОТ КОНТЕКСТ - СКОПЈЕ<br><br>TRANSPORTATION CENTER AS A SPACE SUBSTANCEIN THE REGENERATION OF THE FRAGMENTED KONTEXT, SKOPJE | Проф. д-р Митко Хаџи Пуља, ментор<br>Доц. д-р Александар Радевски, претседател<br>Доц. д-р Бојан Каранаков, член<br>Доц. д-р Јован Ивановски, член |
| 12. | Арбреша Ибрахими | КУЛТУРЕН ЕДУКАТИВЕН ПАРК, АКВАДУКТ СКОПЈЕ<br><br>CULTURAL EDUCATIONAL PARK, SKOPJE | Проф. д-р Митко Хаџи Пуља, ментор<br>Доц. д-р Страхиња Трпевски, претседател<br>Проф. д-р Владимир Арсовски, член<br>Доц. д-р Марија Мано Велевска, член |
| 13. | Александра Христоска | АРХИТЕКТУРА И КУЛТУРА – ИНТЕРПОЛАЦИЈА МЕЃУ ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТИ/ПРОСТОРИ - МЕКО СРЕДИШТЕ, КРУШЕВО<br><br>SOFT CORE, KRUSHEVO | Проф. д-р Митко Хаџи Пуља, ментор<br>Доц. д-р Слободан Велевски, претседател<br>Доц. д-р Бојан Каранаков, член<br>Доц. д-р Јован Ивановски, член |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 14. | Дарко Драгановски | ИСТРАЖУВАЧКА СТАНИЦА – ОСТРОВ ГОЛЕМ ГРАД, ПРЕСПАНСКО ЕЗЕРО<br><br>INVESTIGATION STATION, ISLAND BIG TOWN, PRESPA LIKE | Проф. д-р Митко Хаџи Пуља, ментор<br>Проф. д-р Иванка Кировска, претседател<br>Проф. д-р Владимир Арсовски, член<br>Проф. м-р Наташа Милованчев, член |
| 15. | Драган Стојменов | ЦЕНТАР НА НОВОПРОЕКТИРАНА УРБАНА ЗАЕДНИЦА ВО ПЕРИФЕРНА ЗОНА НА ГРАДОТ, ШТИП<br><br>CENTRE FOR A NEW PLANNED COMMUNITY IN A PERIPHERAL CITY ZONE OF SHTIP | Проф. д-р Влатко П.Коробар, ментор<br>Проф. д-р Јасмина Сиљаноска, претседател<br>Проф. д-р Митко Хаџи Пуља, член<br>Доц. д-р Марија Мано Велевска, член |
| 16. | Елена Цветковска | ЛИНЕАРНИ ЦЕНТРИ НА УРБАНА ЗАЕДНИЦА, СВЕТИ НИКОЛЕ<br><br>LINEAR CENTRES FOR THE URBAN COMMUNITIES OF SVETI NIKOLE | Проф. д-р Влатко П.Коробар, ментор<br>Проф. д-р Митко Хаџи Пуља, претседател<br>Доц. д-р Дивна Пенчиќ, член<br>Доц. д-р Бојан Каранаков, член |
| 17. | Димитрис Росикопулос | ЦЕНТРИ ЗА НОВИ СТАНБЕНИ ЧЕТВРТИ<br><br>CENTRES FOR NEW HOUSING QUARTERS | Проф. д-р Влатко П.Коробар, ментор<br>Доц. д-р Огнен Марина, претседател<br>Проф. д-р Анета Христова Поповска, член<br>Доц. д-р Дивна Пенчиќ, член |
| 18. | Атанас Пиличев | ПРОТИВПОЖАРНА СТАНИЦА И ТРЕНИНГ ЦЕНТАР, СТРУМИЦА<br><br>FIRESTATION AND TRANING CENTRE | Доц. д-р Александар Радевски, ментор<br>Проф. д-р Виктор Пајвански, претседател<br>Проф. д-р Митко Хаџи Пуља, член<br>Проф. м-р Наташа Милованчев, член |
| 19. | Виолета Ѓорѓевска | НОВИ ТИПОЛОГИИ НА ИНДУСТРИСКИ ОБЈЕКТИ-ПИВАРА, СКОПЈЕ-ПИВАРА, СКОПЈЕ<br><br>URBAN BREWERY | Доц. д-р Александар Радевски, ментор<br>Проф. д-р Митко Хаџи Пуља, претседател<br>Доц. д-р Бојан Каранаков , член<br>Проф. м-р Елизабета Аврамовска, член |
| 20. | Венерка Клисарова | ИНДУСТРИСКИ КОМПЛЕКС ЗА ОТКУП И ПРЕРАБОТКА НА ЗЕЛЕНЧУК, СТРУМИЦА<br><br>INDUSTRIAL BUILDING FOR PROCESSING TOMATOES | Доц. д-р Александар Радевски, ментор<br>Доц. д-р Михајло Зиноски, претседател<br>Доц. д-р Огнен Марина , член<br>Доц. д-р Јован Ивановски , член |
| 21. | Марио Баткоски | ВИНАРСКА ВИЗБА СО ДОДАТНА ПРОГРАМА ВО АКТИВНО ЛОЗАРСКО ПОДРАЧЈЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ<br><br>WINERY IN VEVCANI | Доц. д-р Александар Радевски, ментор<br>Проф. д-р Минас Бакалчев, претседател<br>Проф. д-р Владимир Арсовски , член<br>Проф. д-р Косто Мангароски , |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | член |
| 22. | Васил Тимов | СОВРЕМЕН ИНДУСТРИСКИ КАПАЦИТЕТ – ВИНАРСКИ КОМПЛЕКС СО ЕРГЕЛА ЗА КОЊИ<br><br>WINERY WITH HORSE STABLE | Доц. д-р Александар Радевски, ментор<br>Проф. д-р Митко Хаџи Пуља, претседател<br>Доц. д-р Дивна Пенчиќ , член<br>Проф. м-р Наташа Милованчев, член |
| 23. | Маја Даскаловска | ТРАНСФОРМАЦИЈА/ИНТЕГРАЦИЈА НА ПОСТОЕЧКИ/НАПУШТЕНИ СЕРВИСНИ ЖЕЛЕЗНИЧКИ ОБЛАСТИ ВО НОВИ ГРАДСКИ ПЕЈЗАЖИ ВО СКОПЈЕ<br><br>TRANSFORMATION/INTEGRATION OF ABANDON RAILWAY SERVICE AREAS IN NEW CITYSCAPES IN SKOPJE. | Доц. д-р Михајло Зиноски<br>Доц. д-р Јован Ивановски, претседател<br>Проф. д-р Владимир Арсовски , член<br>Проф. д-р Косто Мангароски, член |
| 24. | Ружица Крстева | ПРЕНАМЕНА И РЕПРОЕКТИРАЊЕ НА ПОРАНЕШНАТА ФАБРИКА ЗА САПУН „ЦВЕТАН ДИМИВ“, ПРЕКУ ИСТРАЖУВАЊЕ НА НОВИ ПРОГРАМСКИ И ОБЛИКУВАЧКИ ПРИНЦИПИ<br><br>REDESIGNING AND REPROGRAMMING OF FORMER SOAP FACTORY “CVETAN DIMOV”, TROUGH RESEARCH OF NEW PROGRAMMATIC AND FORMAL PRINCIPLES. | Доц. д-р Михајло Зиноски, ментор<br>Доц. д-р Слободан Велевски , претседател<br>Проф. д-р Митко Хаџи Пуља , член<br>Доц. д-р Страхиња Трпевски, член |
| 25. | Кристина Лозановска | ЗНАЧЕЊЕТО НА ИСТОРИСКИТЕ ЛОКАЦИИ ВО ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ ПРИ СОСТОЈБА НА РАПИДНА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ГРАДОТ ПО ПРИМЕРОТ НА СТАРАТА ЖЕЛЕЗНИЧКА СТАНИЦА, СКОПЈЕ<br><br>THE MEANING OF HISTORICAL LOCATIONS IN CENTRAL CITY AREA ACCORDING THE STATE OF RAPID TRANSFORMATION OF THE CITY. OLD RAILWAY STATION IN SKOPJE. | Доц. д-р Михајло Зиноски, ментор<br>Доц. д-р Страхиња Трпевски, претседател<br>Проф. д-р Минас Бакалчев , член<br>Проф. д-р Иванка Кировска, член |
| 26. | Дарко Ѓорѓиески | ИСТРАЖУВАЊЕ НА НОВИ ПРОГРАМСКИ И ОБЛИКУВАЧКИ ПРИНЦИПИ ВО ОБЛАСТА НА ПРОЕКТИРАЊЕ НА ОБЈЕКТИ ОД ОПШТЕСТВЕН КАРАКТЕР.<br><br>RESEARCH THE NEW PRINCIPLES IN THE AREA OF DESIGNING OF PUBLIC BUILDINGS. NEW CULTURAL AND SPORT COMPLEX IN PRILEP. | Доц. д-р Михајло Зиноски, ментор<br>Проф. д-р Косто Мангароски, претседател<br>Доц. д-р Александар Радевски , член<br>Проф. м-р Наташа Милованчев, член |
| 27. | Бисера Којевска | ИСТРАЖУВАЊЕ НА ОБЛИКУВАЧКИ И ПРОГРАМСКИ НОВИ МОДЕЛИ/ТИПОЛОГИИ НА ЈАВНИТЕ ОБЈЕКТИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА НОВИТЕ РЕОНСКИ ЦЕНТРИ ВО | Доц. д-р Михајло Зиноски, ментор<br>Проф. д-р Минас Бакалчев, претседател<br>Проф. д-р Влатко П.Коробар , |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | ГРАДОТ СКОПЈЕ<br><br>RESEARCH OF FORMAL AND NEW PROGRAMMATIC MODELS/TYPOLOGIES OF PUBLIC BUILDINGS FOR THE EMERGING REGIONAL CENTERS IN SKOPJE. | член<br>Проф. м-р Елизабета Аврамовска, член |
| 28. | Сања Цветаноска | ПРОЕКТИРАЊЕ НА НОВИ МОДЕЛИ НА АРХИТЕКТОНСКИ КОНЦЕПТИ НА ИНТЕГРИРАНИ ОБЈЕКТИ ОД ОБРАЗОВНО-КУЛТУРЕН КАРАКТЕР ЗА ПОТРЕБИТЕ НА РЕОНСКИТЕ ЦЕНТРИ ВО ГРАДОТ СКОПЈЕ<br><br>DESIGNING OF NEW ARCHITECTURAL MODELS/CONCEPTS OF PROGRAMMATICALLY INTEGRATED BUILDINGS IN THE CULTURAL AND EDUCATIONAL AREA. REGIONAL CENTERS, SKOPJE. | Доц. д-р Михајло Зиноски, ментор<br>Проф. д-р Јасмина Сиљаноска, претседател<br>Доц. д-р Марија Мано Велевска, член<br>Доц. д-р Огнен Марина, член |
| 29. | Љубица Угриновска | МОРФОЛОШКИ АСПЕКТИ НА ХИБРИДНО ДОМУВАЊЕ ВО НАСЕЛБА БУЊАКОВЕЦ ВО СКОПЈЕ<br><br>MORPHOLOGICAL ASPECTS OF HYBRID DWELLING IN BUNJAKOVEC NEIGHBORHOOD IN SKOPJE | Доц. д-р Огнен Марина, ментор<br>Проф. д-р Косто Мангароски, претседател<br>Проф. д-р Анета Христова Поповска, член<br>Доц. д-р Ана Тромбева Гаврилоска, член |
| 30. | Христина Талевска | ЦЕНТАР НА ФИЛМСКАТА УМЕТНОСТ ВО МАКЕДОНИЈА<br><br>CENTER OF MACEDONIAN FILM ART – | Проф. д-р Анета Христова Поповска, ментор<br>Доц. д-р Елизабета Касапова, претседател<br>Проф. д-р Јасмина Сиљаноска , член<br>Доц. д-р Александар Радевски, член |
| 31. | Моника Митевска | ПРЕОБМИСЛУВАЊЕ НА ЖИВЕАЛИШТЕТО ВО ГУСТА УРБАНА ТЕКСТУРА, ДЕБАР МААЛО, СКОПЈЕ<br><br>RETHINKING THE HOUSING IN A DENSIFYING URBAN CONDITION, ON THE CASE OF DEBAR-MAALO SKOPJE | Доц. д-р Марија Мано Велевска, ментор<br>Проф. д-р Јасмина Сиљаноска, претседател<br>Доц. д-р Елизабета Касапова , член<br>Доц. д-р Страхиња Трпевски, член |
| 32. | Марија Матеева | ПРОСТОРНИ АСЕМБЛАЖИ, ПРЕПОЗНАВАЊЕ И ПРЕФОРМУЛИРАЊЕ НА РАЗМЕРОТ И ПОТЕНЦИЈАЛОТ НА КУЌАТА ВО ГУСТА УРБАНА ТЕКСТУРА<br><br>SPATIAL ASSEMBLAGE, RECOGNITION AND REFORMULATION OF THE NOTION OF THE HOUSE IN A DENSIFYING URBAN CONDITION | Доц. д-р Марија Мано Велевска, ментор<br>Доц. д-р Елизабета Касапова, претседател<br>Проф. д-р Митко Хаџи Пуља , член<br>Проф. д-р Мирослав Грчев, член |
| 33. | Даниела Велинова | СОЦИО-ПРОСТОРНИ ОПТИМИЗАЦИИ: МОДЕЛОТ НА СОСЕДСТВОТО КАКО УРБАН ФРАГМЕНТ ЗА ПОВТОРНИ | Доц. д-р Слободан Велевски, ментор<br>Прод. Д-р Јасмина Сиљаноска, претседател |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | ОТКРИВАЊА НА КОЛЕКТИВИТЕТОТ НА ГРАДОТ, БУЊАКОВЕЦ, СКОПЈЕ<br><br>SOCIO-SPATIAL OPTIMIZATIONS: NEIGHBORHOOD MODEL AS URBAN FRAGMENT FOR RE-INVENTION OF THE METROPOLITAN COLLECTIVE, BUNJAKOVEC, SKOPJE | Проф. д-р Иванка Кировска , член<br>Доц. д-р Страхиња Трпевски, член |
| 34. | Менде Фидановски | АРХИТЕКТОНСКО РЕПРОЕКТИРАЊЕ НА ПОТЕГОТ ТВРДИНА КАЛЕ - ФРАНЦУСКИ ГРОБИШТА ВО СКОПЈЕ - ПРЕКУ АРХИТЕКТОНСКИ ИНТЕРПОЛАЦИИ ДО НОВИ ПРОГРАМСКИ СОДРЖИНИ И УРБАНИ ПРОСТОРИ<br><br>ARCHITECTURAL REDESIGN OF THE URBAN SECTION SKOPJE FORTRESS – FRENCH CEMETERY IN SKOPJE, BY ARCHITECTURAL INTERPOLATIONS TO NOVEL PROGRAMMATIC CONTENTS AND URBAN SPACES | Доц. д-р Јован Ивановски, ментор<br>Проф. д-р Влатко П.Коробар, претседател<br>Проф. д-р Митко Хаџи Пуља , член<br>Доц. д-р Страхиња Трпевски, член |
| 35. | Стојанче Гоцков | АРХИТЕКТОНСКО РЕПРОЕКТИРАЊЕ НА УРБАНИОТ ФРАГМЕНТ ГОРЕН ГРАД ВО СКОПЈЕ ПОВРЗУВАЊЕ ПРЕКУ ИНТЕРПОЛАЦИЈА СО СОЦИО-КУЛТУРЕН КАРАКТЕР<br><br>ARCHITECTURAL REDESIGN OF THE URBAN FRAGMENT GOREN GRAD IN SKOPJE – LINKAGE THROUGH INTERPOLATION OF PROGRAMS OF SOCIO-CULTURAL CHARACTER | Доц. д-р Јован Ивановски, ментрор<br>Проф. д-р Митко Хаџи Пуља, претседател<br>Проф. д-р Виктор Пајвански , член<br>Доц. д-р Бојан Каранаков, член |
| 36. | Ана Младеновска | АРХИТЕКТОНСКО РЕПРОЕКТИРАЊЕ НА ПОТЕГОТ ТВРДИНА КАЛЕ - ФРАНЦУСКИ ГРОБИШТА ВО СКОПЈЕ - РЕГЕНЕРАЦИЈА ПРЕКУ НОВИ АРХИТЕКТОНСКИ ИНТЕРПОЛАЦИИ<br><br>ARCHITECTURAL REDESIGN OF THE URBAN SECTION SKOPJE FORTRESS – FRENCH CEMETERY IN SKOPJE, REGENERATION BY NEW ARCHITECTURAL INTERPOLATIONS | Доц. д-р Јован Ивановски, ментор<br>Проф. д-р Минас Бакалчев, претседател<br>Проф. д-р Косто Мангароски, член<br>Доц. д-р Страхиња Трпевски, член |
| 37. | Стефан Маџовски | АРХИТЕКТОНСКО РЕПРОЕКТИРАЊЕ НА ПОТЕГОТ ТВРДИНА КАЛЕ - ФРАНЦУСКИ ГРОБИШТА ВО СКОПЈЕ - ИНТЕГРАЦИЈА ПРЕКУ АРХИТЕКТОНСКИ ИНТЕРПОЛАЦИИ<br><br>ARCHITECTURAL REDESIGN OF THE URBAN SECTION SKOPJE FORTRESS – FRENCH CEMETERY IN SKOPJE, REGENERATION BY NEW ARCHITECTURAL INTERPOLATIONS | Доц. д-р Јован Ивановски, ментор<br>Доц. д-р Огнен Марина, претседател<br>Доц. д-р Александар Радевски , член<br>Проф. д-р Митко Хаџи Пуља, член |
| 38. | Илчо Илиевски | АРХИТЕКТОНСКО РЕПРОЕКТИРАЊЕ НА ПОТЕГОТ ТВРДИНА КАЛЕ – | Доц. д-р Јован Ивановски, ментор |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | ФРАНЦУСКИ ГРОБИШТА ВО СКОПЈЕ – ОБНОВА ПРЕКУ НОВИ АРХИТЕКТОНСКИ ИНТЕРПОЛАЦИИ<br><br>ARCHITECTURAL REDESIGN OF THE URBAN SECTION SKOPJE FORTRESS – FRENCH CEMETERY IN SKOPJE, RENEWAL BY NEW ARCHITECTURAL INTERPOLATIONS | Проф. д-р Митко Хаџи Пуља, претседател<br>Проф. д-р Владимир Арсовски , член<br>Проф. д-р Косто Мангароски, член |
| 39. | Мустафа Миљаим | АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ ЗА 21 ВЕК<br><br>FACULTY OF ARCHITESTURE FOR 21 CENTURY | Проф. д-р Виктор Пајвански, ментор<br>Проф. д-р Јасмина Сиљаноска, претседател<br>Проф. д-р Иванка Кировска , член<br>Доц. д-р Огнен Марина, член |
| 40. | Феби Фазлиу | АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ ЗА 21 ВЕК ВО МОДЕРЕН СТИЛ<br><br>FACULTY OF ARCHITESTURE FOR 21 CENTURY – CONTEPORARY STYLE | Проф. д-р Виктор Пајвански, ментор<br>Проф. д-р Владимир Арсовски, претседател<br>Проф. д-р Минас Бакалчев , член<br>Проф. м-р Наташа Милованчев, член |
| 41. | Елена Јованова | УРБАНА ПРАЗНИНА И ДИНАМИЗМОТ НА УРБАНАТА ТРАНСФОРМАЦИЈА, РАДОВИШ<br><br>URBAN VOIDS AND THE DYNAMICS OF URBAN TRANSFORMATION (THE CASE OF CITY OF RADOVISH) | Проф. д-р Јасмина Сиљаноска, ментор<br>Проф. д-р Минас Бакалчев, претседател<br>Доц. д-р Дивна Пенчиќ , член<br>Доц. д-р Ана Тромбева Гаврилоска, член |

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ШТО ЈА ПОКРИВА ИНСТИТУТОТ ЗА ПРОИЗВОДНО ИНЖЕНЕРСТВО И МЕНАЏМЕНТ НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје бр. 02-2988/1 од 25.9.2014 година, определени сме за членови на Комисијата за избор на еден стручен соработник- асистент во научната област што ја покрива Институтот за производно инженерство и менаџмент на Машинскиот факултет во Скопје.

По прегледот на доставениот материјал, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен во дневниот весник "Дневник" на 31.12.2013 година, за избор на еден соработник во соработничко звање асистент во научната област што ја покрива Институтот за производно инженерство и менаџмент на Машинскиот факултет во Скопје, се пријавил кандидатот Игор Лазарев.

1. **Податоци за кандидатот**
   **1.1. Биографски податоци**

Кандидатот д-р Игор Лазарев, дипл.маш.инж., е роден на 1.3.1977 година во Скопје. Основно и средно образование завршил во Скопје со континуиран одличен успех. Студиите на Машинскиот факултет во Скопје ги започнал во 1995 година. За време на студирањето во периодот 1999-2001 год. ја вршел функцијата претседател на Сојузот на студенти на Машинскиот Факултет во Скопје. Дипломирал на 31.5.2001 година на Институтот за производно машинство - поднасока обработка со пластична деформација.

Во октомври 2001 година се запишал на постдипломски студии на Машинскиот факултет во Скопје, на Институтот за производно машинство, во областа на обработка со пластична деформација. Во текот на студиите бил ангажиран како демонстратор по предмети од областа на обработка со пластична деформација. Магистерската работа со наслов *Анализа на напонско деформационите состојби при влечење жици* ја одбранил на 14.11.2006 година на Институтот за производно машинство при Машинскиот факултет во Скопје под менторство на проф. д-р Љубен Дудески.

Докторската дисертација со работен наслов: *Развој и примена на композитни материјали со метална матрица зајакната со различни зајакнувачи за производство на алати за обработка со деформација*, кандидатот ја одбранил во април 2011 година на Машинскиот факултет во Скопје,

под менторство на проф. д-р Карл Кузман, редовен професор на Машинскиот факултет во Љубљана, Словенија.

### 1.2. Работно искуство

Својата професионална кариера ја започнал во фирмата "Тргометал" од Скопје, каде што работел во периодот 2002-2006 год. како раководител во погонот за производство на жица и жичани производи. Во периодот од 2006 до 2008 година работел во А.Д. ЕЛЕМ Македонски електрани како инженер за термообјекти и животна средина. Од 2008 година до денес работи во хрватската фирма „Орбико" како претставник на компанијата „Шел" за Македонија, Косово и Албанија.

Кандидатот д-р Игор Лазарев активно се служи со англискиот јазик и покажува солидни познавања на информатичко-комуникациските технолошки и софтверски пакети.

## 2. Оцена на научните и стручните трудови

### 2.1. Научно-истражувачка активност

Во изминатиот период кандидатот д-р Игор Лазарев ги изработил следниве семинарски трудови, магистерска работа и докторска дисертација:

1. И.Лазарев: *Методи на оптимирање*, семинарска работа, постдипломски студии, Машински факултет, Скопје, јануари 2002.
2. И.Лазарев: *Избор на резултат, фактори и нивни нивоа. Димензионална анализа. Теорија на сличности*, семинарска работа,постдипломски студии, Машински факултет, Скопје, мај 2002.
3. И. Лазарев: *Примена на MasterCam*, постдипломски студии, Машински факултет, Скопје, септември 2002.
4. И. Лазарев : *Анализа на напонско-деформациона состојба при влечење жици,* магистерски труд, Машински факултет, Скопје, 2006.
5. И. Лазарев: *Развој и примена на композитни материјали со метална матрица зајакната со различни зајакнувачи за производство на алати за обработка со деформација*, докторска дисертација, одбранета на Машинскиот факултет во Скопје, април 2011.

Во досегашниот период кандидатот ги има објавено и презентирано следниве стручни и научни трудови објавени во зборници, меѓународни конференции и симпозиуми:

6. **И.Лазарев**, Љ.Дудески, А.Кочов: *Испитување на напонско-деформационата состојба на матрица за влечење жица*, Зборник на трудови на МФС, Скопје, 2002.
7. **Igor Lazarev**, Ljuben Dudeski, Atanas Kocov: *"Determination of the stress-strain condition for the process of wire drawing by using finite element analysis"*, 1st

International conference for production engineering and management, Ohrid, Macedonia, September 2004.

8. A.Kocov, Lj.Dudeski, **I.Lazarev**: *"Analysis of the stress-strain condition of the wire drawing's die by using FEA"*, 5th International Conference on industrial tools, ICIT 2005, Velenje, Celje, Slovenija, April 12-15 2005, pg. 73-78.
9. Igor Lazarev, Jasmina Caloska, Atanas Kocov, *Investigation of influence factors in the process of the wire drawing,* Mechanical Engineering Scientific Journal, Skopje, 2009, Vol 28, No.1.
10. **I.Lazarev**, K.Kuzman J.Mickovski, J.Lazarev, J.Caloska, *Sintered steel- Alumina composites as tools material for the deep drawing process,* 3rd International Conference "Advanced Composite Materials Engineering ", COMAT 2010, 27- 29 October 2010, Brasov, Romania.

**Научни трудови објавени во меѓународни списанија**

11. A.Kocov, **I.Lazarev** : *"FE Analysis of the Stress-Strain condition for the process of wire drawing",* Journal for Technology of Plasticity;, Vol. 28 (2003), Nomber 1-2, Novi Sad.
12. Mickovski J. K., **Lazarev I.** J., Lazarev J., Stoevska-Gogovska D: MICROSTRUCTURE CASE STUDY OF LENStm PROCESSED CYLINDER FROM AISI H13 Steel, Journal for Technology of Plasticity; Vol. 35 (2010), Number 1-2, Novi Sad, 2010.
13. **I.Lazarev**, K.Kuzman J.Mickovski, J.Lazarev, J.Caloska, A.Kochov: New Metalmatrix composites for designing deep drawing tool's elements. Mechanical Engineering - Scientific Journal, Skopje 2012, Vol.30. No 1-2.
14. **I.Lazarev**, K.Kuzman J.Mickovski, J.Lazarev, J.Caloska, A.Kochov: Wear resistance of the deep drawing metal matrix die. Journal for Tehnology of plasticity, Volume 36, Number 2, 2011, Novi Sad.
15. **Igor LAZAREV**, Karl KUZMAN, Jovan MICKOVSKI, Jovan LAZAREV, Jasmina CALOSKA, Atanas KOCHOV: METAL MATRIX COMPOSITES AS TOOLS MATERIAL FOR THE DEEP DRAWING, ACTA TECHNICA – Fascicule 3/2012, Brashov, Romanija.

## 2.2. Учество во реализација на научни/стручни проекти

16. Ј.Лазарев, В.Стрезов, К. Кузман, Ј. Чалоска, А. Кочов, М.Дудукоска, **И. Лазарев**: Истражување на кинематиката на течењето на материјалот при истиснување на алуминиумски профили со 3Д-нумеричка симулација; 2003 година, проект финансиран од Министерството за образование и наука на Република Македонија.
17. К.Кузман, Ј.Лазарев, А.Кочов, Г.Гашпер, **И.Лазарев**: *Развој на метални матрични композити и нивна примена во конструкција на алати за обработка со деформација,* билатерален проект МФС-МФЉ; 2004-2006, проект финансиран од министерствата за образование и наука на Република Македонија и Република Словенија.

18. Ј.Чалоска, А.Кочов, **И.Лазарев:** *Метални матрични композити за изработка на алати отпорни на абење,* 2008, развоен проект во соработка со МК МОЛД и финансиран од Министерството за образование и наука на Република Македонија.
19. Р.Манојловиќ, Ј.Чалоска, З.Мартинова, С.Ристеска, **И.Лазарев**, М. Филиповски, Е.Ибрахимовиќ: *Подобрување на квалитетот на трајноста на алатот (матриците) за влечење жица*, развојно-истражувачки проект во соработка со ИМР ДООЕЛ, Скопје, и Министерството за образование и наука, Скопје, јануари 2009-август 2009.
20. *Ј.Лазарев, К.Кузман, Ј.Чалоска, А.Кочов,* ***И.Лазарев****: Напредни ммк (композитни материјали со метална матрица) и нивна апликација во производните технологии,* билатерален проект МФС-МФЉ; 2010-2011, проект финансиран од министерствата за образование и наука на Република Македонија и Република Словенија.

## 2.3. Реализирани студиски престои

Во изминатиот период, кандидатот има реализирано:

- престој во Словенија во 2005 и 2006 година, два пати по 10 дена, на Универзитетот во Словенија, за работа на проект;
- престој во Словенија во 2009 и 2010 година, два пати по 15 дена, на Универзитетот во Словенија, за работа на проект;
- престој во Фабриката за моторни масла "Шел" во Амстердам, во траење од 15 дена, во септември 2013 година.

## 2.4. Стручно-апликативна дејност

Кандидатот учествувал и во повеќе стручно-апликативни проекти, и тоа:

- Изработка на систематизација на работни места и организација на работа во фабриката за изработка на жици и жичени продукти „Тргометал", Скопје, 2003;
- Студија-Истражување на пазарот за пласман на жичени производи. Студијата е изработена за потребите на Фабриката за жичани производи „Тргометал" Скопје, 2005;
- Физибилити студија за потребна механизација на ископ Брод Неготино во РЕК Битола, 2006;
- Изработка на физибилити-студија за редизајнирање на ТЕЦ Неготино, 2007;
- Студија-Истражување на пазарот за пласман на масла за подмачкување во Македонија, Косово и Албанија. Студија изработена за фирмата „Орбико" - Загреб, 2010.

### 2.5. Други општествени активности

- 1999-2001, претседател на Сојузот на студенти при Машинскиот факултет во Скопје;
- 1999-2001, член на Наставно-научниот совет при Машинскиот факултет во Скопје;
- 2000-2001, член на Сенатот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје;
- основач на невладината организација "Младински центар за превенција и решавање на конфликти";
- учество во набљудување на избори преку меѓународната организација ОБСЕ (Белорусија, Украина, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Грузија).

## Заклучок и предлог

Врз основа на горенаведеното, согласно со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот, како и Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни, наставни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Комисијата смета дека кандидатот д-р Игор Лазарев ги исполнува условите за избор во соработничко звање на Институтот за производно инженерство и менаџмент на Машинскиот факултет во Скопје.

Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, кандидатот д-р Игор Лазарев да биде изберен во звањето соработник во соработничко звање – асистент во научната област што ја покрива Институтот за производно инженерство и менаџмент.

## Комисија

Проф. д-р Атанас Кочов, Машински факултет – Скопје с.р.

Проф. д-р Јасмина Чалоска, Машински факултет – Скопје с.р.

Проф. д-р Љубен Дудески, Машински факултет – Скопје с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „АВТОМАТСКО ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА ГОВОР РОБУСНО НА ШУМ ЗА ПРИМЕНА ВО СИСТЕМИ ЗА ВОКАЛНА ИНТЕРАКЦИЈА“, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р БРАНИСЛАВ ГЕРАЗОВ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, број 02-1420/6, од 25 јуни 2014 г., определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација „Автоматско препознавање на говор робусно на шум за примена во системи за вокална интеракција“ од кандидатот м-р Бранислав Геразов.

Врз основа на извршениот преглед на докторската дисертација, до Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

### 1. Општи податоци за докторската дисертација

Докторската дисертација „Автоматско препознавање на говор робусно на шум за примена во системи за вокална интеракција“ од кандидатот м-р Бранислав Геразов е изложена на 101 страница, низ 4 глави со 38 слики и 26 табели, додека листата на користени и цитирани научноистражувачки трудови содржи 104 наслови, од кои 2 се трудови објавени од кандидатот во реномирани меѓународни списанија од областите на процесирањето на аудио, говор и јазик, а 8 се трудови на кандидатот објавени во зборници од научни конференции.

### 2. Предмет на докторската дисертација

Системите за АПГ имаат за цел трансформација на даден говорен аудиосигнал во низата на зборови која тој ја содржи. На развојот на системите за АПГ во светски рамки се работи веќе долго, повеќе од 7 децении, во кој период преку низа суштински и сеопфатни истражувања во повеќе области на науката се постигнати значителни резултати. Дел од овие резултати се во доменот на истражувањата на човековиот систем за препознавање на говор и неговото математичко моделирање, дел се во доменот на дигиталното процесирање на аудиосигнали, статистичкото моделирање, машинското учење и процесирањето на природни јазици, но и во насока на имплементација и употреба на овие системи.
Денес за практична употреба се нудат голем број системи за АПГ. Нивната точност е релативно голема за континуиран влезен говор. Вообичаено тие се наменети за работа во ограничени специфични домени и средини како дел од интелигентните системи за интерактивна размена на податоци. Такви примери се автоматските

телефонски агенти, кои служат за добивање на информации за летови, за курсеви на берзата, за плаќање преку кредитна картичка итн. Кај нив говорниот сигнал е релативно чист и без надворешни пречки и бучава. Извесна помасовна примена во реални услови системите за АПГ доживуваат со нивната имплементација во интелигентните мобилни уреди. Таму тие служат не само за давање на едноставни команди, како воспоставување на повици, туку и за диктирање на пораки и пребарување на информации на интернет. Веќе е извесно е дека во иднина технологиите за АПГ ќе бидат нераскинлив дел од новите интелигентни системи во кои се вклучени модули за вокална интеракција (ВИ). Такви се, на пример, интелигентните домови, интелигентните здравствени системи и интелигентните автомобили, кај кои АПГ-системите овозможуваат комуникација со корисникот со најмали последици по безбедноста.

Системи за АПГ се развивани и во Македонија, иако историјата на развојот е кратка. Првиот систем за АПГ наменет за македонски јазик е базиран на хибриден систем, кој е комбинација на вештачки невронски мрежи и скриени модели на Марков (СММ). Наменет е за препознавање на изговорени десет цифри за еден говорник. Понатамошните подобрувања на овој систем резултираа во систем независен од говорникот, базиран на употребата на мостри и динамичко временско преобличување (Dynamic Time Warping – DTW). Во развојот на овој систем користена е скромна база на податоци која се состои од 8 говорници и има целосна должина од 190 збора. Постигнатите перформанси не беа доволни за негова практична примена.

Истражувањата во рамките на оваа докторска дисертација се базирани на досега објавените сознанија и резултати во областа на АПГ. Главниот фокус е насочен кон проучување на системите за АПГ од аспект на нивната робусност на шум и нивната имплементација во системи за вокална интеракција. Научноистражувачкиот интерес за оваа проблематика станува сè поголем поради сè поширококата застапеност на интелигентните мобилни системи, чиј дел се системите за вокална интеракција, во различни домени од секојдневното живеење.

Основната цел на оваа докторска дисертација е да се даде придонес во две насоки од проблематиката на автоматското препознавање на говор. Првата насока опфаќа дизајн и изградба на систем за препознавање на говор на македонски јазик кој ќе работи со висока прецизност, независно од говорникот, за вокабулар составен од среден број зборови. Ваков систем во Македонија сè уште не е реализиран, со што македонскиот јазик отсуствува од глобалната револуција која ја носат говорните технологии. Во рамките на оваа дисертација претставен е дизајнот и реализацијата на систем за препознавање на говор на македонски јазик, наречен „Зборувај ми на македонски“. Системот поддржува вокабулар од околу 200 збора со кои на корисникот му се овозможува одреден степен на контрола на една интелигентна мобилна платформа и е дизајниран да работи независно од говорникот.

Втората насока е остварување на придонес во полето на екстракција на карактеристики во системите за АПГ наменети за користење во услови на високо ниво на шум и бучава. Во таа насока, во дисертацијата е презентиран алгоритам за

екстракција на вектори на карактеристики за АПГ, робусни на шум, наречен Кернелски коефициенти за ориентација на текот на моќноста (Kernel Power flow Orientation Coefficients – KPOC). Клучниот придонес на овој алгоритам е во употребата на ориентацијата на текот на моќноста во аудиторниот спектрограм на говорниот аудиосигнал за опишување на неговата спектро-темпорална содржина, што претставува целосно нов приод во ова поле. Ориентациите на текот на моќноста градат нов тип на спектрограм, наречен Спектрограм на ориентации на текот на моќноста (Power flow Orientation Spectrogram – POS). Предноста на употребата на POS-спектрограмот е во тоа што тој е инхерентно робустен на влијанието на различни типови на шум во говорниот аудиосигнал, со што се елиминира потребата од употреба на техники за намалување на димензионалноста, нужни кај другите алгоритми од оваа класа.

### 3. Анализа на докторската дисертација

Основниот текст на докторската дисертација е поделен во четири глави.

Во првата глава, насловена „Вовед во автоматско препознавање на говор“, е даден кус преглед на системите за АПГ. Во неа е презентиран светскиот развој на овие системи, како во поглед на развојот на нивниот влезен модул, кој е одговорен за екстракцијата на карактеристиките од говорниот аудиосигнал, така и во поглед на развојот на нивниот излезен модул, во кој, пак, се реализира препознавањето на говорната содржина преку анализа на екстрахираните вектори на карактеристики. Во воведната глава, поголемо внимание му е посветено на документирањето на развојот на влезниот модул, поради фокусот на оваа дисертација на полето на алгоритмите за екстракција на карактеристики за АПГ, робусни на шум. На крајот од првата глава е направен сосема кус преглед на резултатите добиени во областа на АПГ за македонскиот јазик, во кој се презентирани досега реализираните системи за АПГ и нивните перформанси.

Во втората глава од дисертацијата, насловена „Систем за препознавање на говор на македонски јазик ’Зборувај ми на македонски‘“, се презентирани деталите од дизајнот и реализацијата на систем за АПГ, развиен од страна на кандидатот за примена во апликација за гласовна контрола на македонски јазик на интелигентна мобилна платформа, поточно мобилен телефон. Влезниот модул на системот е базиран на употреба на карактеристики за АПГ, отпорни на шум, а излезниот, пак, на употреба на Гаусови мешавински модели (ГММ) во рамките на СММ од ранг на трогласи за процесот на препознавање. Развојот на системот за АПГ на македонски јазик е поделен во три развојни етапи. Во првата, развиен е систем кој е дизајниран за работа со еден говорник, а може да ги препознае десетте цифри. Во втората етапа, пак, вокабуларот, за кој системот е предвиден да работи, е проширен на 36 збора. Во него се содржани 4 групи зборови, и тоа: наредби, машки и женски имиња и, повторно, десетте цифри. Во оваа етапа, како и во првата, системот работи за еден говорник. Во третата етапа на развој, системот е подобрен во две насоки: вокабуларот е повторно проширен, сега на околу 200 збора, соодветни на избраното сценарио за неговата намена, а системот е и надграден да работи независно од говорникот. При екстензијата на вокабуларот, во него се додадени зборови со кои на корисникот ќе му биде

овозможена контрола над мобилниот телефонски уред, т.е. тој со нивна употреба да може да се јави на некој од своите контакти или да повика некој телефонски број или, пак, да направи некои едноставни нагодувања на работата на телефонот, користејќи исклучиво гласовни команди.

Во првата етапа на развојот на системот за АПГ, како карактеристики во влезниот модул се екстрахирани класичните мел-фреквенциски кепстрални коефициенти (MFCC). Во втората етапа, пак, се применети неколку различни типови на карактеристики за АПГ, за во последната, трета, етапа, да бидат имплементирани тековно најдобрите карактеристики за АПГ објавени во литературата. Мотивацијата на кандидатот за избор на различни карактеристики во различните фази на развој лежи во намерата да се проучат и да се стекнат искуства со различните пристапи и технологии во разгледуваната проблематика. Во сите три етапи од развојот, излезниот модул за моделирање на зборовите и гласовите се базира на алатникот HTK, при што се направени различни експерименти за утврдување на најдобрите нагодувања на неговите параметри. Со цел да се овозможи автоматско тестирање на различните нагодувања и типови на карактеристики, а со тоа и да се забрза целокупниот развој на системот, кандидатот изработил автентична развојна школка во Матлаб со која се врши комплетна контрола, како на екстракцијата на векторите на карактеристики, така и на генерирањето, тренирањето и тестирањето на моделите.

За утврдување на перформансите на системот за АПГ на македонски јазик, кандидатот извршил опсежни тестирања, користејќи дел од снимките во првата и втората развојна етапа, односно дел од говорниците во третата етапа на развој. Во првата етапа, системот покажал прецизност на препознавање на зборови (Word Recognition Accuracy – WRA) од 100% со употреба на MFCC. Во втората етапа, пак, е постигната WRA од 100% со употреба на коефициентите на перцептуалната линеарна предикција (Perceptual Linear Prediction – PLP). Во последната етапа, постигнатата прецизност изнесува 95%, а таа е добиена со употреба на напредниот влезен модул (Advanced Frontend – AFE). Добиените резултати покажуваат дека реализираниот прототип на систем за АПГ е со високи перформанси во однос на препознавањето, а дека изложената методологија може да се употреби за реализација на посложен систем, кој би бил од практично значење и би можел да се имплементира во реални услови за работа.

Во третата глава од дисертацијата, насловена „Кернелски коефициенти за ориентација на текот на моќноста – KPOC“, е презентиран нов пристап за спектро-темпоралната екстракција на карактеристики кои се робусни на шум. Воведените Кернелски коефициенти на ориентацијата на текот на моќноста (Kernel Power flow Orientation Coefficients – KPOC), наместо да ги опишуваат спектро-темпоралните модулациски облици, како што тоа го прават другите алгоритми базирани на овој пристап, се фокусираат на насоченоста на протокот на моќноста во говорниот спектрограм. KPOC-карактеристиките се екстрахираат со употреба на банка на 2D-кернели, генерирани со ротација на дизајниран основен кернел во спектро-темпоралната рамнина. Аголот на ротација на кернелот, чијашто конволуција во дадена точка од спектрограмот дава најголема излезна моќноста, ја одредува ориентацијата на текот на моќноста во таа точка. Збирот од овие агли на ротација за секоја точка во спектрограмот гради нова претстава на

говорниот сигнал, наречена спектрограм на ориентација на текот на моќност (Power flow Orientation Spectrogram – POS). POS-спектрограмот го претставува основното множество на КРОС-коефициенти. Најголемата предност на овој нов пристап е тоа што преку зачувувањето само на информацијата за ориентацијата на спектро-темпоралните приемни полиња (Spectro-Temporal Receptive Fields – STRF), кои, пак, ја моделираат работата на невроните во аудиторниот кортекс на човекот, A1, алгоритамот генерира мал број, главно, декорелирани коефициенти. Бројот на овие коефициенти зависи само од бројот на опсези во аудиторниот спектрограм, а не и од бројот на кернели употребени во банката, како што е случај кај другите веќе познати алгоритми. На овој начин, големината на векторот со карактеристики е мала, што, пак, ја елиминира потребата од намалување на димензионалноста на карактеристиките преку различни алгоритми и методи.

Евалуацијата на предложениот алгоритам кандидатот ја извел со користење на три различни експериментални рамки: со Аурора 2, со линијата 1 од 2. предизвик од компјутациско слушање во средини со повеќе извори (Computational Hearing in Multisource Environments – ChiME) и со дизајнираниот систем за АПГ на македонски јазик, презентиран во втората глава. Во рамките на евалуацијата, алгоритамот е спореден со множество избрани референтни алгоритми за екстракција на карактеристики за АПГ, отпорни на шум, кое покрива широк дијапазон на постојни пристапи.

Резултатите од евалуацијата се детално прикажани на крајот од третата глава преку графикони и табели кои јасно ги отсликуваат перформансите на предложениот пристап. Во нив може да се види дека новопредложените КРОС-карактеристики, во услови на чист тренинг на моделите во сите три експериментални рамки, имаат подобри перформанси од избраните референтни алгоритми за споредба, и тоа од: MFCC, гаматонските кепстрални коефициенти (Gammatone Cepstral Coefficients – GCC), хистограмите на подопсежните спектрални центроиди (Subband Spectral Centroid Histograms – SSCH), временско-фреквенциската дистрибуција на спектралните моменти, аугментирана со кепстрални коефициенти од низок ред (Spectral Moment time-frequency distribution Augmented by low order Cepstral coefficients – SMAC) и карактеристики екстрахирани со банка на Габорови филтри (Gabor filter bank features – GBFB). Важно е да се напомене дека избраните референтни алгоритми претставуваат три различни парадигми во екстракцијата на карактеристики отпорни на шум, а особено фактот дека тие го вклучуваат конвенционалниот спектро-темпорален пристап. Овие подобрувања можат да се видат во зголемувањето на WRA при односи на сигнал-шум (Signal to noise ratio – SNR) од 10 до -5 dB, за кој опсег е постигната двојно, напати и тројно поголема WRA низ различните сценарија на шум во експерименталната рамка Аурора 2. Предноста на КРОС-карактеристиките над MFCC, GCC, SMAC и GBFB е уште повеќе потврдена при нивното евалуирање во линијата 1 од 2. предизвик CHiME. Резултатите за оваа експериментална рамка покажуваат дека тие имаат подобри перформанси за сите испитани SNR со релативни подобрувања во WRA од 40%, споредено со MFCC, односно од 124%, споредено со GBFB. Конечно, резултатите од анализата на перформансите на КРОС-карактеристиките во задачата со среден вокабулар на македонски јазик покажаа дека отпорноста на шум опстојува и кога КРОС-карактеристиките ќе се

употребат во склоп на систем за АПГ кој работи со поголем вокабулар и кој е базиран на СММ со множество на гласови. Нивните перформанси ги надминуваат другите карактеристики употребени за споредба за SNR од -5 dB. За SNR од 10 dB и подолу, пак, КРОС дава поголема точност на системот за АПГ во однос на GBFB, а уште повеќе во однос на класичните MFCC и PLP-коефициенти.

Споредбените резултати на КРОС не се толку добри за високи SNR и во повеќекондиционален модалитет на тренинг, факт кој кандидатот многу јасно и објективно го истакнува и го анализира. Тоа е особено точно при нивната споредба со најдобрите карактеристики, PNCC, NMCC и AFE, кои, треба да се нагласи, се разликуваат од другите избрани референтни карактеристики по тоа што експлицитно вклучуваат потиснување на шум во алгоритамот за екстракција на карактеристики. Отпорноста на шум на КРОС, од друга страна, е имплицитна и се должи, како што во анализата истакнува кандидатот, на усреднувачкиот ефект на филтрирањето на аудиторниот спектрограм со банката на 2D-кернели, од една страна, и на инхерентната робусност на овие карактеристики кон влијанието на шумот и реверберацијата во говорниот сигнал, од друга. Недостиг на целиот пристап е тоа што ефектот на филтрирање, кој се постигнува при процесирањето со кернелите, ја намалува и високофреквенциската содржина на говорниот сигнал, што доведува до намалување на перформансите на КРОС-карактеристиките за високи SNR, споредено со избраните референтни алгоритми. Тој ефект е одговорен и за намалувањето на подобрувањата добиени во смисла на WRA за повеќекондиционален тренинг, што исто така може како појава да се види и кај врвните карактеристики AFE, PNCC и NMCC.

Во последната, четврта глава од докторската дисертација е содржан заклучокот. Во него е направен преглед на презентираниот материјал во претходните поглавја, во однос на опфатените два аспекта од проблематиката на автоматското препознавање на говор. Првиот е дизајнот и изградбата на систем за препознавање на говор на македонски јазик кој ќе работи независно од говорникот, за вокабулар составен од среден број зборови. Вториот е остварувањето на придонес во екстракцијата на карактеристики за АПГ, отпорни на шум, преку дизајн на алгоритам супериорен во однос на стандардните алгоритми за таа намена.

## 4. Публикации произлезени од истражувањата

Трудови во реномирани меѓународни списанија:

[1] Gerazov B. and Z. Ivanovski, “Kernel power flow orientation coefficients for noise-robust speech recognition,” IEEE Trans. on Audio, Speech, and Language Processing , accepted for publication.

[2] Gerazov B. and Z. Ivanovski, “The Influence of the Number of States in Whole Word HMMs on ASR Performance”, Annual Journal of Electronics, Vol. 6, No. 1, ISSN 1314-0078, pp. 144-147, Sofia, 2012.

Трудови во зборници од конференции:

[3] Геразов Б. и З. Ивановски, „Прототип систем за АПГ за апликација за гласовно бирање на македонски јазик", Летен симпозиум за електроника и процесирање на сигнали – ЛЕОС 2012, Маврово, Македонија, 14–15 септември 2012.

[4] Gerazov B. and Z. Ivanovski, "Noise Robustness of Traditional Features for Macedonian Voice Dialing ASR", ICT Innovations 2012 (Editors S. Markovski and M. Gusev), Web proceedings, ISSN 1857-7288, pp.605-612, Ohrid, Macedonia, Sep 12 – 15, 2012.

[5] Gerazov B. and Z. Ivanovski, "Overview of Feature Selection for Automatic Speech Recognition", AES 132th Convention, Budapest, Hungary, Apr 26 – 29, 2012.

[6] Gerazov B. and Z. Ivanovski, "A Speaker Independent Small Vocabulary Automatic Speech Recognition System in Macedonian", TAKTONS 2013, Novi Sad, Serbia, Nov 13 – 16, 2013.

[7] Gerazov B. and Z. Ivanovski, "Influence of the Filter Bank on Automatic Speech Recognition System Performance in Noise", ETAI 2013, Ohrid, Macedonia, Sep 26 – 28, 2013.

[8] Геразов Б. и З. Ивановски, „Развој на систем за препознавање на говор на македонски јазик за говорно управување со уреди," XL научна конференција, Охрид, Македонија, 29 – 30 јуни 2013.

[9] Gerazov B. and Z. Ivanovski, "Evaluation of Noise Robust ASR Features on a Subset of TIDigits Database", Conference on Acoustics AIA-DAGA 2013, Merano, Italy, 18-21 Mar 2013.

[10] Gerazov B. and Z. Ivanovski, "Gaussian power flow orientation coefficients for noise-robust speech recognition," EUSIPCO 2014, Lisbon, Portugal, Sep 1 – 5, 2014.

## 5. Главни придобивки од дисертацијата

Оваа дисертација носи две главни придобивки. Првата е реализацијата на функционален систем за АПГ на македонски јазик, кој може да се примени во рамките на модерните вгнездени електронски системи, а во прв ред на интелигентните мобилни телефонски уреди. Системот е дизајниран да работи со вокабулар со средна големина од 200 збора, неопходни во контекстот на неговата предвидена апликација. Тој, исто така, е дизајниран за работа независна од говорникот, со што ќе се овозможи негова општа примена.

Втората придобивка претставува воведувањето на оригинален нов приод кон екстракцијата на карактеристики за АПГ, отпорни на шум, а во чиј склоп е дизајниран алгоритам наречен Кернелски коефициенти за ориентација на текот на моќноста (КРОС). Приодот се базира на опишување на динамиката на текот на моќноста во говорниот спектрограм преку нејзината ориентација. Резултатите добиени со овој алгоритам ја покажуваат неговата конкурентна предност во однос на други алгоритми за екстракција на карактеристики за АПГ, отпорни на шум, во различни сценарија на тестирање.

Во достигнувањето на овие две главни придобивки се дадени повеќе оригинални научни придонеси кои можат да се искористат во повеќе сегменти на автоматското

препознавање на говор, робусно на шум, за примена во системи за вокална интеракција. Подолу ги наведуваме во концизна форма најзначајните придонеси на дисертацијата, веќе публикувани во реномирани меѓународни списанија и зборници на конференции:

- дизајниран е систем за АПГ за македонски јазик, за работа со еден говорник, со кој се по стигнати максимални перформанси во систем за препознавање на цифри, односно точност од 100%;
- покажано е дека во систем за препознавање на цифри на македонски јазик, бројот на состојби по СММ не треба да е понизок од 5, а најдобри перформанси се добиваат за модели со минимум 7 состојби;
- покажано е дека употребата на 2 Гаусови мешавински компоненти е доволна во системи за препознавање на цифри на македонски јазик направени да работат со еден говорник;
- дизајниран е систем за АПГ на македонски јазик за еден говорник, наменет за апликација за гласовно избирање, со вокабулар од 36 збора, кои вклучуваат цифри, имиња и наредби соодветни за примената, со кој се постигнати максимални перформанси, односно точност од 100%;
- демонстрирани се високи перформанси на системот базиран на употреба на PLP-коефициентите и во присуство на различни типови и нивоа на шум, со што е покажан потенцијал за дизајн и реализација на систем за практична примена во реални услови;
- развиен е систем за АПГ на македонски јазик, кој работи независно од говорникот, за вокабулар од речиси 200 збора, наменет за апликација за управување со интелигентна мобилна платформа, со кој се демонстрирани високи перформанси, односно точност од 95%, што е доволно за негова реална практична примена;
- направени се анализи на деградирањето на перформансите на системот во услови на шум, при што е покажано дека тие не паѓаат под 90 % WRA за нивоа на шум поголеми или еднакви на 15 dB SNR, со што е потврдена применливоста на системот во неидеалните услови на нашето секојдневие;
- предложени се оригинални дескриптори за спектро-темпорална ориентација со кои се елиминира потребата од намалување на димензионалноста на векторите на карактеристиките, неопходна во конвенционалниот спектро-темпорален пристап;
- воведен е спектрограм на ориентации на текот на моќноста (POS), кој претставува нов тип на репрезентација на говорниот сигнал;
- демонстрирано е дека POS еднакво добро ги прикажува и движењата на формантите и појавата на оклузивите во говорниот сигнал, што е доказ за неговата инваријантност и компактност;
- предложени се дизајни на банки од 2D-кернели, кои се селективни на различни ориентации во спектро-темпоралната рамнина и се погодни за

екстракција на ориентациите на текот на моќноста;

- предложен е алгоритам за екстракција на ориентациите на текот на моќноста со употреба на дизајнираните банки од 2D-кернели;
- предложено е обопштување на алгоритамот за екстракција на ориентациите на текот на моќноста со различни временски размери преку временско потсемплирање на аудиторниот спектрограм;
- оптимизирани се перформансите на КРОС-алгоритамот во однос на различните параметри, дизајни на кернели и избор на временски скали;

- потврдена е робусноста на шум и реверберација на предложените КРОС-карактеристики преку нивна евалуација во три различни експериментални рамки.

- **6. Заклучок и предлог**

Врз основа на погоре изнесеното, Комисијата заклучи дека во докторската дисертација „Автоматско препознавање на говор робусно на шум за примена во системи за вокална интеракција", од кандидатот м-р Бранислав Геразов е даден значителен научен придонес во областа на автоматското препознавање на говор, а особено во развојот на системи за вокална интеракција на македонски јазик и на алгоритми за екстракција на карактеристики, отпорни на шум. Објавените трудови во реномирани научни списанија и на значајни меѓународни конференции го потврдуваат тоа. Сеопфатниот, научно втемелен пристап кон решавањето на поставените цели, оригиналниот иновативен пристап во дизајнирањето на алгоритам за екстракција на карактеристики отпорни на шум, како и развојот на систем за препознавање на говор за македонски јазик, кој има потенцијал за практична примена на интелигентни мобилни платформи, недвосмислено укажуваат на способноста на кандидатот успешно да се справи со сите фази на една комплексна научноистражувачка работа. Според тоа, трудот ги исполнува сите потребни критериуми за докторска дисертација.

Врз основа на изнесената анализа и оцена, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје да го прифати овој извештај и на кандидатот м-р Бранислав Геразов да му закаже јавна одбрана на докторската дисертација „Автоматско препознавање на говор робусно на шум за примена во системи за вокална интеракција".

КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Љупчо Пановски, претседател с.р.
2. Вон. проф. д-р Зоран Ивановски, ментор с.р.
3. Проф. д-р Димитар Ташковски, член с.р.
4. Проф. д-р Слободан Јовичиќ, член с.р.
5. Проф. д-р Владо Делиќ, член с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВЛИЈАНИЕ НА РАЗЛИЧНИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА ПУЛПИНО ПРЕКРИВАЊЕ ВРЗ ХИСТОПАТОЛОШКИОТ ОДГОВОР НА ПУЛПАТА”, ОД Д-Р МАРИНА ЕФТИМОСКА, ПРИЈАВЕНА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, на својата 18. редовна седница одржана на 08.10.2014 година, по предлог на Научниот одбор на Факултетот, едногласно донесе Одлука за формирање на Рецензентска комисија за оцена на докторската дисертација поднесена од д-р Марина Ефтиоска под наслов: ВЛИЈАНИЕ НА РАЗЛИЧНИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА ПУЛПИНО ПРЕКРИВАЊЕ ВРЗ ХИСТОПАТОЛОШКИОТ ОДГОВОР НА ПУЛПАТА , во состав:

- доц. д-р Илијана Аџисанкова Муратовска;
- проф. д-р Лидија Поповска;
- проф. д-р Елизабета Ѓоргиевска;
- проф. д-р Лилјана Спасевска;
- проф. д-р Соња Апостолска.

По темелното разгледување и проучување на доставениот материјал, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет му го поднесува следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација ВЛИЈАНИЕ НА РАЗЛИЧНИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА ПУЛПИНО ПРЕКРИВАЊЕ ВРЗ ХИСТОПАТОЛОШКИОТ ОДГОВОР НА ПУЛПАТА,од д-р Марина Ефтимоска, е напишана на 122 страници, содржи 15 табели, 33графикони и 12 слики.

Трудот е методолошки конзистентно поставен и укажува на успехот од директното пулпино прекривање при употреба на различни материјали, преку одредувањето на субјективните симптоми кај пациентите по апликацијата на медикаментот, рендгенолошка евалуација за да се проследи дали има формирање на репаративен дентин, како и хистопатолошка и имунохистохемиска проценка на одговорот на здрава, хумана дентална пулпа по апликација на соодветното средство за директно прекривање. Исто така, вршена е и СЕМ - евалуација на морфологијата на дентинот формиран при индиректно прекривање со Biodentine, како и квантификација и експресија на одредени гени кои имаат улога во репараторната дентиногенеза. Структурата на докторската дисертација ја сочинуваат десет поглавја: кратка содржина, abstract, вовед, литературен преглед, цел на трудот, материјал и метод на испитување, резултати, дискусија, заклучоци и литература.

Во **воведот**, кој е изнесен на 3 страници, кандидатката не запознава со значењето на целите на кариозниот третман, кои се насочени кон елиминација на етиолошките фактори и стимулација на регенерацијата на денталните ткива. Понатаму е потенциран напредокот во областа на третманот на кариозното заболување, кој се фокусира на реминерализација на почетните кариозни лезии, како и кон биолошкото однесување на пулпо-дентинскиот комплекс по апликација на одредени медикаменти. Во продолжение се укажува дека успехот на

терапијата е во зависност од степенот до кој пулпината клеточна популација може да преживее, како и од способноста на тие клетки адекватно да одговорат на кариозната нокса и да започнат соодветен репараторен процес. При тоа не се занемаруваат и клучните фактори кои придонесуваат за успех во терапијата. Тоа се возраста на пациентот, неговата добра општа здравствена состојба, отсуството на претходни болни симптоми, помалиот обем на експонираниот дел од пулпината комора, минорната пулпина хеморагија, како и добриот пулпин одговор кон надворешните стимули. На крајот на воведот, кандидатката посочува дека клиничарите користат многу материјали и техники за директно прекривање, вклучувајќи ги $Ca(OH)_2$, хидрофилни смоли, смолесто-модифицирани глас јономер цементи, трикалциум фосфати, а во поново време и минерал триоксид агрегат (MTA), како и биоактивниот силикатен цемент Biodentine.

Во поглавјето **Литературен преглед**, кој е презентиран на 16 страници, се прикажани бројни податоци од домашната и странската литература кои укажуваат на големиот број автори кои правеле истражувања за материјалите и техниките за директно прекривање со цел доближување до можноста за задржување на виталитетот на забите. Проблематиката која е обработувана во докторската дисертација е доста специфична и е испитувана од други автори во различни земји чии ставови се прикажани во овој дел во трудот. Со согледување на искуствата и резултатите се оценува дека овие истражувања придонесуваат на практичен начин да биде објаснета употребата на материјалите за директно прекривање, како и квалитетот од виталната терапија со цел да се одржи виталитетот на забите.

Во поглавјето **Цели на трудот**, кандидатката прецизно ги дефинира целите на докторската дисертација, а тие се анализа и мониторинг на стапката на успех кај санирани пулпини експозиции по примена на различни материјали за пулпино прекривање (Biodentine, MTA и $CaOH_2$), проследување на субјективните симптоми кај пациентите по апликацијата на медикаментот во повеќе следователни посети, рендгенолошка евалуација дали има формирање на репаративен дентин, но и проценка за присуство или отсуство на евентуални патози, хистопатолошко проследување на одговорот на здрава, хумана дентална пулпа по апликација на Biodentine директно врз експонираниот дел на пулпата и компарација со одговорот на пулпата по прекривање со MTA, аплицирана директно врз пулпината експозиција, со имунохистохемиски испитувања, одредување на нивото на гликопротеините фибронектин и тенасцин кои имаат важна улога во процесот на одонтогенеза, СЕМ- евалуација на морфологијата на дентинот формиран при индиректно прекривање со Biodentine и квантификација и експресија на одделни гени во текот на репараторната одонтогенеза.

Во четвртото поглавје, **Материјал и метод на испитување**, на 16 страници, даден е методолошкиот пристап за реализација на поставените цели. Во ова испитување користени се следниве материјали: Calxyl, MTA и Biodentine. Испитувањата се реализирани во клинички и во експериментални услови. Во клиничкото испитување се вклучени 60 заби, кои се поделени на 3 групи. Кај првите 20 пулпината експозиција е прекриена со Calxyl (1 група), кај другите 20 со MTA (2 група), а кај останатите 20 заби, директното пулпино прекривање е направено со Biodentine (3 група). Клиничкото испитување опфаќа и преоперативен и постоперативен прашалник, кои се пополнувани од страна на

стоматологот врз основа на одговорите на пациентите. Во експерименталниот дел од испитувањето, направени се патохистолошки, имунохистохемиски анализи, RT-PCR испитувања, како и СЕМ (скен - електрон микроскопија) анализа. За изведување на горенаведените анализи, земени се репрезентативни примероци од трите групи на заби кај кои е спроведена постапката на директно прекривање со соодветниот материјал. Забите кои се издвоени за спроведување на експерименталните испитувања, се витални и имаат ортодонтска индикација за екстракција, а од пациентот е обезбедена согласност за спроведување на овие анализи. Спроведена е статистичката анализа на резултатите од клиничката студија каде што се користени дескриптивни и аналитички статистички методи. За тестирање на нултата хипотеза и донесување на валидни заклучоци користени се аналитички статистички методи, статистички тестови, а согласно со меѓународните стандарди за биомедицински науки, нивоата на веројатност на остварување на нултата хипотеза се на ниво 0,05 и 0,01. Севкупната статистичка анализа е направена компјутерски со статистичкиот софтвер СПСС. Резултатите се прикажани графички и табеларно.

Во поглавјето **Резултати**, добиените податоци детално се анализирани и прикажани табеларно (15 табели) и графички (33 графикони), на 52 страници.

По 8, 15 и 90 дена од директното прекривање со трите различни материјали, добиени се слични резултати при евалуација на следните параметри (виталитет, спонтана болка и присутен кариес). Направените ANOVA- тестови покажуваат дека нема статистички значајна разлика помеѓу различните средства за директно прекривање по 8, 15 и 90 дневно проследување, од апликацијата на средствата за директно прекривање. Кај сите средства доминираат позитивните ефекти од третманот. По 15 и по 90 - дневна рендген - евалуација кај сите три групи, евидентно е зголемување на бројот на примероците каде што е формиран репараторен детин. Направената двофакторска ANOVA за атрибутивни обележја на набљудување покажа дека МТА и biodentin статистички значајно имаат подобри ефекти за формирање на репараторен дентин во однос на calxil, а меѓусебно не се разликуваат. Кај сите испитаници на рендгенолошките наоди евидентно е отсуството на периапикални патози.

Податоците од добиените патохистолошки резултати кај четирите испитувани групи укажуваат дека јатрогените пулпини дефекти третирани со двата препарата се, главно, без или со умерена пулпина инфламација и се прекриени со компактни дентински мостови. Исто така, евидентно е дека и двата материјала кои се употребени како средства за директно прекривање индуцираат рано формирање на репаративен дентин, по 8 дена од директното прекривање.

Имунохистохемиските испитувања покажуваат дека има изразена имунореактивност за FN и за TN во фибродентинскиот мост под МТА и Biodentine® по 8, а и по 30 дена од нивната апликација.

Резултатите добиени по *РНК - екстракција и RT-PCR* на репрезентативни примероци покажуваат дека експресијата на генот **DSPP** кај испитуваната група е 1,32 пати поголема во однос на експресијата на овој ген кај контролната група. Експресијата пак на, **OC** кај пациентите од испитуваната група е речиси 2 пати поголема отколку кај контролната група, а најмала е експресијата на **COL1,** само 0,66 пати е поголема кај испитуваната од експресијата на истиот ген кај контролната група. Во овој дел од испитувањето, бројот на примероците е мал за

да се направат статистички анализи и да се утврди постоење на евентуална статистички значајна разлика. Сепак, евидентно е дека во групата на заби каде што е аплициран Biodentin како средство за ДП, експресијата на овие гени е нешто поголема отколку нивната експресија кај интактните заби.

Скен - електронската микроскопија во нашето испитување покажа дека допирните површини помеѓу дентинот и Biodentine се речиси континуирано споени без поголеми гапови после 30 дена од апликацијата на материјалот како средство за индиректно прекривање.

**Дискусијата** е изнесена на 14 страници, кандидатката ги коментира своите резултати и ги компарира со податоците добиени од литературата. Исто така, кандидатката во дискусијата ги изнесува своите толкувања на резултатите и се фокусира на стратегии, техники и материјали кои доколку има и најмала индикација се применуваат со цел да се зачува виталитетот на пулпиното ткиво. Преку споредба на испитаниците од трите групи, евидентна е стапката на успешно санирани пулпини експозиции по одреден период на евалуација. Успешната санација е поголема кај оние каде што се користени МТА и Biodentine како средства за директно прекривање. Во понатамошниот дел, резултатите од клиничките испитувања на групата пациенти третирани со Biodentine се во согласност со други автори дека комплетно е отсутна болка во целиот период на евалуација. Заради тоа може да се смета дека овој материјал има приоритет како средство за директно прекривање. Преку хистопатолошките анализи се потврдува поволно влијание на МТА и  Biodentin врз пулпиното ткиво, кога се користат како средства за директно прекривање, а со тоа и нивна биокомпатибилност и способност за формирање на  комплетно дентинско премостување преку пулпината експозиција.

Во поглавјето **Заклучоци**, на две страници, концизно се дадени заклучоци од  испитувањето укажувајќи дека врз основа на испитувањата и анализите може да се заклучи  дека по апликација на средствата за директно прекривање, кај повеќе од пациентите доминираат позитивните ефекти од третманот, а само кај испитаниците од групата третирани со Biodentine комплетно е отсутна болка во целиот период на евалуација. Заради тоа може да се смета дека овој материјал има приоритет како средство за директно прекривање, посебно кај исплашени пациенти кои воопшто не можат да поднесат болка. Рендгенолошката осумдневна евалуација во однос на репараторниот дентин покажува дека е евидентно  негово формирање кај помал број пациенти, по директно прекривање со трите средства користени во текот на испитувањето, но по 15 и по 90 - дневната РТГ евалуација, зголемениот број на пациенти со формиран репараторен дентин укажува дека МТА и  Biodentin имаат значително подобри ефекти за формирање на репараторен дентин во однос на calxil, а меѓусебно не се разликуваат. Резултатите од хистопатолошката анализа покажуваат дека и МТА и  Biodentin имаат поволно влијание врз пулпиното ткиво, кога се користат како средства за директно прекривање, бидејќи покажуваат биокомпатибилност и индуцираат формирање на  комплетно дентинско премостување преку пулпината експозиција. Добиените резултати се однесуваат на директно прекривање на здрави, неинфламирани пулпи. Резултатите од имунохистохемисските испитувања говорат дека и двата материјала – МТА и Biodentin, можат да поттикнат

репаративна дентиногенеза, во која несомнено голема улога имаат фибронектинот и тенасцинот во формирањето на фибродентинскиот матрикс, како и клеточна миграција и одонтобластична диференцијација. Нивната експресија е евидентна кога како материјали за ДП се користат и МТА и Biodentin. СЕМ - евалуацијата по индиректното прекривање со Biodentin покажува дека допирните површини на дентинот и Biodentin се во директен контакт без присуство на поголеми пукнатини помеѓу нив. Добрата адхезивна врска се должи на цврстата поврзаност на кристалите за дентинската површина. Со примена на RT-PCR методата на репрезентативен број забни примероци каде што е аплициран Biodentin, утврдена е поголема експресија на гените DSPP (dentinsialophospphoprotein), OC (osteocalcin) и Col1 (collagen 1), кои имаат важна улога во репаративнта дентиногенеза. Сумирајќи ги резултатите од сите горенаведени анализи, кандидатката заклучува дека Biodentin е идеална алтернатива кога се работи за избор на материјал за директно прекривање. Неговите добри карактеристики на припремање, ракување и аплицирање, заедно со добрите биолошки, механички, како и физички особености, овозможуваат симплифицирање на техниката на ДП и подобра терапевтска прогноза.

Во поглавјето **Литература** се цитирани 144 домашни и странски автори, меѓу кои повеќето од понов датум, и во целост соодветствуваат со проблематиката која е обработена во оваа докторска дисертација.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија, по темелното разгледување на докторската дисертација ВЛИЈАНИЕ НА РАЗЛИЧНИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА ПУЛПИНО ПРЕКРИВАЊЕ ВРЗ ХИСТОПАТОЛОШКИОТ ОДГОВОР НА ПУЛПАТА од д-р Марина Ефтимоска, заклучи дека тој претставува самостоен труд, кој дава значаен придонес во согледувањата за материјалите и техниките на каналната оптурација на коренските канали на забите и нивна проценка со рендгенографски снимки и микрокомпјутер-томографија, и оценува дека се реализирани истражувачките цели и се добиени резултати кои се обработени и на современ начин прикажани во трудот. Комисијата со задоволство им предлага на членовите на Наставно-научниот совет да го прифатат позитивниот рецензентски извештај и да и овозможат на кандидатката да ја брани докторската дисертација.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. Доц. д-р Илијана Аџисанкова-Муратовска, с.р.
2. Проф. д-р Лидија Поповска, с.р.
3. Проф. д-р Елизабета Ѓоргиевска,с.р.
4. Проф. д-р Лилјана Спасевска,с.р.
5. Проф. д-р Соња Апостолска, с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА **„ИНТЕГРАЦИСКИ ПРИСТАП НА ЦЕЛОСНО УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТОТ ЗА СТЕКНУВАЊЕ КОНКУРЕНТСКА ПРЕДНОСТ НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ “**, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р КАТЕРИНА КАРЕСКА, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 241 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а во врска со поднесената докторска дисертација од кандидатката м-р Катерина Кареска со наслов „Интеграциски пристап на целосно управување со квалитетот за стекнување конкурентска предност на организациите“, Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, на својата 109 седница одржана на 22.9.2014 година, донесе одлука бр. 02-1719/2 од 25.9.2014 за формирање на Комисија за оцена на докторската дисертација во состав:

1. д-р Васил Поповски;
2. д-р Дејан Пендев;
3. д-р Наташа Данилоска;
4. д-р Татјана Петковска и
5. д-р Билјана Ангелова.

Членовите на Комисијата со посебно внимание ја прочитаа и ја проучија поднесената докторска дисертација и по усогласувањето на мислењата до Научниот совет на Економскиот институт го доставуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1. Општи согледувања

Докторската дисертација од кандидатката *м-р Катерина Кареска* со наслов *Интеграциски пристап на целосно управување со квалитетот за стекнување конкурентска предност на организациите,* според низа релевантни индикатори од теориско - методолошки аспект укажува на нагласената потреба кај организациите во Република Македонија да се воведат современи концепти на работење за подобрување на квалитетот со една единствена цел - подобрување на целокупниот работен процес и постигнување на одржлива конкурентска предност.

Во Република Македонија речиси и да не постојат фундаментални теориски истражувања, ниту системски и продлабочени емпириски истражувања поврзани со проблематиката на интеграцискиот пристап на целосно управување со квалитетот и современите концепти на работење, како и влијанието што го има интеграцискиот пристап на целосното управување со квалитетот врз конкурентноста на организациите. Иако интуитивно, квалитетот се перципира дека има есенцијално значење, а недостигот од емпириски резултати и податоци доведува до скептицизам во врска со импликациите врз работењето кај организациите. Докторската дисертација *Интеграциски пристап на целосно*

*управување со квалитетот за стекнување конкурентска предност на организациите, од* кандидатката *м-р Катерина Кареска,* преку еден методолошки фундиран-системски пристап, ги проверува, ги проширува и ги продлабочува постојните и стекнува нови научни сознанија во оваа област. Притоа, основна задача е да се воспостави тесна врска меѓу теоријата и практиката во доменот на интеграцискиот пристап на целосното управување со квалитетот заради стекнување конкурентска предност, со партикуларен осврт на Република Македонија.

Согласно со претходното, дисертацијата го потенцира значењето на примената на интеграцискиот пристап на целосно управување со квалитетот како современ концепт, давајќи им насоки на менаџерите постојано да бидат активни, да ги следат промените, да бидат иновативни и посветени на унапредувањето на квалитетот во сите аспекти на работење заради остварување конкурентска предност. Практичното значење на докторската дисертација е во можноста понудените современи концепти да укажат на придобивките и корисностите кои ги нудат тие и да се искористат од страна на организациите во Република Македонија, како пример за иницирање и воведување на стратегиски промени од аспект на зголемување на продуктивноста, ефективноста во работењето и нивната конкурентска способност и предност.

Претпоставката од која се поаѓа во докторската дисертација е дека интеграцискиот пристап на целосно управување со квалитетот има позитивни ефекти врз задоволството на вработените, квалитетот на производите/услугите, зголемување на продуктивноста и врз стратегиските деловни перформанси.

Денес голем број на организации во светски рамки ги употребуваат современите концепти за подобрување на квалитетот кои создаваат услови за напредок и подобрување на работата. Меѓутоа, овој труд насочува чекор натаму и дава можност за согледување на предностите и разликите со кои организациите се соочуваат при спроведувањето на овој современ концепт, што придонесува и кон легитимно проширување на теоретските перспективи.

## 2. Содржина на дисертацијата

Теоретското елаборирање и анализата во докторската дисертација *Интеграциски пристап на целосно управување со квалитетот за стекнување конкурентска предност на организациите*, поднесена од кандидатката *м-р Катерина Кареска,* е содржана на 331 страница текст, секоја тема е покриена со посебни согледувања, со голем број на шематски прикази, табели, графикони и илустрации, поткрепено со најнови сознанија од оваа област, кои кандидатката ги црпи, пред сé, од странската литература - книги и научни трудови, поврзани со предметот и целите на истражувањето.

Глобалната структура на докторската дисертација е разработена во два дела. Првиот дел е составен од вовед и теориски дел во пет глави. Вториот дел е, всушност, емпириски дел, а потоа следуваат заклучни согледувања, прилози и користена литература. Теорискиот дел опфаќа 206 страници, емпирискиот-76 страници, а прилозите се опфатени на 26 страници. Користената литература е

наведена на 16 страници и содржи 271 релевантна библиографска единица, периодични списанија и интернет - страници.

Во ***воведниот дел*** на докторската дисертација, кандидатката, во согласност со основните теориско - епистемолошки принципи на истражувањето, доследно го развива концептот на своето истражување, со прецизно дефинирање на проблемите, предметот и целта на истражувањето, актуелноста на проблематиката, како и методолошкиот приод што ќе се користи при истражувањето.

Во ***првата глава*** од теорискиот дел, *Основи на современиот менаџмент, современиот бизнис и современи концепти за стекнување конкурентска предност,* се укажува на современиот менаџмент, како поим и се разработува развојот на современиот менаџмент. Во суштина, разгледани се главните предизвици на современиот менаџмент, дефинирајќи го поимот за современи концепти на менаџментот, при што се разгледани неговите теоретски аспекти со нивна детална анализа. Разгледани се и разликите и дистинкциите меѓу современите концепти, при што на крајот се потенцира значењето на местото и улогата на современите концепти на менаџментот.

Во ***втората глава****, Целосно управување со квалитетот,* се дефинира поимот за квалитет и подетално се елаборирани деветте фактори на квалитет. Кандидатката става акцент и на елементите на квалитет и прави анализа на димензиите на системот на управување со квалитет. Притоа, ставен е акцент на принципите на системот на управување со квалитетот. Во овој дел, кандидатката ја објаснува важноста на системите за управување со квалитет во случај кога една организација прави интеграциски пристап на целосно управување со квалитетот за стекнување конкурентска предност на пазарот. За да биде заокружена проблематиката на управување со квалитетот во организациите, елаборирани се и системите на управување со него, задржувајќи се притоа на стандардите ISO 9000. Исто така, станува збор за поимот и карактеристиките на целосното управување со квалитет, за потоа да бидат разгледани неговите принципи, неизоставајќи ги филозофските осврти кон движењето за квалитет на тројцата најпознати лидери.

Во понатамошното елаборирање, кандидатката ги разработува методите и техниките за откривање на очекувањата на потрошувачите кои опфаќаат прашалници за тековните потрошувачи, прашалници за потенцијалните потрошувачи, интернетот како можност за комуникација со потрошувачите и со деловните партнери, за прибирање на неопходни податоци, како и изработка и следење на дијаграми на афинитети. Исто така, објаснети се методите и техниките за континуирано подобрување. Во точката за целосно управување со квалитетот обработена е Six Sigma филозофијата и методите кои се користат за елиминирање на дефектите во производите и процесите. Кандидатката посебно се задржува на дефинирање на трошоците за квалитет, давајќи им со тоа особена важност и значење во целосното управување со квалитетот.

***Третата глава*** од докторската дисертација, *Значајни аспекти на интеграцискиот пристап на целосното управување со квалитетот,* е посветена на аналитички концепт на интеграцискиот пристап започнувајќи со структурните промени во организациите при воведувањето на целосно управување со квалитетот. Овде кандидатката ја потенцира важноста на овие промени задржувајќи се на фактот што тие имаат фундаментално значење кога

менаџментот на една организација ги согледува претходните резултати од работењето, и одлучува да го подобри истото, со цел стекнување конкурентска предност, со повисок квалитет со кој ќе бидат придобиени купувачите/ корисниците на услуги, а со тоа ќе се постигнат и подобри финансиски резултати. Во понатамошната елаборација, ставен е акцент и на организациските форми на TQM. Кандидатката укажува и на потребата од воведување на информатичката технологија која во последно време зема сé поголем замав во работењето на организациите. Понатаму, обработени се и факторите кои влијаат на структурните промени, за потоа да укаже на важноста од воведувањето на интеграцискиот пристап заради стекнување конкурентска предност. Понатаму, детално се разработени мотивите и детерминантите за спроведување на целосно управување со квалитетот во организациите. Потоа, кандидатката ги прикажува емпириските истражувања кои подолг период ги правеле многумина аналитичари што се занимавале со мотивите и детерминантите кои влијаат на примената на целосно управување со квалитетот.

Заради важноста на примената на целосно управување со квалитетот во работењето на организациите од неговата неминовна примена, следува анализа на мотивите и детерминантите кои влијаат на примената на целосно управување со квалитетот во производната дејност. Едновремено, заради важноста и значајноста на примената на целосно управување со квалитетот во услужната дејност, кандидатката прави анализа на мотивите и детерминантите кои влијаат на нејзината примена. По согледувањето на концептот на интеграцискиот пристап и мотивите и детерминантите за спроведување на целосно управување со квалитетот, а со цел стекнување конкурентска предност на организациите, следува елаборација за имплементација на истиот. Подеднаков акцент се става како на имплементацијата на целосно управување со квалитетот во производниот процес, така и на имлементацијата на целосно управување со квалитетот во услужниот сектор.

Во ***четвртата глава*** од докторската дисертација со наслов: *Анализа на интеграцискиот пристап на целосно управување со квалитетот,* направена е анализа на интеграцискиот пристап на целосно управување со квалитетот започнувајќи со анализа на процесот на интеграцискиот пристап на целосно управување со квалитетот. Во тој поглед, најнапред се објаснети неколкуте чекори на процесот на интеграцискиот пристап на целосно управување со квалитетот, разгледувајќи ја подетално стратегиската подготовка. По неа, следува неопходното истражување кое ги дава потребните индикатори за да може со висок процент на сигурност да следи имплементирање на интеграцискиот пристап на целосно управување со квалитетот. Понатаму, кандидатката се задржува на односот на менаџмнетот кон спроведувањето на интеграцискиот пристап на целосното управување со квалитетот.

Кога зборуваме за процесот на интеграциски пристап на целосно управување со квалитетот за стекнување конкурентска предност на организациите, по преземените чекори на стратегиска подготовка, истражување и имлементирање, подетално е елаборирана и политиката на одговорност. Кандидатката ја потенцира важноста и значењето на политиката на одговорност во целата организација, од што произлегува значајната и важна одговорност на менџерскиот тим, но и важноста и одговорноста на другите сектори и функции.

Во продолжение на дисертацијата следува и анализа на принципите на целосно управување со квалитетот, за потоа да следува студија на случај на странска фирма, која, стремејќи се да се стекне со конкурентска предност на пазарот, направила интеграциски пристап на целосно управување со квалитетот. Кандидатката посебно става акцент на мотивите за имлементација на целосно управување со квалитетот и за самото имлементирање, за на крајот од студијата да стане збор за евидентните ефекти од неговото спроведување.

Во ***петтата глава*** од докторската дисертација**,** *Ефекти од интеграцискиот пристап на целосното управување со квалитетот за стекнување на конкурентска предност,* кандидатката ги елаборира ефектите од интеграцискиот пристап на целосно управување со квалитетот за стекнување конкурентска предност. Најнапред подетално ги разработува позитивните ефекти, започнувајќи со радикалното зголемување на квалитетот на производите, преку континуираното подобрување на сите процеси, за да се задржи и на позитивниот ефект кој подразбира вклучување на сите вработени во целокупното работење. Својата елаборација ја продолжува ставајќи акцент на смалувањето на трошоците, зголемување на продуктивноста и ефектите врз купувачите за да заврши со објаснување на позитивните ефекти врз стратегиските бизнис перформанси. Исто така, кандидатката се задржува и на недостатоците од интеграцискиот пристап на целосното управување со квалитет, особено ставајќи акцент на трошоците за почетно воведување на целосно управување со квалитетот, на потребното време за негово имплементирање, како и на отпорот што го даваат вработените при воведување на некои новитети. Во овој дел од трудот, кандидатката ги прикажува компаративните искуства и практики во доменот на интеграцискиот пристап на целосно управување со квалитетот за стекнување конкурентска предност, преку елаборирање на јапонската, американската и европската стратегија.

Земајќи ги предвид резултатите од анализите на организациите кои го спровеле интеграцискиот пристап на  целосно управување со квалитетот за стекнување конкурентска предност, кандидатката доаѓа до заклучок дека показатели говорат за нагорно движење и постигнување подобри резултати во работењето. Од таа причина ги споменува и веќе воспоставените награди за квалитет.

**Вториот дел,** *Емпириски согледувања на целосното управување со квалитетот за стекнување конкурентска предност,* ја содржи **шестата глава** *Можности и перспективи за интеграциски пристап на целосното управување со квалитетот вооганизациите во Република Македонија*. Кандидатката се осврнува на  можностите и перспективите за интеграциски пристап на целосно управување со квалитетот во организациите во Република Македонија.

За конкурентноста во Република Македонија, најнапред го прикажува методолошкиот приод кон истражувањето со собирање на податоци преку лично интервју и преку анкетен прашалник, за потоа да направи детален приказ на резултатите од истото. Преку детален приказ дадени се резултатите од истражувањето добиени преку лично интервју во банка. Потоа, прикажани се резултатите од истражувањето добиени преку анкетен прашалник за тековната состојба на конкурентност на производните и услужните организации во Република Македонија. Понатаму следува приказ за конкурентноста на производствените и услужните организации преку современиот менаџмент и

бизнис и од аспект на ефективното и ефикасното менаџирање на ресурсите. Исто така, даден е приказ на резултатите добиени преку анкетен прашалник кои се однесуваат на досегашната примена на целосното управување со квалитетот за стекнување конкурентска предност, како и приказ на резултатите од истражувањето кои се однесуваат на ефектите од досегашната примена на TQM.

Оваа глава е заокружена со согледувањата на идните правци за примена на интеграцискиот пристап на целосно управување со квалитетот за стекнување конкурентска предност на организациите во Република Македонија. Врз основа на истражувањето, кандидатката во синтетизирана форма, низ потврдување на основните ставови изложени во хипотезите, јасно и концизно ги елаборира своите завршни согледувања, втемелени врз резултатите до кои доаѓа во текот на истражувачката работа. Резултатите од истражувањето претставуваат релевантен научен придонес за интеграцискиот пристап на целосното управување со квалитетот за стекнување конкурентска предност на организациите.

Од целокупното истражување, кандидатката посочува дека кај организациите во Република Македонија мора да постои континуирано, проактивно и иновативно ангажирање на врвниот менаџмент и сите вработени во организациите за целокупно остварување на визијата, мисијата и стратегијата. Преку истражувањето е утврдено дека квалитетот како визија на иднината треба да биде основа за задоволување на очекувањата, желбите и потребите на купувачите. Од огромна важност е укажувањето на кандидатката за значењето на менаџирањето со квалитетот и придонесот за подобрување на квалитетот на производот и услугата, како и за целокупен успех на деловното работење кај организациите.

Истражувањето во трудот покажа дека интеграцискиот пристап на целосното управување со квалитетот како современ концепт на работење во организациите, претставува постепен, систематски и континуиран процес со цел постигнување на долгорочен развој и напредок во работењето што доведува до стекнување на конкурентска предност.

## 3. Оцена и предлог

Имајќи ги предвид претходните согледувања, Комисијата е на мислење дека кандидатката м-р Катерина Кареска, фокусирајќи го својот истражувачки интерес на една така суптилна и комплексна проблематика како што е: *Интеграциски пристап на целосно управување со квалитетот за стекнување конкурентска предност на организациите*, во својата докторска дисертација дава сериозен и значаен научен придонес во областа на економијата и менаџментот. Трудот претставува самостоен научно-стручен труд од мултидисциплинарен карактер, изработен врз база на обемен научен материјал, со спроведување на истражување на терен и има значаен придонес во областа на анализираната проблематика.

Комисијата цени дека тоа е научен труд, кој по својот пристап, начинот на изработка и добиените резултати во секој поглед ги задоволува формалните и суштинските услови кои се потребни за една докторска дисертација од аспект на содржина, обем и постигнато ниво на квалитет. Имено, докторскиот труд на

кандидатката м-р Катерина Кареска се разликува од постојната економска и менаџментска литература во три основни претпоставки.

*Прво,* за разлика од постојната економска и менаџментска литература, дисертацијата дава концептуална рамка за интеграцискиот пристап на целосното управување со квалитетот за стекнување конкурентска предност на организациите, не само како предлог, туку и како развиен емпириски оценет концепт. Поткрепена со широк преглед на референтна литература, теоретската рамка ги обработува не само дефинициите, туку и практичните аспекти на темата, со што дава повеќедимензионална формулација за целосното управување со квалитетот.

*Второ,* значителна разлика претставува предложената матрица која развива валиден и релевантен иструмент за операционализација на хипотезите, како и проширениот аналитички опсег во однос на претходните студии. Показателите кои ја потврдуваат или отфрлаат хипотетската рамка се базирани врз примерок од деловните субјекти во Република Македонија.

*Едновремено,* трудот обезбедува развивање на широка истражувачка рамка која опфаќа скала составена од критичните компоненти на ориентацијата на целосен квалитет, пазарната ориентација и организациските перформанси.

Во елаборацијата на трудот, кандидатката, низ осмислен интерактивен пристап, користи мошне егзактен јазик и стил на изразување, продлабочена анализа на содржината на секој поим, споредување, спротивставување и корелација на сите поими, со цел да се добијат сознанија кои се систематизирани според нивното потекло и значење.

Докторската дисертација *Интеграциски пристап на целосно управување со квалитетот за стекнување конкурентска предност на организациите* од кандидатката *м-р Катерина Кареска*, се одликува со коректен методолошки приод. Мноштвото податоци се логички подредени, прецизно формулирани и јасно прикажани, односно се темелат врз јасна структурна операционализација на предметот на истражување. Кандидатката покажува дека е способна да го обедини теорискиот, истражувачкиот и апликативниот приод и да направи концепциски и емпириски солидно изработен самостоен труд.

Целта на истражувањето е успешно остварена преку развивање на хипотетска рамка што подразбира неопходност од примена на интеграцискиот пристап на целосно управување со квалитетот како начин за стекнување конкурентска предност, како и неговото влијание врз целокупното работење на организациите во Република Македонија.

Дисертацијата претставува значаен придонес за афирмација на организациските науки - како на полето на научното третирање на проблематиката на стратегискиот менаџмент, производниот менаџмент, така и на општиот менаџмент. Докторантката има солидно познавање и добро владее со

методологијата на научно-истражувачката работа, како во конципирање на појдовната теориско - методолошка рамка, така и во формулирањето на добиените резултати од истражувањето, што се темели врз доследна примена на основните епистемолошки начела: сеопфатност, систематичност, постепеност, аналитичност, објективност, логичност и способност за воопштување.

Од содржината, методологијата и начинот на изработка на дисертацијата како и од прикажаните резултати од истражувањето, преку успешниот спој на области, се потенцира креативноста на кандидатката и нејзиното детално познавање на предметот на истражување, нејзиниот студиозен и темелен пристап и владеење со презентираната проблематика. Резултатите од истражувањето во дисертацијата можат да најдат непосредна примена во практиката, а воедно отвораат можност за понатамошни истражувања во споменатите области.

Докторската дисертација заслужува посебен респект поради интегралниот, целисходниот и темелен пристап и според обемноста на обработениот стручен материјал. Текстот на дисертацијата е пишуван согласно со современите концепти прифатени при изработка на докторски дисертации.

Комисијата беше едногласна во констатацијата дека кандидатката м-р Катерина Кареска во својата докторска дисертација целосно успеала да одговори на предизвиците што ги поставила при дефинирањето на предметот на истражување. Тезите што ги поставува мошне успешно ги развива со поткрепени и аргументирани ставови и заклучоци. Постигнатата научна егзактност и вредност на докторската дисертација се целосно прифатени и заслужуваат позитивна оцена.

Имајќи го предвид изнесеното мислење и оцена на докторската дисертација, нејзината актуелност и научен пристап, Комисијата му предлага на Научниот совет на Економскиот институт во Скопје:

1. да го прифати извештајот со позитивна оцена за поднесената докторска дисертација *Интеграциски пристап на целосно управување со квалитетот за стекнување конкурентска предност на организациите* ;

2. да формира Комисија за одбрана на докторската дисертација;

3. на кандидатката м-р Катерина Кареска, да и се дозволи јавна одбрана на докторскиот труд.

Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација

1. ________________________ с.р.
   /Д-р Васил Поповски/
2. ________________________ с.р.
   /Д-р Дејан Пендев/
3. ________________________ с.р.
   /Д-р Наташа Данилоска /
4. ________________________ с.р.
   /Д-р Татјана Петковска /
5. ________________________ с.р.
   /Д-р Билјана Ангелова /

# РЕЦЕНЗИЈА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ЗЛОУПОТРЕБА НА ПРОЦЕСНИТЕ ОВЛАСТУВАЊА ВО ПАРНИЧНАТА ПОСТАПКА“ ОД М-Р МИЛКА РАКОЧЕВИЌ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје на својата седница одржана на 12.9.2014 година, по предлог на Институтот за граѓанско право, формираше Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Милка Ракочевиќ под наслов „Злоупотреба на процесните овластувања во парничната постапка“, во следниов состав: д-р Арсен Јаневски, редовен професор (ментор), д-р Гордана Станковиќ, редовен професор, д-р Родна Живковска, редовен професор, д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска, редовен професор и д-р Татјана Зороска Камиловска, вонреден професор.

Комисијата во наведениот состав со внимание ја прочита и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, со особено задоволство, му го поднесува следниов

## **И З В Е Ш Т А Ј**

### **1. Приказ на докторската дисертација**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Милка Ракочевиќ, под наслов „Злоупотреба на процесните овластувања во парничната постапка“, содржи 443 страници компјутерски обработен текст. При изработката на докторската дисертација е користена обемна литература, која се состои од над четиристотини библиографски единици (учебници, монографии, статии) и голем број на нормативни акти. Секоја библиографска единица е соодветно цитирана во текстот на докторската дисертација. Докторската дисертација содржи вовед, шест глави и заклучни согледувања.

Во воведните излагања, кандидатката укажува на општествената оправданост на темата која е предмет на истражување на докторската дисертација, го презентира предметот на обработка и целите кои треба да ги постигне истражувањето, ги поставува работните хипотези при изработката на докторската дисертација, дава определени генерални забелешки во однос на предметната проблематика и укажува на користената методологија при истражувањето и изготвувањето на дисертацијата.

Излагањата во првата глава на докторската дисертација се посветени на прашањето за (не)совесното вршење на субјективните права и институтот злоупотреба на правата. Примарно, кандидатката дава начелни согледувања за функциите на доктрината *abusus iuris* и генезата на идејата за злоупотреба на правата воопшто. Кандидатката наведува дека теоријата за злоупотреба на правото се јавува како одговор на прашањето до која граница носителите на правата можат да ги вршат правата кои им се признаени со објективното право и дека забраната за злоупотреба на правото се јавува како оправдано барање за определување на содржината на субјективните права, односно поставувањето на граници до кои правото може да се остварува. Кандидатката констатира дека спознавањето на битието на злоупотребата на правото овозможува согледување на

суштината на правото и непосредно оживотворување на врзаноста на целта на правото и должноста за почитување на етичките вредности, бидејќи идејата за совесност и забрана за злоупотреба на правата поставува истовремено и правна (законска) и етичка (морална) обврска за секој субјект на правото.

Во продолжение, анализата го опфаќа и разгледувањето на основот на теоријата за злоупотреба на правата, а тоа е самото вршење на субјективните права, а елаборирано е и прашањето за тоа во кој момент од вршењето на правото почнува неговата злоупотреба. Имајќи предвид дека оваа проблематика е тесно врзана со методот и начинот на вршење на субјективните права, кандидатката наведува дека објективната правна ситуација која е создадена како последица на користењето на правото може да укаже дека иако надворешното, видливото однесување на носителот на правото е покриено со содржината на субјективното право (со што влегува во рамките на дозволеното), вршењето на правото во суштина може да значи остварување на цел која е спротивна на намената поради која правниот поредок го признал правото на поединецот. А токму во таа дискрепанца помеѓу целта поради која правото се врши и целта поради која законодавецот го нормирал тоа право може да се забележи злоупотребата.

Имајќи ги предвид претходните излагања, во рамките на овој дел на трудот обработени се и концепциите за злоупотреба на правото. Кандидатката дава осврт на субјективната и објективната концепција, теоријата на конфликт на правото и оспорувањето на теоријата за злоупотреба на правата. Во рамките на овој дел на трудот, посветено е внимание и на конституенсите, односно критериумите за утврдување на злоупотребата на правото, при што се обработени појдовните основи и карактерните црти на позначајните критериуми: 1) интенционалниот критериум (шиканозно вршење на правото); 2) уталитаристичкиот критериум (недостаток на оправдан интерес); 3) финалистичкиот критериум (противцелно вршење на правото; и 4) вршење на правото спротивно на *bona fides*.

Излагањата во оваа глава продолжуваат во насока на детерминирање на разликата помеѓу абузивноста и противправноста и укажувањето на карактеристиките на феноменот *fraus legis* (изигрување на законот), при што целта е изигрувањето на законите како институт да се разгледа од аспект на неговиот однос со теоријата за злоупотреба на правото и да се даде осврт на специфичностите на тој однос. На крајот од оваа глава е даден осврт и на злоупотребата на објективното право, која се врши по пат на регулирање, нормирање, односно создавање на правните норми, со цел да се постави дистинкција помеѓу таквиот тип на злоупотреба и злоупотребата на субјективните права, како посебна правна установа.

Предмет на елаборација во втората глава на докторската дисертација е идејата за *bona fides* во парничната постапка. Имајќи предвид дека идејата за совесност во правниот живот денес важи за општоприфатена во сите гранки на правото и имајќи го предвид нејзиното енормно значење во регулирањето на правниот сообраќај, кандидатката забележува дека е сосема разбирливо што таквата идеја доаѓа до израз и во процесното право. Притоа, таа наведува дека идејата за совесност на теренот на цивилната процедура поставува императив за сите учесници во процесот со своето постапување да го обезбедат правилното и законито водење на постапката. Кандидатката забележува дека кога се зборува за нормирањето на идејата на совесност и забраната за злоупотреба на процесните

права се работи за норми со висок степен на апстракција, во чија основа се наоѓа правен стандард, кој сам по себе претставува неодреден и еластичен поим чија содржина се менува во зависност од конкретните околности. Според кандидатката, доктрината за злоупотреба на процесните овластувања зазема значајно место во пејзажот на граѓанската постапка. Нејзиното енормно значење за правилното и законито остварување на системот на граѓанската правда и нејзината неспорна улога во доменот на администрација на правдата се гледа и во тоа што идејата за совесност во граѓанските парници и забраната за злоупотреба на процесните права се јавува како една од раководните максими во процесното право.

Во контекст на идејата за совесност во граѓанските парници, излагањата во овој дел на трудот задираат во неколку сфери. Примарно, дадени се теориски разгледувања во однос на концептот на *bona fides* и теоријата за злоупотреба на правата на теренот на парничната постапка, поимот, значењето и функцијата на принципот на забрана за злоупотреба на процесните права во парничната постапка и односот помеѓу објективната цел на парничната постапка и субјектината цел на парничарите. Имајќи предвид дека основно прашање кое се поставува при елаборација на идејата за злоупотреба на правата на теренот на процесното право е прашањето како да се квалификува поимот процесна злоупотреба, односно како *in concreto* да се препознае и открие една процесна активност како абузивна и следствено на тоа да се сузбие, односно да се санкционира и дека на ова прашање не може да се одговори со една општа формула која би се применувала на сите можни ситуации, во рамките на овој дел на трудот детално се елаборирани концепциите и критериумите според кои ќе се цени дали процесната злоупотреба постои или не.

Излагањата во оваа глава продолжуваат со осврт на принципот на совесно вршење на процесните права и забраната за злоупотреба на процесните овластувања според Законот за парничната постапка на Република Македонија, при што се забележува дека во македонскиот процесен систем, совесното постапување и забраната за абузивно однесување во текот на парничната постапка се издигнати на ниво на основен процесен постулат. Нормирани највисоко во хиерархијата на процесните норми, истите ја рефлектираат идејата за морализација на цивилната процедура, јакнење на процесната дисциплина и зголемување на одговорноста на сите учесници во процесот. Кандидатката наведува дека под злоупотреба на процесното право, според режимот на нашата цивилна процедура, би требало да се смета она користење на определен законски прерогатив каде процесниот субјект сака да постигне некоја поинаква цел од онаа поради која таквото овластување е нормирано, односно поради која законскиот пропис воопшто бил донесен. Таквата процесна активност по своите надворешни манифестации е перфектна, но имајќи ја предвид целта поради која истата се презема, ја сметаме за недопуштена. Кандидатката смета дека ова е правилен пристап кон дефинирањето на процесната злоупотреба, бидејќи секое поинакво определување или приклонување кон конкретен конституенс или изрично оптирање на една од концепциите би значело само стеснување на просторот во кој би можела да се детектира злоупотребата. Излагањата во втората глава завршуваат со обработка на должноста за зборување на вистината во парничната постапка, при што, предмет на анализа се неколку суштински прашања: обемот и

границите на должноста за зборување на вистината во парничната постапка, прашањето за лагата во парничната постапка и правните последици поради повреда на должноста за зборување на вистината.

Во третата глава на докторската дисертација прикажана е генезата и еволуцијата на идејата за совесност во граѓанските парници. Излагањата во оваа глава глава се посветени на историската димензија на совесното парничење и злоупотребата на процесните овластувања во граѓанската постапка. Историската ретроспектива опфаќа различни епохи, почнувајќи од најстарите времиња на античкиот Рим со преглед на римската граѓанска постапка, преку „примитивната“ постапка на раниот среден век и средновековната римско канонска постапка, па се до првите модерни кодификации од областа на граѓанската процедура кои го одбележаа периодот на XIX век и кои имаа силно влијание во градењето на процесните системи на државите во светот. Излагањата во рамките на овој дел на трудот се посветени и на парничното законодавство на Југославија во почетокот и средината на XX век. Набљудувајќи ја историската димензија, кандидатката забележува дека без оглед дали станува збор за предржавни и архаични облици на заштита на субјективните права или, пак, за современи процесни модели, идејата за совесно и коректно процесно однесување егзистира во сите историски типови на граѓанската постапка. Иако, не секогаш издиференцирана како посебен процесен феномен, *abusus iuris* доктрината има долга историја и таа се среќава низ сите етапи на историскиот развој на цивилната процедура. Според кандидатката, концептот на забрана за злоупотреба на процесните права, како еден од основните процесно правни постулати на модерното граѓанско процесно право, гледан историски, воопшто не е ниту современ ниту модерен во правното значење на тие поими, ниту, пак, во историската ретроспектива ги губи свежината и актуелноста кои го карактеризираат во современото процесно право. Ова од причина што тој се јавува како регулаторен принцип во однос на оценувањето на држењето на учесниците во процесот на правораздавање без кој не може да се замисли ниту еден тип на граѓанска постапка. Кандидатката забележува дека историската анализа укажува дека во сите типови на граѓански постапки, идејата за забрана за злоупотреба на процесните права е профилирана и дека постојат механизми за сузбивање на несовесното и абузивно постапување на процесните субјекти.

Во четвртата глава, насловена како „Злоупотреба на процесните овластувања во парничната постапка“, кандидатката обработува неколку суштински прашања во однос на предметната проблематика, при што најголем акцент е ставен на состојбите во нашето процесно законодавство и практичната димензија на процесната злоупотреба во нашите судови. Како што се наведува, злоупотребата на процесните права е тесно врзана за самиот поим на вршење на правата и по својата природа претставува антисоцијално користење на процесните овластувања, поради што секоја активност која се презема во текот на постапката, независно од кој процесен субјект потекнува, мора да биде во согласност со целта поради која определено процесно постапување е нормирано, т.е. дозволено и определено од самиот законодавец.

Во рамките на овој дел од трудот, анализата примарно е насочена кон класификацијата на видовите злоупотреби на процесните права и овластувања во парничната постапка, при што се дадени повеќе можни поделби, имајќи ја

предвид специфичната природа на предметната проблематика. Во контекст на појавата на злоупотреба на процесните права на теренот на парничната постапка, во продолжение е даден осврт и на концептот на процесната тактика и неговиот однос кон предметниот принцип. Во таа насока, кандидатката наведува дека примената на процесна тактика и градењето стратегија за водење на судскиот спор не значи дека таа „тактика“ подразбира несовесно, нечесно и неморално постапување.

Излагањата во четвртата глава го опфаќаат и прашањето за субјектите кои можат да се јават како „креатори“ на процесната злоупотреба, при што, од една страна, одделно се анализирани странките и нивните застапници, со посебен акцент на положбата и постапувањето на адвокатите, и од друга страна, положбата на судот во процесот на правораздавање и можноста и судијата да биде оној кој ја злоупотребува парничната постапка. Во таа насока, кандидатката потенцира дека несовесното или абузивното процесно однесување е својствено за сите процесни субјекти и дека независно од тоа дали станува збор за парничарите, адвокатите, законските застапници на странките, вмешувачите, судиите кои постапуваат по предметот или другите учесници во постапката, сите тие, во доменот на својата процесна положба и во доменот на своите процесни овластувања, можат да се јават како автори на процесната злоупотреба.

Следно прашање кое се наметнува како суштинско и на кое е посветен еден значителен дел од оваа глава е прашањето кое се однесува на формите на злоупотребата на процесните овластувања во парничната постапка. Кандидатката забележува дека злоупотребата на процесните права може да се манифестира во различни појавни форми и во различни процесни ситуации, при што процесните злоупотреби најчесто се манифестираат во вид на опструкциски и дилаторни тактики кои имаат за цел да го попречат нормалниот и редовен тек на постапката и непотребно да ја одолговлекуваат истата. Се забележува дека процесната теорија и судската практика имаат детектирано низа процесни постапувања кои претставуваат типични модалитети на оваа негативна појава и кои според својата природа лесно се препознаваат како несовесни тактики и абузивни маневри. Од тие причини, во рамките на четвртата глава на трудот продлабочено се елаборирани специфичностите на одделни манифестни форми на процесната злоупотреба, кои најчесто се среќаваат во практиката. Анализата ги опфаќа злоупотребата на правото на правна заштита (правото на тужба), злоупотребата на правото на диспонирање со предметот на спорот, злоупотребата на институтот изземање на судија, злоупотребата на правото на жалба, како и определени карактеристични модалитети на злоупотребата на процесните овластувања како што се: примањето на писмена односно попречување на нормалното функционирање на доставувањето на писмена; намерно одлагање на рочиште поради „измислени“ и непостоечки причини; злоупотреба на процесниот институт *restitutio in integrum*; злоупотреба на процесните овластувања кои произлегуваат од начелото на сослушување на странките; злоупотреба на процесните права кои произлегуваат од расправното начело; задоцнето изнесување на процесниот материјал, итн.

Излагањата во четвртата глава завршуваат со осврт на влијанието на злоупотребата на процесните овластувања на правосилната судска одлука, при што генерален е заклучокот дека и во примената на етичките вредности и

почитувањето на принципот на совесно постапување и забраната за злоупотреба на процесните овластувања постои граница. Според кандидатката, сосема е исправно доколку се каже дека во определени ситуации овие идеи имаат предност и дека сите постапувања на процесните субјекти мораат да се водат од тие принципи. Но, како што се забележува, нивната примена не е апсолутна, особено кога некои повисоки интереси треба да превагнат. Во конкретниот случај, тоа е интересот на правната сигурност кој ја исклучува можноста за модификација на утврдената правна заштита поради постоење на процесна несовесност и злоупотреба. Кандидатката забележува дека кога се зборува за можностите да се побие една судска одлука поради постоење на злоупотреба на процесните права, акцентот не треба да се насочи само кон средствата со кои тие повреди би требало да се анулираат, туку и на должноста на судот да внимава таквите повреди воопшто да не се случуваат во пендентната парница.

Излагањата во петтата глава се посветени на механизмите за зајакнување на процесната дисциплина и сузбивањето на злоупотребата на процесните овластувања. Кандидатката потенцира дека во насока на сузбивање на процесната злоупотреба, навистина е невозможно да се создаде совршен систем на парничната постапка и истовремено да се овозможи системот на правна заштита да функционира така складно и беспрекорно што со своето дејствување ќе ја исклучи секоја, па дури и најмалата можност за злоупотреба на процесните права. Според кандидатката, неспорна е констатацијата дека злоупотребата на теренот на цивилната процедура е појава што секогаш егзистирала и ќе егзистира во системот на правораздавање, па со оглед на тоа, прашањето кое се поставува треба да оди во насока на тоа да се одговори колку се вешти законодавецот, како креатор, и судијата, како непосреден применувач на процесните норми, процесната злоупотреба да ја сведат во рамки кои се општествено прифатливи.

При елаборирање на предметната проблематика, кандидатката забележува дека мерките за спречување и мерките за санкционирање на процесната злоупотреба, како и мерките предвидени за зајакнување на процесната дисциплина на учесниците во постапката претставуваат дел од единствен систем на инструменти кои се во служба на една единствена цел – да ја искоренат или да ја сведат процесната злоупотреба на минимална, разумно прифатлива мерка која ќе гарантира дека евентуалните злоупотреби на процесните права во текот на постапката нема да предизвикаат штета на законитото, правилното и ефикасното правораздавање. За таа цел, принципот на совесно користење и забрана за злоупотреба на процесните права, како фундаментален процесен принцип, е конкретизиран и инструментализиран низ системот на процесните норми, а процесниот закон содржи разновидни и многубројни решенија преточени во конкретни процесни одредби кои на директен или индиректен начин ја тангираат предметната проблематика. Според кандидатката, дел од нив се посветени на низа различни мерки предвидени во насока на спречување и сузбивање на евентуалната злоупотреба на процесните овластувања. Таквите конкретни законски решенија претставуваат дел од превентивниот инструментариум со помош на кој процесните субјекти се оневозможуваат во обидот да сторат определена процесна злоупотреба. Од друга страна, системот на процесните норми содржи и определени репресивни средства кои се активираат во случај на

откривање на злоупотребата и кои според својата природа првенствено имаат казнувачки карактер.

Кандидатката наведува дека нашиот законодавец има направено низа значајни и крупни потфати во системот на парничната постапка во насока на сузбивање на злоупотребата на процесните права, при што трендот на активен ангажман во однос на намалување на можностите за несовесно и абузивно постапување во парничната постапка започнува со донесување на ЗПП од 2005 година, и тој продолжува и при секое идно новелирање на процесниот закон. Кандидатката констатира дека позитивните законски решенија даваат за право да се каже дека релативно новиот процесен режим (ЗПП од 2005 година, со неговите подоцнежни измени) позитивно се одразува на сузбивање на процесната злоупотреба и дека постојниот законски текст нуди солиден процесен инструментариум за сузбивање на процесната злоупотреба.

Што се однесува до механизмите од превентивниот и репресивниот инструментариум за оневозможување, односно сузбивање и санкционирање на процесната злоупотреба и механизмите за зајакнување на процесната дисциплина, во рамките на петтата глава, продлабочено се анализирани различни механизми. Кандидатката најнапред ги обработува механизмите од превентивниот инструментариум за оневозможување на процесната злоупотреба, почнувајќи од судското раководење со постапката, можноста за неуважување и отфрлање на парничните дејствија на странките и одделни превентивни средства и механизми за зајакнување на процесната дисциплина кои, во зависност од нивната природа, имаат посредно односно непосредно дејство во однос на оневозможувањето и спречувањето на процесната несовесност и абузивност. Во продолжение, вниманието е насочено кон механизмите од репресивиниот инструментариум, односно средствата за санкционирање на несовесното и абузивното постапување на теренот на парничната постапка, при што детално се обработени надоместувањето на парничните трошоци, паричните казни и надоместот на штета како средства од репресивниот инструментариум.

Шестата глава на докторската дисертација е посветена на компаративниот преглед на проблематиката на *abusus iuris* во современите системи на правораздавање. Споредбеноправната анализа ги опфаќа земјите на *civil law* и *common law* правните традиции, односно континенталниот и англосаксонскиот процесен систем. Во рамките на континенталниот процесен систем, предмет на истражување се процесните системи на Германија, Австрија, Швајцарија, Франција, Италија, Шпанија и Португалија. Што се однесува до англосаксонскиот процесен круг, анализата ги опфаќа процесните системи на САД, Англија и Шкотска. Исто така, имајќи ја предвид заедничката повеќедецениска политичка и правна традиција на државите на поранешниот федерален систем и, секако, истоветната концептуална и нормативна рамка во која се развиваше граѓанското процесно право во *ex* Југославија, сосема оправдано компаративно правниот преглед ги опфаќа и процесните системи и позитивноправните решенија кои ја тангираат проблематиката на злоупотреба на процесните овластувања во парничната постапка на Србија, Црна Гора, Хрватска, Словенија и Босна и Херцеговина. Компаративниот преглед во определени сегменти навлегува и во детална анализа, но без претензии на целосна исцрпност во однос на прегледот на одделни процесни институти. Како што наведува кандидатката, укажувањето на

определени карактеристични процесни инструменти и воопшто сфаќањето на предметната проблематика во одделните процесни системи, кои се предмет на анализа, има првенствена цел да го поттикне размислувањето за тоа што би требало, а што не би смеело да се менува во нашето позитивно процесно законодавство во однос на идејата за злоупотреба на процесните права и да послужи како солидна и проверена основа при евентуално идно новелирање и реформирање на нашиот парничен систем, во насока на подобрување на процесните механизми во однос на сузбивање на оваа негативна појава во практичната примена на процесниот закон и подигнувањето на свеста на сите учесници во процесниот сообраќај дека во своето процесно дејствување примарно треба да се водат од идејата на совесност.

Резимирајќи ги излагањата за *abusus iuris* - доктрината на теренот на процесното право, во заклучниот дел од трудот, кандидатката на еден сумарен начин ги презентира генералните заклучоци кои произлегоа од истражувањето, истовремено задржувајќи се на одредени суштински прашања кои ова истражување ги отвори, а кои се од значење за правилно поимање и интерпретирање на предметната проблематика. Иако во одделните делови на трудот, кои, секој засебно, обработуваат значајни и релевантни прашања од аспект на идејата за совесност во граѓанските парници и забраната за злоупотреба на процесните права, кандидатката веќе издиференцирала определени ставови и размислувања, упатила критики на сметка на определени постојни законски решенија и практичната реализација на идејата за забрана за злоупотреба на теренот на парничната постапка и дала предлози во однос на тоа што треба да се коригира, да се подобри и да се новелира на законодавен план, со цел процесната злоупотреба да биде сведена во разумно прифатливи рамки, во рамките на заклучните согледувања кандидатката ги изнесува генералните согледувања за предметниот процесен феномен и ги презентира предлозите, за кои смета дека, доколку бидат инкорпорирани во постојното процесно законодавство, позитивно ќе се одразат на функционирањето на системот на правораздавање. Во таа насока, имајќи предвид дека ниту едно време не е добро за егзистирање на злоупотребата на правото, а од друга страна, секој момент е погоден да се постапува во насока на сведување на злоупотребата на правото во оние граници кои се прифатливи во едно современо општество, кандидатката дава предлози, што *de lege ferenda* би требало да се инкорпорира во процесното законодавство со цел да се намали интензитетот на процесната злоупотреба и да се создадат услови кои ќе гарантираат дека појавата на злоупотреба на процесните овластување нема да предизвика штета на законитото, правилното и ефикасното правораздавање и нема да го попречи давањето на квалитетна правна заштита.

## 2. Оцена на докторската дисертација

Докторската дисертација под наслов „Злоупотреба на процесните овластувања во парничната постапка“ од кандидатката м-р Милка Ракочевиќ третира едно фундаментално начело на парничната постапка. Станува збор за тема која што во теоријата на парничното право не била предмет на опсежна анализа и предмет на монографско дело и научен труд од ваков вид.

Докторската дисертација претставува самостоен научен труд, со кој за прв пат е реализиран мошне успешен обид за систематска, научно фундирана и

исцрпна анализа на сите битни димензии на проблематиката на злоупотреба на процесните овластувања во парничната постапка. Кандидатката при изработката на докторската дисертација направила опстојно истражување, при што предметната проблематика е анализирана од теориски, историски, позитивноправен и компаративноправен аспект.

При изработката на дисертацијата, кандидатката се користела со богата и релевантна научна и стручна литература, домашна и странска. Трудот изобилува со голем број на фусноти, над деветстотини фусноти, што е знак дека е консултирана обемна литература.

Структурата и содржината на докторската дисертација даваат за право да се констатира дека кандидатката успеала да даде целосна анализа на предметот на истражувањето, така што дисертацијата претставува заокружена целина.

Стилот на кој е пишуван трудот е јасен и разбирлив. Трудот е пишуван на литературен македонски јазик, со користење на прецизна терминологија од соодветната област. Употребениот стил и јазик овозможуваат лесно да се следи мислата на кандидатката, што овозможува текстот лесно да се чита.

Кандидатката успеала при анализата на поставените прашања да покаже не само знаење од областа на граѓанското процесно право, туку и солидни познавања од други правни области.

Во дисертацијата, кандидатката покрај теоретската обработка на предметната проблематика, на низа места во текстот, зазема свои аргументирани ставови, што претставува, секако, посебен квалитет на овој труд. Посебен квалитет на трудот му дава и истражувањето на практичната димензија на предметната проблематика, преку анализа на домашната судска практика, а делумно и на странската судска практика.

Во трудот, кандидатката дава низа предлози во однос на евентуални идни новелирања на процесното законодавство за кои смета дека се од суштинско значење во однос на предметната проблематика и дека ќе имаат позитивен ефект како во однос на унапредување на постојното законодавство, така и во однос на намалување на интензитетот на процесната злоупотреба и нејзино сведување во рамки кои се сметаат за општествено прифатливи.

На крајот, докторската дисертација под наслов „Злоупотреба на процесните овластувања во парничната постапка“ ги содржи сите карактеристики на еден сериозен, сеопфатен и самостоен научен труд кој претставува неспорен придонес на правната литература од областа на граѓанското процесно право.

## 3. Заклучок и предлог

Врз основа на изложениот приказ и дадената оцена, Комисијата констатира дека се работи за докторска дисертација што ги задоволува сите критериуми за подготвување на самостојни научни трудови од ваков вид, предвидени со соодветната законска регулатива и со актите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Имајќи го предвид погоре изнесеното, Комисијата со особено задоволство, едногласно му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје да го усвои овој извештај, со цел да се создадат

услови за јавна одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Милка Ракочевиќ, под наслов „Злоупотреба на процесните овластувања во парничната постапка“.

**Комисија**

Проф. д-р Арсен Јаневски, с. р.

Проф. д-р Гордана Станковиќ, с. р.

Проф. д-р Родна Живковска, с. р.

Проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска, с. р.

Проф. д-р Татјана Зороска Камиловска, с. р.

## П Р Е Г Л Е Д

**на одобрена тема за изработка на докторска дисертација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 01.10.2014 година.**

### ТРЕТ ЦИКЛУС СТУДИИ

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Едмонд Алиага, магистер на математички науки | „НОВИ РЕЗУЛТАТИ ЗА НЕКОИ КЛАСИ ЕДНОЛИСНИ ФУНКЦИИ“. „NEW RESULTS ABOUT SOME CLASSES OF UNIVALENT FUNCTIONS”. | д-р Никола Туневски, редовен професор на Машински факултет – Скопје. |

## П Р Е Г Л Е Д

### на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 1.10.2014 година

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Саша Поповски, дипломиран професор по географија | „ЛИНГВИСТИЧКИ И КОНФЕСИОНАЛНИ РЕГИИ ВО СВЕТОТ СО ОСВРТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“.<br>„LINGUISTIC AND CONFESSIONAL WORLD REGIONS WITH SPECIAL ACCENT OF REPUBLIC OF MACEDONIA“. | д-р Благоја Маркоски, редовен професор на ПМФ – Скопје. |
| Јулијана Младеновска, дипломиран професор по географија | „РЕГИОНАЛИЗАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД АСПЕКТ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА“.<br>„REGIONALIZATION OF REPUBLIC OF MACEDONIA BY NATURAL AND ENVIRONMENT ASPECT“. | д-р Благоја Маркоски, редовен професор на ПМФ – Скопје. |
| Александар Јанакиевски, дипломиран професор по географија | „ОПШТЕСТВЕНО-ЕКОНОМСКАТА ТРАНСФОРМАЦИЈА И НАДВОРЕШНИТЕ ЕКОНОМСКО-ТРГОВСКИ РЕЛАЦИИ КАКО ФАКТОР ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“.<br>„SOCIO-ECONOMIC TRANSFORMATION AND EXTERNAL ECONOMIC-TRADE RELATIONS AS A FACTOR FOR DEVELOPMENT OF TOURISM IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA“. | д-р Ристо Мијалов, редовен професор на ПМФ – Скопје. |
| Мадрит Жаку, дипломиран професор по математика | „КОМПАКТНИ СИМЕТРИЧНИ ОПЕРАТОРИ “.<br>„COMPACT SYMMETRIC OPERATORS“. | д-р Марија Оровчанец, редовен професор на ПМФ – Скопје. |
| Христина Дичовска, дипломиран инженер по хемија | „КАРАКТЕРИЗАЦИЈА И КВАНТИФИКАЦИЈА НА ФЕНОЛНИ КОМПОНЕНТИ ВО THYMUS ALSARENSIS СО ПРИМЕНА НА HPLC/DAD/MS$^{N}$“.<br>„CHARACTERIZATION AND QUANTIFICATION OF PHENOLIC COMPONENTS IN THYMUS ALSARENSIS USING HPLC/DAD/ MSN“. | д-р Марина Стефова, редовен професор на ПМФ – Скопје. |
| Ана Путеска, дипломиран професор по хемија | „ПРОСТОРНА РАСПРЕДЕЛБА НА ХЕМИСКИТЕ ЕЛЕМЕНТИ ВО ПРИМЕРОЦИ ОД ПОЧВА И МОВ ВО ПЕЛАГОНИСКАТА КОТЛИНА, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“.<br>„SPATIAL DISTRIBUTION OF CHEMICAL ELEMENTS IN SOIL AND MOSS SAMPLES IN THE PELAGONIA VALLEY, REPUBLIC OF MACEDONIA“. | д-р Трајче Стафилов, редовен професор на ПМФ – Скопје. |

# Р Е Ф Е Р А Т
# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН ИСТРАЖУВАЧ ВО СИТЕ НАУЧНИ ЗВАЊА ОД НАУЧНАТА ОБЛАСТ БИОХЕМИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, на седницата одржана на 25 август 2014 година, донесе одлука бр. 0201-2051/5 од 25 август 2014, со која е формирана Рецензентска комисија во состав: д-р Велимир Стојковски, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, д-р Владимир Петков, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје и д-р Флорина Поповска-Перчиниќ, доцент на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, со задача да изврши рецензија на пристигнатите материјали по конкурсот за избор на еден истражувач во сите научни звања од научната област биохемија, за кандидатката д-р Катерина Благоевска, соработник на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Откако ја прегледа доставената документација, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот за избор на истражувач во сите научни звања од научната област биохемија, објавен во дневните весници "Нова Македонија" со број 23.213, од 1 јули 2014 година и "Коха" од 24 јуни 2014 година, се пријави само д-р Катерина Благоевска, вработена како соработник на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Пријавената кандидатка ги има приложено потребните документи со кои ги исполнува сите услови предвидени со Законот за високото образование, Статутот на Универизитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и објавениот конкурс.

### 1. Биографски податоци за кандидатката

Кандидатката д-р Катерина Благоевска е родена на 8.7.1971 година во Скопје, каде што завршила основно и средно образование. Во 1989/90 се запишала на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на Институтот за биологија, биохемиско-физиолошка насока, каде што дипломирала во 1995 година, со среден успех 8,96. Како волонтер престојувала во микробиолошката лабораторија за безбедност на добиточната храна на Ветеринарниот институт во Скопје од 1994 до 1995 година, при што ја изработува својата дипломска работа.

Од 1996 до 2004 година е вработена на Ветеринариот институт во Скопје, во хемиската лабораторија за контрола на квалитетот на добиточната храна, а од март 2004 до јануари 2006 на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, на Катедрата за исхрана на домашни животни при Институтот за храна.

Кандидатката е избрана во соработничко звање - помлад асистент по предметот биохемија на 3 октомври 2006 година со Одлука на ННС бр. 0201-3774/7 (реферат објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 902 од 1 септември 2006 година). На 22 февруари 2008 година е избрана во звањето асистент во научната област биохемија и биологија на клетка (Одлука на ННС бр. 0201-545/7, реферат објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 935 од 1 февруари

2008 година), а на 28 јануари 2011 година е избрана во звањето асистент во научната област биохемија и биологија на клетка (Одлука на ННС бр. 0201-170/2, реферат објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 999 од 31 декември 2010 година.

На постдипломски студии од научната област клиничка биохемија, на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, се запишала во учебната 1998/99 година и во 2007 година успешно го одбранила својот магистерски труд под наслов „Влијание на гладување и жеднеење врз серумската активност на некои ензими кај пилиња во првата недела по ведењето", со што се стекнала со звањето магистер на ветеринарни науки. Постдипломските студии ги завршила со просечен успех 10.

Докторската дисертација под наслов „Ефектот на пробиотикот Eterococcus faecium DSM 7134 – Бонвитал врз биохемискиот статус кај Т-2 микотоксикоза кај бројлери", ја одбранила на 10.9.2013 година, со што се стекнала со научен степен – доктор на ветеринарни науки.

Д-р Катерина Благоевска во моментов е во редовен работен однос како соработник на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

## 2. Стручни усовршувања и студиски престои

Д-р Катерина Благоевска, од почетокот на своето вработување до денес има успешно реализирано повеќе од 30 студиски престои во Европа и во светот. Како резултат на тоа, покрај стекнатото искуство, кандидатката во лабораториите на Факултетот има воведено нови аналитички методи, кои се од особено значење во научноистражувачката и апликативната работа на Факултетот. Од бројните студиски престои, ќе ги споменеме престојот во Кобе (Јапонија), Љубљана (Словенија), Гуаруја (Бразил), Копенхаген (Данска), Букурешт (Романија), Атина (Грција), Истанбул (Турција) и др.

## 3. Научноистражувачка дејност

Покрај образовно-воспитната, д-р Катерина Благоевска покажува забележителни резултати и активно учествувала и учествува во научноистражувачката дејност. Таа активност е изразена со учество во повеќе научноистражувачки проекти, меѓу кои позначајни се:

1. Проект од програмата Темпус Joint European Project (JEP) Tempus project CD_15017 – 2000 (807), Improvement of veterinary education in the Republic of Macedonia'' CD_15017 – 2000 (1.9.2000-31.8.2003), и
2. FP7-проект „AWARE"., KBBE – 4-265686, од 01.03.2011 до 28.02.2014

Покрај тоа, д-р Благоевска одржала и повеќе секциски предавања на научно-стручни собири со меѓународно учество, меѓу кои:

1. "Афлатоксигени мувли и афлатоксини во пченка и концентрат за исхрана на живина", VI македонски живинарски денови со меѓународно учество, 1998, Охрид, Македонија.

2. “Effect of Early Water Restriction upon some Biochemical and Histological Changes in Liver in Neonatal Broiler Chicks“, Годишна научна конференција со меѓународно учество, 2010, Софија, Бугарија.
3. “Effect of Enterococcus faecium DSM 7134 probiotic administration upon serum lipid profile in broilers“,18th International Conference KRMIVA 2011, Опатија, Хрватска.
4. “The effect of short term starvation upon broiler performance in the first week post-hatch“, International Congress “Veterinary Science and Profession”, 2011, Загреб, Хрватска.
5. “The effect of first freedom restriction on broiler welfare“, 3-rd International scientific meeting “Days of Veterinary Medicine 2012”, Охрид, Македонија.
6. „The effect of the probiotic strain Enterococcus faecium dsm 7134 on performances and protein status in experimental t-2 mycotoxicoses in broiler chicks”, International VETistanbul group congress”, 2014, Истанбул, Турција.
7. “Специфичности на биохемиската дијагностика во ветеринарната медицина“ – Денови на ветеринарната медицина 2010, 29-30.10.2010, Охрид, Р. Македонија.

Научната и стручната дејност во моментов кандидатката д-р Катерина Благоевска ја извршува во Лабораторијата за молекуларна микробиологија, каде што работи на генетска типизација на бактериски изолати со употреба на PFGE-метод.

Во досегашната научноистражувачка работа, кандидатката д-р Катерина Благоевска како автор или коавтор има објавено 55 труда, од кои 24 се рецензирани во билтените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, и тоа Билтен бр. 690 од 26 септември 1997, Билтен бр. 821 од 14 февруари 2003 година, Билтен бр. 902 од 1 септември 2006, Билтен бр.935 од 1 февруари 2008 година и Билтен бр. 999 од 31 декември 2010 година.

При поднесувањето на документите по конкурсот, кандидатката ги има доставено следниве трудови:

25. Dodovski A., Daković Aleksandra, Stojkovski V., **Blagoevska Katerina**, Trailović D.R.: “Uticaj perooralnog tretmana zeolitom-klinoptilolitom na koncentraciju holesterola kod pasa”, Zbornik Radova p.316 - 317, VI Simpozijum Clinica Veterinaria 2004, Budva.

Во трудот е испитуван ефектот на перорално давање на зеолит-клиноптилолит во две различни дози врз концентрацијата на жолчните киселини и холестеролот во крвта на кучињата. Концентрациите на холестеролот кај сите испитувани кучиња не ги преминале дозволените граници, додека, пак, концентрацијата на жолчните киселини во крвта земена од *v.portae* биле над горната дозволена граница. Установено е дека концентрациите на холестеролот и жолчните киселини различно се движат при иста концетрација на миназел. Краткорочно, концентрациите на холестеролот подобро реагираат на миназелот од концентрациите на жолчните киселини, при иста концентрација на миназел.

26. **Blagoevska Katerina**, Stojkovski V., Dodovski M., Dodovski A.,: Differential White Blood Cell Count in Day Old Chicks Exposed to Hunger and Water Deprivation in First Days of Life, 26-th International Conference "Poultry Farming 2004", Varna, Bulgaria.

Во трудот авторите го испитувале влијанието на гладувањето и жеднеењето врз диференцијалната крвна слика кај пилиња во првата недела по ведење. За изведување на анализите, крвта е земена директно од срце, и тоа 1., 3., 5. и 7. ден. Резултатите покажале

сигнификатни промени во параметрите на диференцијалната крвна слика, кои се поизразени кај групата која е подложена на жеднеење во однос на група подложена на гладување.

27. Dodovski A., **Blagoevska Katerina**, Dodovski M., Stojkovski V.: Differential White Blood Cell Count in Layers Exposed to Hunger and Water Deprivation, Abstract Book p. 482, 14th World Veterinary Poultry Congress 2005, Istanbul, Turkey.

    Во трудот се дадени резултати од истражувањата на влијанието на гладување, жеднеење и паралелно на гладување и жеднеење врз диференцијалната крвна слика кај кокошки несилки. Авторите нашле зголемен број на леукоцити и хетерофилни гранулоцити во сите три опитни групи во споредба со контролната, додека, пак, процентот на лимфоцитите кај сите опитни групи бил намален во споредба со контролната група. Заклучокот е дека испитуваните параметри се осетливи на стрес предизвикан со гладување и жеднеење.

28. **Blagoevska Katerina**, Stojkovski V., Dodovski A., Dodovski M.: "Cell Blood Count Investigations in Chicks Exposed to Hunger and Water Deprivation. Abstract Book p. 483, 14th World Veterinary Poultry Congress 2005, Istanbul, Turkey.

    Во трудот се дадени резултати од истражувањата на влијанието на гладување, жеднеење и паралелно на гладување и жеднеење врз бројот на еритроцитите, хематокритот, концетрацијата на хемоглобин и бројот на тромбоцити кај пилиња во првите денови по ведењето. Резултатите покажуваат покачени вредности на сите испитувани параметри кај сите три опитни групи во споредба со контролната, што се должи на зголемената хемоконцентрација како резултат на самиот експериментален третман. Заклучокот е дека испитуваните параметри се осетливи на стрес предизвикан со гладување и жеднење, што претставува реакција на организмот на стрес.

29. Dodovski A., Trailović D. R., **Blagoevska Katerina**, Prokić B.: Serumska aktivnost na poedini enzimi pri tretman so zeolit/klinoptilolit kaj kucinjata, Zbornik p.324-325, Rabotilnica "Clinica Veterinaria" 2005, Ohrid, Makedonija.

   Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје

3. **Доц. д-р Флорина Поповска-Перчиниќ, с.р.**
   Факултет за ветеринарна медицина-Скопје,
   Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА
**„ПРОЕКТИРАЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА СИСТЕМИ ЗА ОТКРИВАЊЕ И СПРЕЧУВАЊЕ НА МРЕЖНИ УПАДИ СО ПОДОБРЕНИ ПЕРФОРМАНСИ“**,

*ИЗРАБОТЕНА ОД* М-Р ДЕЈАН ГЕОРГИЕВ,

*ПРИЈАВЕНА НА*

ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Со Одлука број 02-1155/5 на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, на седницата одржана на 22. X 2014 година, определени сме за членови на Комисијата за одбрана на докторската дисертација „Проектирање и реализација на системи за откривање и спречување на мрежни упади со подобрени перформанси“ од кандидатот м-р Дејан Георгиев. Во тоа својство, по извршениот преглед на доставената докторска дисертација, до Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Општи податоци

Докторската дисертација *Проектирање и реализација на системи за откривање и спречување на мрежни упади со подобрени перформанси,* изработена од м-р Дејан Георгиев, содржи вкупно 98 страници, организирани во 7 поглавја, список на користена литература и еден прилог.

Според изложениот материјал во текстот, како и постигнатите резултати, што се и меѓународно верификувани, на мислење сме дека посоодветен наслов на оваа докторска дисертација би требало да биде:

*Проектирање на хардверски систем за*
*откривање на мрежни упади во реално време.*

### 2. Предмет и цел на докторската дисертација

Упадите во компјутерските мрежи се паралелна појава на развојот на интернет комуникациите и големите брзини на размена на електронски податоци. Ранливоста на поврзаните компјутерски системи се предизвик за почетници, авантуристи, криминалци, индустриски саботери, дури и за новата форма на деструктивна појава наречена *инфотероризам* и *сајбервојување*.

Откривањето на овие девијантни појави во електронскиот простор и соодветно преземање на мерки е процес на набљудување, анализа и реакција, и тие се најчесто автоматски изведени во т.н. *системи за откривање и спречување на*

*компјутерски упади (анг. IDPS - Intrusion detection and prevention systems)*, односно од аспект на мрежна безбедност NIDPS - Network IDP-системите. NIDP-системите во комерцијална употреба најчесто се применуваат во форма на софтверска апликација, иако во поново време постојат и хардверски решенија. Проектирањето и имплементацијата на системите за откривање и спречување на мрежни упади во реални околини е зависна од топологијата на компјутерската мрежа, брзините кои таа ги поддржува и апликациите кои се опслужуваат преку неа. Јадрото на NIDP-системите како компонента на компјутерска безбедност го сочинува процес на интензивна обработка, односно проверка на мрежните пакети врз основа на секој бит информација. Тој процес со високо проточни мрежени со големи брзини имплементиран како софтверско решение заостанува, пред се во однос на брзината зад реалните потреби на критериумите за компјутерска безбедност. Квантитативно подобрување во однос на справување со енормни мрежни протоци се постигнува со хардверски решенија на системи за детекција на мрежни упади, на сметка на имплементација на дополнително логичко коло, дополнителна ангажирана моќност и намалена флексибилност.
Следните генерации на системите за откривање и спречување на мрежни упади во компјутерските системи би требало да претставуваат хибриден компромис помеѓу флексибилноста и "интелигенцијата" на софтверски базираните апликации и брзината на процесирања на хардверските системи.

Опсежни академски трудови и практични истражувања се презентирани во софтверските системи за откривање и спречување на мрежни упади. Најчесто подобрувањата се постигнати во дизајнот на алгоритмите наменети за процесирање на мрежните бити, а понудени се и нови или подобрени алгоритми. Сепак, ограничувањето на справување со големи брзини се уште останува ненадминат проблем. Ова е основната причина за премин кон хардверски решенија. На голем број научни собири и научни списанија се презентирани над гигабитни брзини (1 Gbps +) на „длабока" обработка на мрежни податоци - пакети. Уште повеќе, обработката на податоци се извршува во реално време. Во споредба со софтверските апликации, хардверско - базираните решенија генерално претставуваат автономен систем независен од централно - процесирачките единици (CPU) при што остануваат во функција дури и при компромитација на компјутерскиот систем. Всушност, за промената во функционирањето на хардверските N
IDP системи најчесто е неопходна хардверска интервенција. Доверливоста во обработката на податоците без затскриени процесирања и целосната контрола на проток на податоци е дополнителна позитивна придобивка на произволно дизајнираниот хардверски систем. Произлегува дека системите за откривање и спречување на мрежни упади реализирани во хардвер нудат повеќекратни подобрувања, иако се соочуваат со недостатоци кои овде ќе бидат разгледувани.

Конечно, иако NIDP-системите нудат опсежни детектирачки способности, во однос на компјутерската безбедност не претставуваат решение за сите проблеми и се соочени со извесни ограничувања како на пример справувањето со криптиран сообраќај.

**3. Анализа на докторската дисертација**

Во **втората** глава е извршена анализа на општиот принцип на работа на системите наменети за откривање и спречување на мрежни упади. Врз основа на топологијата на компјутерската мрежа, брзините на пренос на податоци и подржаните апликации е образложен начинот на проектирање на NIDP системите. Во истото поглавје е прикажан основниот концепт на премин од софтверско решение во хардвер, основните градбени хардверски компоненти како и генералната архитектура на предложениот хардверскиот систем.

Во **третата** глава разгледан е еден од можните методи на хардверска реализација, оправданоста на употреба за одреден сегмент од целокупниот систем. Акцентот во ова поглавје е ставен на предложените нови методи за подобрувања на хардверскиот систем во намалување на потрошувачката на моќност.

Во **четвртата** глава детално се опишани подобрувањата кои се постигнати во детекцијата на содржината на злонамерните упади. Препознавањето на содржина во мрежните пакети е специјален случај на препознавање на текстуални секвенци, односно низи од симболи (анг. characters). Покрај егзактното препознавање, опишани се и апроксимативни методи за препознавање на варијации во мрежните напади. Во контекст на апроксимативните препознавања на содржини во оваа дисертација предложени се нови принципи, како и проширување на претходно познати решенија. Во оваа глава се прикажани логички кола за зголемување на брзината со паралелно процесирање на влезните симболи.

**Петтата** глава се однесува на флексибилен дизајн со примена на наменски процесори за детекција на содржини. Содржините кои се пребаруваат се зачувани во мемориски елементи и можат да бидат лесно променети или обновени согласно со потребите.

Последната, **шеста** глава ги сумира резултатите и ги обединува заклучоците од претходните поглавја во комплетна и функционална хардверска архитектура за детекција на злонамерни IP-пакети.

Дополнително, во прилог на оваа дисертација се приложени VHDL-кодовите користени за дизајн и симулација на проектираните компоненти.

1. **Трудови од областа на докторската дисертација**

Во текот на изработката на докторската дисертација, кандидатот објавил 5 научни труда на познати конференции и во списанија, и тоа:

1. Дејан Георгиев , Аристотел Тентов, "Логички кола за пребарување на проширени содржини кај хардверско базираните системи за откривање и спречување на мрежни упади " (Logical Circuits for Extended Content Matching in Hardware Based NIDPS), *International journal of Computers & Technology* 7.3 (2013): 664-669. (http://cirworld.com/journals/index.php/ijct/index)

Една од вообичаените техники за избегнување на системите за заштита од мрежни упади базирани на правила за мрежни потписи е т.н. „метода на заобиколување". Имено со вметнување, односно повторување на симболите во

содржина на потписот на мрежен напад настанува проширена верзија на самата содржина. Повторувањето на  симболите може да настане еднаш, неколку пати или теоретски бесконечен број пати.  Бројот на повторување на даден симбол во општ случај е априори непознат, а правилото за детекција се однесува се однесува за конкретна и фиксна содржина поради што настанува пропуштање на потенцијалниот мрежен упад.

Во оваа статија е предложено хардверско решение со примена на минимален број на логички компоненти, поточно минимален број на употребени основни мемориски  елементи (флип-флопови) за надминување на опишаниот проблем.  Најпрво е конструирано логичко коло наменето за препознавање на проширени содржини настанати со најмалку едно повторување на даден симбол, односно повторување од нула до  бесконечност на симболите во содржината на мрежниот потпис. На сличен начин се прикажани и логички кола наменети за препознавање на проширени содржини со познат и конечен број на повторувања лимитирани во даден опсег. Во истата статија покрај поединечните, предложено е и логичко коло за пребарување на проширени содржини добиени  со повторување на група од симболи во самата содржина. Однесувањето на предложените компоненти е симулирани во Xilinx Isim симулатор на работна фреквенција од 125 MHz , односно на 1 Gb/s проток од мрежен сообраќај.

2. Дејан Георгиев, "Концепт на чип за содржинско - адресна меморија (CAM) со намалена потрошувачка на моќност" (Low power concept for content addressable memory (CAM) chip design), *International journal of advanced research in electrical, electronics and instrumental engineering*, pp.3165-3170, Vol. 2, Issue 7, July 2013  (http://www.ijareeie.com)

CAM-мемориите се често користени хардверски компоненти во системите за откривање на мрежни упади имплементирани во хардвер. Се одликуваат со голема брзина и паралелно извршување на операцијата за споредување на содржини, меѓутоа и проследени со голема дисипација и загуба на моќност. Во оваа статија предложен е концепт на CAM-чип меморија на архитектурно ниво со намалена потрошувачка на моќност. Првиот чекор кон намалувањето на потрошувачката на моќност е предложен со сегментација на мемориски адреси до најмала, односно поединечна мемориска ќелија од чипот, на тој начин што секој од сукцесивните сегменти или ќелии ќе биде вклучен доколку во претходниот сегмент  е регистрирано позитивно совпаѓање на симболи. Со овој концепт е антиципирано дека доколку ќелијата не е вклучена во операцијата на споредување на бинарните вредности, дисипацијата на моќност е сведена на минимум. Вториот чекор кон намалување на моќноста е со примена на т.н. бит на парност, според кој се одредува низ која од содржините од CAM-меморијата ќе биде извршено пребарувањето. Овде е предложено сосема ново логичко коло за пресметка на битот за парност со кој во теоријата редукцијата на дисипација на моќноста е сведена на една половина.

3. Дејан Георгиев, „Студија на случај за идентификација на потпис на мрежен напад", *XI меѓународна конференција ЕТАИ 2013, Охрид, септември 2013.*

Правилното препознавање и идентификација на трагите од недозволени мрежни активности, односно потписи на мрежен напад е значаен чекор во дефинирањето на мрежна безбедност и проектирањето на системите за детекција на мрежни упади. Во оваа статија е опишан практичен пример за студија на случај во изолирана околина на лабораториски изведена симулација на компјутерски напад. Со употреба на реални и конкретни алатки и апликации, процесот на идентификација се сведува на: снимање на мрежен сообраќај, обработка и статистичка анализа на собраните податоци и пишување на нови правила за детекција. Врз основа на карактеристични и единствени обележја на пакетските податоци, извршена е категоризација на детекцијата: 1. *несодржинска детекција* базирана на информационите податоци од пакетските заглавја и 2. *содржинска детекција* - базирана на пакетската содржина. Според извршените анали-зи и идентификуваните карактеристики, напишани се правила за детекција на мрежни напади во популарниот систем за откривање и спречување на мрежни напади - Snort.

4. Дејан Георгиев, Аристотел Тентов, „Логички кола за паралелно процесирање на основни регуларни изрази" (Logical circuits for parallel processing of basic regular expressions), *XI меѓународна конференција ЕТАИ 2013, Охрид, Септември 2013.*

Регуларните изрази (RE) се моќен механизам за пребарување на содржини во сис-темите за откривање на мрежни упади. Јазикот на регуларни изрази го сочинуваат три основни изрази: конкатенација (.), унија (|) и Клинов оператор (*). Имплементацијата на логички кола за регуларни изрази е остварлив и ефективен метод за надминување на ограничувањата во софтвер поради процесирање на огромни количини на мрежен сообраќај. Во оваа статија е предложено логичко коло за пребарување на содржини со двојно поголеми брзини, односно со паралелно процесирање на симболи. Со предложените логички кола лесно се постигнуваат брзини на процесирање поголеми од 10 Gbps.

5. Дејан Георгиев, Аристотел Тентов "FSM логички кола за апроксимативно пребарување на содржини кај хардверско базираните системи за откривање на мрежни упади" (FSM circuits design for approximate content matching in hardware based network intrusion detection systems) *International Journal of Information Technology and Computer Science (IJITCS)* 6.1 (2013): 68. (http://www.mecs-press.org/ijitcs/index.html)

Апроксимативното пребарување на содржини е специјален случај на пребарување на содржини со намена за детекција на т.н. техники на заобиколување на системите за заштита. Во оваа статија се прикажани хардверски изведби на проширен к-диференцијален проблем, меѓу другото и со можност за детекција за т.н. Левенштајново растојание, односно транспозиција на два соседни симбола во содржината на потписот на мрежен напад. Предложените логички кола се базираат на теоријата на машини со конечен број на состојби со примена на концептот за редукција на состојби и минимизација на комплексноста.

Основната цел е да биде претставена остварливоста на хардверската изведба како компромис помеѓу едноставноста на логиката за следна состојба и излезната логика со примена на недетерминистички машини со конечен број на состојби (NFA) и редуцираниот број на основни мемориски елементи со примена на детерминистички машини со конечен број на состојби (DFA).

6. Дејан Георгиев, "Проектирање на 8-битен наменски процесор за пребарување на содржини кај системите за откривање на мрежни упади" (Design of 8-bit dedicated processor for content matching in NIDPS)
   *International journal of information security science, pp.209-215, Vol.3 No.3, September 2014*

Софтверските апликации за системите за откривање на мрежни упади се неефикасни решенија за големи брзини на мрежниот сообраќај, додека на хардверско реализираните со логички кола им недостига флексибилност на дизајнот посебно во реално временски околности за впишување, бришење и презапишување на нови содржини. Со оваа статија предложен е компромис помеѓу наведените пристапи со примена на концептот на наменски процесор. Прикажана е изведба на наменски процесор за пребарување на егзактни содржини, како и пословена изведба за детекции на варијации во содржината на мрежниот напад. Однесувањето на предложените микропроцесорски модули е тестирано во симулирани услови на позната содржина на мрежен напад со примена на Xilinx ISE симулатор.

## 5. Оригинални придонеси на докторската дисертација

Обидите за имплементаци на компоненти од системите за откривање на мрежни упади во хардвер не е нова област на истражување , меѓутоа со оваа дисертација се дава научен пристап кон процесот на проектирање на комплетен хардверски систем за откривање на мрежни упади.

Првата фаза од тој процес е анализата на даден мрежен сообраќај и издвојување на сомнителните фрагменти, а потоа и идентификација на можниот потпис на мрежен напад. За таа цел, користени се неколку експерименти со реални сценарија и софтверски алатки.

Во втората фаза е извршена математичка формулација и понудени се модели за експлицитно опишување на експерименталните состојби. Во оваа фаза, извршено е приспособување на модели од други области на истражување кон потребите за опишување на состојби од безбедност на информационите системи и проектирање на хардверски компоненти.

На третата фаза е ставен акцентот од ова истражување каде што се предложени логичките компоненти од хардверот за детекција. Понудени се подобрувања во однос на некои претходни истражувања во поглед на потрошувачката на моќност, намалување на бројот на употребени логички елементи , брзина на извршување и надминување на проблемот со флексибилноста на решенијата во хардвер. Со апроксимативните методи на пребарување воведена е псевдоинтелигенција и приспособливост на хардверскиот систем кон нови варијации на претходно познати потписи на мрежни напади. Даден е детален и опсежен опис на

функционирање на секоја од хардверските компоненти, а во одредени моменти предложени се алтернативни пристапи во зависност од приоритетите на предложениот систем. Понудена е потполно нова хардверска архитектура за откривање на мрежни упади врз основа на аномалии погодна за примена во реално временска детекција. Конечно, прикажана е комплетна шема за детекција на мрежни упади која е хибридна комбинација на сите претходно опишани компоненти.

Во четвртата фаза е извршена симулација на резултатите врз основа на проектираните елементи. Сите анализирани компоненти се опишани во (V)HDL и се тестирани во експериментални услови со примена на Xilinx ISE 14.5 симулатор. Со четвртата фаза од проектирањето е потврдена остварливоста на истражувањата направени во оваа дисертација.

При изработката на докторската дисертација се отворија нови прашања, а се наметнаа и некои нови предизвици:

- каква ќе биде логичката структура за паралелно процесирање на содржини доколку процесирањето се зголеми x2, x4 ,x8 итн;
- дали е возможно да бидат имплементирани и други мета-карактери за процесирање на регуларни изрази;
- обичните CAM-мемории имаат недостаток на процесирање на вредности од типот на "don't care". Проблемот може да биде надминат со замена на CAM-елементите со Ternary CAM (TCAM);
- какво подобрување ќе биде постигнато доколку наместо наменски процесор биде проектиран процесот со општа намена за детекција на содржини;
- колкав логички простор е потребен доколку во системот бидат додадени архитектури за базирани врз други методи за детекција на аномалии;
- какво ќе биде вистинското однесувањето на проектираниот систем во реални услови доколку предложената архитектура биде вградена во интегрална плочка.

На крајот од текстот на докторскиот труд се дадени заклучни разгледувања за поставените и остварените цели во рамките на ова истражување. Исто така, предложени се и насоки за понатамошни истражувања во оваа област.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата заклучи дека во дисертацијата *Проектирање и реализација на системи за откривање и спречување на мрежни упади со подобрени перформанси* е даден оригинален придонес кон процесот на анализа и подобрување на безбедноста кај интелигентните енергетски мрежи.

Кандидатот м-р Дејан Георгиев покажува длабоко познавање на темата и проблематиката третирана во докторската дисертација, со која му дава свој научен придонес во развојот и имплементацијата на безбедносни алгоритми, шеми и архитектури кај интелигентните енергетски мрежи.

Извршена е и проверка на системот за детектирање *плагијати*, при што овој систем дава податок дека нема плагијат во оваа докторска дисертација.

Врз основа на сето изнесено, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје да го прифати извештајот и на кандидатот м-р Дејан Георгиев да му одобри јавна одбрана на докторската дисертација *Проектирање на хардверски систем за откривање на мрежни упади во реално време.*

**Комисија за одбрана на докторската дисертација**

1. Проф. д-р Кстерина Ралева, претседател с.р.
2. Проф. д-р Аристотел Тентов, ментор с.р.
3. Доц. д-р Роман Голубовски, член с.р.
4. Доц. д-р Марија Календар, член с.р.
5. Доц. д-р Сања Велева, член с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т

# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТИТЕ: МАТЕМАТИКА 1, МАТЕМАТИКА 2, ОСНОВИ НА КОМПЈУТЕРСКОТО РАБОТЕЊЕ (ИЗБОРЕН), ВОВЕД ВО ПРОГРАМИРАЊЕ (ИЗБОРЕН), КОМУНИКАЦИСКИ ВЕШТИНИ (ИЗБОРЕН), ДИНАМИЧКИ СИСТЕМИ (ИЗБОРЕН), НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, донесена на XXXIX редовна седница одржана на 30.10.2014 год. (решение бр.02-2509), именувана е Рецензентска комисија за избор на наставник по предметите: **математика 1, математика 2, основи на компјутерското работење (изборен), вовед во програмирање (изборен), комуникациски вештини (изборен), динамички системи (изборен)**, во состав:

1. д-р Никита Шекутковски, редовен професор, Институт за математика, Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје;
2. д-р Татјана Атанасова-Пачемска, вонреден професор, Факултет за информатика, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
3. д-р Елена Ачковска-Лешковска, редовен професор, Институт за психологија, Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

На конкурсот за избор на наставник во сите наставно-научни звања објавен во весниците „Нова Македонија” и „Лајм” од 23.9.2014, се пријави д-р Бети Андоновиќ, доктор на математички науки, доцент на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје.

Врз основа на пријавата и по разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија до Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет има чест да го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Биографски податоци

Д-р Бети Андоновиќ е родена на 2.1.1974 год. во Скопје, Р. Макеоднија. Основно и средно училиште завршила во Скопје со континуиран одличен успех.

### 2. Образование

1996 Дипломирала на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, како најдобар студент на Институтот за математика со просек 9,15, со

одбрана на дипломската работа: „Афина геометрија“, 5. 12. 1996 година, и се стекнала со звањето **дипломиран математичар.**

2004 Магистрирала на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, со одбрана на магистерскиот труд: „Облик на атрактори во динамички систем“, на 8.10.2004 година, и се стекнала со академското звање **магистер на математички науки.**

2009 Докторирала на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје, со одбрана на докторската дисертација под наслов „Внатрешна дефиниција на облик и својства на континуум“, на 15.10.2009 година, и се стекнала со академското звање **доктор на математички науки**.

### 3. Работно искуство

Д-р Бети Андоновиќ има 17 -годишно работно искуство на Технолошко-металуршкиот факултет по следниот редослед:

1997 - 1998 Демонстратор на Институтот за математика на Природно-математичкиот факултет во Скопје.

1999 Демонстратор на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје за предметот: математика 2.

2000 Демонстратор на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје за предметот: програмирање на дигитални сметачки машини.

2000 - 2003 Помлад асистент на групата предмети: математика I, математика II, математика III и програмирање на дигитални сметачки машини на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје.

2003-2005 Реизбрана е за помлад асистент на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје.

2005-2009 Асистент на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје.

2009-2010 Реизбрана е за асистент на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје.

2010- Доцент на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје за предметите: математика 1, математика 2, вовед во програмирање, основи со компјутерското работење и комуникациски вештини (изборен).

### 4. Наставно-образовна дејност

Д-р Бети Андоновиќ, по изборот во звањето доцент (во 2010 година) до денес, континуирано е ангажирана во изведувањето на наставата на додипломските студии по предметите за кои е избрана. Од 2010/2011 до 2012/2013 ангажирана е и за изведување на наставата по истите предмети и на дисперзираните студии на Технолошко-металуршкиот факултет во Кавадарци. За предметот комуникациски вештини изведувала и вежби во периодот 2010-2013, како и за предметите математика 1 (2010-2011), математика 2 (2011-2012) и основи на компјутерското работење (2010-2011).

Во периодот 2010-2014 имала предавања на 8 школи или работилници.

Од 2012/2013 максимално е ангажирана во подготовката на новиот предмет динамички системи.

Во периодот од март 2010 до септември 2014 година, д-р Бети Андоновиќ била член на 3 комисии за оцена или одбрана на докторати и член на 1 комисија за одбрана на магистерска работа.

По изборот во звањето доцент, д-р Бети Аноновиќ е коавтор на универзитетскиот учебник: Андоновиќ, Б., Петковски, С., *Подобрување на интерперсоналните комуникациски вештини*, Унив. „Св. Кирил и Методиј“, (2011) и на универзитетската збирка Андоновиќ, Б., Мисајлески, З., Димовски, Т., *Збирка решени задачи од Математика 1 за студентите од Технолошко-металуршкиот факултет*, Унив. „Св. Кирил и Методиј“, (2013).

Кандидатката д-р Бети Андоновиќ, доцент, има позитивна евалуација од студентите на Технолошко-металуршкиот факултет со просечна оценка 9,33 при анонимно спроведената анкета од Комисијата за самоевалуација.

## 5. Научноистражувачка дејност

Во периодот 2010-2014, д-р Бети Андоновиќ учествува во работата на три национални научноистражувачки проекти, како и во еден меѓународен научно-истражувачки проект.

По изборот во звањето доцент, како коавтор, д-р Бети Андоновиќ објавила 5 труда во референтни научни списанија со меѓународен уредувачки одбор и 1 труд објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор.

Ќе дадеме кратка содржина на три од 5-те труда објавени по изборот во звањето доцент во референтни научни списанија со меѓународен уредувачки одбор:

N. Shekutkovski, B. Andonovik', *Intrinsic strong shape for topological spaces*, Mat. Bilten, 37, (2013).

Во трудот за првпат со внатрешен пристап е конструирана јака теорија на облик за тополошки простори. Конструкцијата е сложена и бара конструкција на хомотопии од произволен ред n=1,2,3,......, но сепак поедноставна од досега познатите конструкции кои користат надворешен пристап.

N. Shekutkovski, B. Andonovic, *Continuity of Darboux Functions*, International Mathematical Forum, Vol. 8, (2013), no. 16, 783 – 788

Својството на непрекинатите реални функции интервал да пресликуваат во интервал е познато како својство на Дарбу. Функции кои (линиски) сврзано множество пресликуваат во (линиски) сврзано се познати како функции на Дарбу. Во трудот се дадени услови за функцијата на Дарбу биде непрекината.

B. Andonovik', N. Shekutkovski, *Subcategory of metric compacta in the strong shape category*, Mat. Bilten, 34(LX), (2010), 13-25

Во претходните трудови од истите автори со внатрешен пристап е конструирана јака теорија на облик за тополошки простори со помош хомотопии од произволен ред n=1,2,3,..... Во трудот е покажано дека во специјалниот случај на компактни метрички простоори, потребно е да се разгледуваат само хомотопии до втор ред n=1,2,

Кандидатката д-р Бети Андоновиќ имала 4 усни и 11 постерски презентации на меѓународни конгреси или конференции, и има одржано едно предавање по покана од областа на комуникациски вештини на ФИНКИ, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

## 6. Стручно-апликативна дејност и дејности од поширок интерес

Во стручно-апликативната дејност, д-р Бети Андоновиќ има рецензирано 3 научноистражувачки труда од областа на топологија и облик (издадени во референтни списанија со меѓународен уредувачки одбор) и била рецензент на билатерални проекти со Црна Гора од областа на математиката.

Д-р Бети Андоновиќ била член на комисиите за реализација на летната школа и државните натпревари за наноматеријали и нанотехнологии, „Наноматеријали - материјали на иднината“ (2013-2014), организирани од ТМФ-Скопје за учениците од средните училишта на Република Македонија, под покровителство на министерот за образование и наука. Била и активно вклучена во промотивните активности на Факултетот со организација на неколку работилници на ТМФ за ученици од основното образование, како и со организација на неколку предавања за студентите и вработените на ТМФ одржани од истакнати стручни лица во нашата држава.

Кандидатката е активно вклучена и во дејностите од поширок интерес. Таа е член на Комисијата за верификација на посебна програма при Центар за образование на возрасни, МОН на Р. Македонија. Во рамките на ТМФ, член е на неколку комисии, член е на Деканатската управа, член е на 2 комисии за избор во соработнички звања. Д-р Бети Андоновиќ е раководител на Институтот за хемиско и контролно инженерство и член на наставно-научните колегиуми за студиските програми: менаџмент на квалитет и дизајн и менаџмент на технолошки процеси.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Разгледувајќи го доставениот материјал од страна на кандидатката д-р Бети Андоновиќ, извршената анализа на трудовите и реализираните активности по изборот во звањето доцент, Рецензентската комисија цени дека кандидатката успешно се докажува во полето на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, и учествува и во дејностите од поширок интерес. Кандидатката д-р Бети Андоновиќ има и позитивна евалуација од студентите на Технолошко-металуршкиот факултет.

Согласно со нашата високо позитивна оценка во однос на нејзината наставно-образовна и научноистражувачка активност, како членови на Рецензентската комисија, му предлагаме на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, кандидатката д-р Бети Андоновиќ, досегашен доцент, да ја избере во звањето **вонреден професор** по групата предмети: математика 1, математика 2, основи на компјутерското работење (изборен), вовед во програмирање (изборен), комуникациски вештини (изборен), динамички системи (изборен).

## РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

**Д-р Никита Шекутковски**, редовен професор, с.р.
Институт за математика, Природно-математички факултет, Скопје

**Д-р Татјана Атанасова-Пачемска**, вонреден професор, с.р.
Факултет за информатика, Универзитет „Гоце Делчев", Штип

**Д-р Елена Ачковска-Лешковска**, редовен професор, с.р.
Институт за психологија, Филозофски факултет, Скопје

АНЕКС 2

**Образец**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Бети Ѓорѓи Андоновиќ**

**Институција: Технолошко-металуршки факултет - Скопје**

**Научна област: математика**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1** | **Одржување на настава**<br>**Прв циклус студии = ч · нед. · 0,04** | |
| | Математика1 (3+3), 2010-2014 | **9** |
| | Математика 2 (3+3), 2010-2014 | **9** |
| | Комуникациски вештини (2+1), 2010-2012 | **3,6** |
| | Комуникациски вештини (2+0), 2013-2014 | **2,4** |
| | Динамички системи (2+2), 2013-2014 | **1,2** |
| | Математика 1 (3+3), (дисперзирани студии) 2010-2012 | **5,4** |
| | Математика 2 (3+3), (дисперзирани студии) 2010-2013 | **5,4** |
| | Комуникациски вештини (2+1), (дисперзирани студии) 2010-2012 | **3,6** |
| **2** | **Настава во школи и работилници** | |
| | Работилница за внатрешен облик, Штип, 2011 | **1** |
| | Работилница – ПЛАЧКОВИЦА 2013, Десеминација на проектните активности во рамките на проектот од програмата за инвестирање во животната средина за 2013 година. | **1** |
| | Работилница – ПОПОВА ШАПКА 2014, Десеминација на проектните активности во рамките на проектот од програмата за инвестирање во животната средина за 2014 година. | **1** |
| | Летна школа (камп) за талентирани средношколци од обласа на наноматеријали, Пелистер, 2013. | **1** |
| | Работилници организирани од Модус центар, Скопје, од обласа на комуникациски вештини: мај 2011, мај 2012, мај 2013, април 2014 | **4** |
| **3** | **Позитивно рецензирана збирка задачи или практикум – коавтор = 3** | |
| | Андоновиќ, Б., Мисајлески, З., Димовски, Т., *Збирка решени задачи од Математика 1 за студентите од Технолошко-металуршкиот факултет*, Унив. „Св. Кирил и Методиј“, | **3** |

| | | |
|---|---|---|
| | (2013). | |
| 4 | **Позитивно рецензиран универзитетски учебник – коавтор = 6** | |
| | Андоновиќ, Б., Петковски, С., *Подобрување на интерперсоналните комуникациски вештини*, Унив. „Св. Кирил и Методиј“ (2011) | **6** |
| 5 | **Одржување на вежби (лабораториски, клинички, аудиториски или изработка на семинарски труд) - прв циклус студии = ч · нед. · 0,03** | |
| | Основи на компјутерското работење (0+2), 2010-2011 | **1,8** |
| | Математика 1 (3+3), (дисперзирани студии) 2010-2011 | **2,7** |
| | Математика 2 (3+3), (дисперзирани студии) 2011-2012 | **2,7** |
| | Комуникациски вештини (2+1), (дисперзирани студии) 2010-2012 | **1,35** |
| | Основи на компјутерското работење (дисперзирани студии) (0+2), 2010-2011 | **1,8** |
| 6 | **Подготовка на нов предмет** | |
| | Динамички системи (предавања и вежби) | **1,5** |
| 7 | **Консултации со студенти = број · 0,002** | |
| | 2009-2014 вкупно 700 студенти | **1,4** |
| 8 | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура = број · 0,3** | |
| | Марина Спасовска, Интегрален модел за распределба на улогите во работните тимови, Технолошко-металуршки факултет, Скопје, 2011. | **0,3** |
| 9 | **Член на комисија за оцена или одбрана на докторат = број · 0,5** | |
| | Мартин Шоптрајанов, Внатрешен облик во динамички системи, Природно - математички факултет, Скопје, 2012. | **0,5** |
| | Ана Томова, Добивање и карактеризација на мултинаносензори базирани на MWCNTs и биополимерна матрица, Технолошко - металуршки факултет, Скопје, 2014. | **0,5** |
| | Ана Жабевска Златевски, Интегриран контролен модел за успешен развој на нов менаџер на тим, Технолошко - металуршки факултет, Скопје, 2012 (Комисија за подобност). | **0,5** |
| | **Вкупно** | **71,65** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | **Учесник на национален научен проект = број · 3** | |

| | | |
|---|---|---|
| | 1. Истражување и развој на нови наноструктурирани сензори за заштита и унапредување на животната средина и природата финансирано од МОЕПП, 2013-2014. | **3** |
| | 2. Реализирање на проектни активности од обласа на развојот и примената на чисти технологии во животната средина за едукација на магистри, доктори и организирање работилници за подигање на јавната свест, финансирано од МОЕПП, 2013-2014. | **3** |
| | 3. Заштита на природата од индустриски отпад, преку валоризација на филтерната прашина и металуршки троски во нови екопријателски полимерни малтери и бетони, финансирано од МОЕПП, 2013-2014. | **3** |
| **2** | **Учесник на меѓународен научен проект = број · 5** | |
| | 1. Фундирање на теоријата на облици, билатерален научен проект меѓу Р. Хрватска и Р. Македонија, Министерство за образование и наука на Р.Македонија и Министерство за образование, наука и спорт на Р. Хрватска, 1.1.2010-31.12.2011. | **5** |
| **3** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор = 6 + и.ф.** | |
| | B. Andonovic, M. Spasovska, M. Temkov, A. Dimitrov, *Integral model for distributing functional roles within a working team*, Quality of life (2014) 5(1-2), 5-18 | **3,6** |
| | N. Shekutkovski, B. Andonovik', *Intrinsic strong shape for topological spaces*, Mat. Bilten, 37, (2013) | **5,4** |
| | N. Shekutkovski, B. Andonovic, *Continuity of Darboux Functions*, International Mathematical Forum, Vol. 8, (2013), no. 16, 783 - 788 | **5,4** |
| | B. Andonovic, S. Petkovski, *Characterization of discounting words as powerful factors in determining the quality of cooperation within a working team*, Quality of life, (2013) 4(1-2), 12-19 | **5,4** |
| | B. Andonovik', N. Shekutkovski, *Subcategory of metric compacta in the strong shape category*, Mat. Bilten, 34(LX), (2010), 13-25 | **5,4** |
| **4** | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор = 3** | |
| | Beti Andonovic, Stanislav Petkovski, *Discounting words as significant indicator of the need of changing the approach into a team management*, XIV YuCorr International Conference, 17-20.April, 2012, Tara, Serbia, Proceedings, 227-233 | **2,7** |
| **5** | **Одржано предавање по покана на универзитет = број · 1** | |
| | Бети Андоновиќ, Предавање од област на комуникациски вештини, ФИНКИ, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, 2014. | **1** |
| **6** | **Апстракти објавени во зборник на конференција = број · 1,0 - МЕЃУНАРОДНИ** | |
| | 1. B. Andonovic, N. Schekutkovski, *Coherent proximate nets and strong shape of metric compacta*, Analysis, Topology and | **15** |

| | | |
|---|---|---|
| | Applications 2010 (ATA2010), Vrnjacka Banja, Serbia, June 20-25, 2010, Book of Abstracts, p. 28<br>2. B. Andonovic, *Uniqueness of the composition of classes of homotopies between coherent proximate nets in terms of an intrinsic definition of strong shape*, Mathematical Conference 2010 – Dedicated to Professor Gjorgi Cupona, Ohrid, R. Macedonia, 10.09-13.09. 2010, Book of Abstract<br>3. B. Andonovikj, *Continuity of Darboux functions*, Third International conference on Topology and its Applications (ICTA), Skopje, R. Macedonia, 02.09-07.09. 2012, Book of Abstracts, p. 3<br>4. B. Andonovic, A. Zhabevska Zlatevski, A. Dimitrov, *Criteria for assessing the success of new managers*, 22nd Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Ohrid, R. Macedonia, 05.09.-09.09. 2012, Book of Abstracts, p. 360<br>5. B. Andonovic, M. Spasovska, A. Dimitrov, *Integral model for roles distribution within a working team*, 22nd Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Ohrid, R. Macedonia, 05.09.-09.09. 2012, Book of Abstracts, p. 355<br>6. B. Andonovic, M. Spasovska, A. Dimitrov, *An application of the integral model for roles distribution for creating a managing team into a certain organization*, 22nd Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Ohrid, R. Macedonia, 05.09.-09.09. 2012, Book of Abstracts, p. 356<br>7. P. Paunović, A. Petrovski, A. Grozdanov, B. Andonović, *Production and characterization of Ti-oxide nanostructured materials*, Invited lecture on International Conference on Oxide and Non-Oxide Materials for Optoelectronics, Borovets, Bulgaria, December 19-22, 2013, Book of abstracts, p. 5<br>8. B. Andonovic, A. Grozdanov, P. Paunovic and A.T. Dimitrov, *Determining graphene layers number distribution by XRD data*, Graphene International Conference & Exhibition, GRAPHENE 2014, Toulouse France, May 6-9, 2014, Poster Book Vol. 1, p. 44<br>9. A. Dimitrov, A. Ademi, A. Grozdanov, B. Andonovic, G. Gentile, M. Avella and P. Paunovic, *Spectroscopic characterization of graphene synthesized by electrolysis in molten electrolytes*, Graphene International Conference & Exhibition, GRAPHENE 2014, Toulouse France, May 6-9, 2014, Poster Book Vol. 1, p. 151<br>10. A. Petrovski, A. T. Dimitrov, A. Grozdanov, B. Andonović and P. Paunović, *Characterization of graphene synthesized by electrolysis in aqueous electrolytes*, Graphene International Conference & Exhibition, GRAPHENE 2014, Toulouse, France, May 6-9, 2014, Poster Book Vol. 2, p. 101<br>11. B. Andonović, A. Dimitrov, A. Grozdanov, A. Petrovski, P. Paunović, *Determining the number of graphene layers using spectroscopic data*, VIth International Metallurgical Congress: Metallurgy Materials, Environment (MME), Ohrid, R. Macedonia, 29.05.-01.06. 2014, Book of Abstracts, p. 118 | |

| | | |
|---|---|---|
| | 12. A. Zhabevska Zlatevski, B. Andonovic, A. Dimitrov, *Relation of the new menagers survey results to the criteria based on experienced top managers research results in terms of their success assessment*, VI[th] International Metallurgical Congress: Metallurgy Materials, Environment (MME), Ohrid, R. Macedonia, 29.05.-01.06. 2014, Book of Abstracts, p. 108<br>13. A. Petrovski, A. Dimitrov, A. Grozdanov, B. Andonović and P. Paunović, *Characterization of graphene produced by electrolysis in aqueous solutions*, NATO Advanced Study Institute, Sozopol, Bulgaria, 29.05-06.06.2014, Book of Abstracts, p. 93<br>14. B. Andonović, A. Grozdanov, P. Paunović, A. Dimitrov, A. Ademi, *Determining graphene layers number and N-layer region coverage by XRD data distribution model*, 17th International Metallurgy and Materials Congress, IMMC 2014, Istanbul Turkey, 11-13 September, Abstract Book, p. 181<br>15. N. Shekutkovski, T. Atanasova-Pacemska, B. Andonovikj, *Proximate ray. Ends*, V Congress of Mathematicians of Macedonia, September 24-27, 2014, Ohrid, R. Macedonia, Book of Abstracts | |
| | **Вкупно** | **57,9** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1** | **Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, проценка на капитал, систематизација, методологија, бр·1** | |
| | Рецензент на трудот MacPherson, R.; Schweinhart, B., *Measuring shape with topology*, MR2985256, 2013 | **1** |
| | Рецензент на трудот Pop, I., *New categorical approaches to movability in shape theory*, MR3098379, 2013 | **1** |
| | Рецензент на трудот Baladze, V., *The (co)shape and (co)homological properties of continuous maps*, MR3210669, 2014 | **1** |
| | Рецензент за билатерални проекти со Црна Гора, решение бр. 15-7763/2, 2014 | **1** |
| **2** | **Учество во работата на комисии за државни натпревари, бр·1** | |
| | 1. Член на Комисијата за подготвување и оценување на приемни тестови за летна школа (камп) за талентирани средношколци од областа наноматеријали, Пелистер, 2013.<br>2. Член на Комисијата за реализација на натпреварот за наноматеријали-материјали на иднината, на средните училишта, под покровителство на министерот за образование и наука, Струга, 2013.<br>3. Член на Комисијата за реализација на натпреварот за | **3** |

| | | |
|---|---|---|
| | наноматеријали-материјали на иднината, на средните училишта, под покровителство на министерот за образование и наука, Струга, 2014. | |
| 3 | **Учество во промотивни активности на факултетот, бр·0,5** | |
| | Организација на работилници на ТМФ за ученици од ОУ „Љубен Лапе“ во Скопје:<br>- декември 2010, III одд.<br>- март 2012, III одд.<br>- март 2012, VIII одд.<br>- мај 2013, I одд.<br>- април 2014, II одд. | **2,5** |
| | Организација на популарно-стручни предавања на ТМФ:<br>- Игор Лештар, „Претприемаштво во новата ера“, 2011<br>- Станислав Петковски – Сашо, „Животни позиции“, 2011<br>- Станислав Петковски – Сашо, „Психолошка мотивација за играње игри, 2012<br>- Станислав Петковски – Сашо, „Потреба од структура во комуникација“, 2013<br>- Станислав Петковски – Сашо, „Зошто комуницираме?“, 2014 | **2,5** |
| | Учество на утринска програма на тел. Телма, септември 2014 | **1** |
| | Презентација на програмата на ТМФ низ средните училишта во Р. Македонија за периодот 2010-2014 | **2,5** |
| 4 | **Предавање на институции од јавен интерес, бр·0,5** | |
| | Предавање Дистрибутивен закон на множење во однос на собирање, за ученици од III одд. во ОУ „Љубен Лапе“, 2012 | **0,5** |
| | **Вкупно** | **15,5** |

**ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир = број · 1** | |
| | Летна школа MATA 3P’s: Protection, Permission and Potency, септември 2012. | **1** |
| 2 | **Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект / соработник =1** | |
| | 1. H2020: Enhancing Preparedness and Resilience Capacities to Counter CB Terrorism (PRETA) SEP-210198098 **(соработник)**<br>2. H2020: femSTEM – Make STEM more female: A model for promotion to attract more women to study and work in STEM subjects (FEM STEM); CSA 666011 **(соработник)**<br>3. „Фундирање на теоријата на облици“, македонско-хрватски проект **(соработник)** | **3** |

| | | |
|---|---|---|
| 3 | **Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект** | |
| | 1. Реализирање на проектни активности од областа на развој и примена на чисти технологии во животната средина за едукација на магистри и доктори и организирање на работилници за подигање на јавната свест **(соработник)**<br>2. Заштита на природата од индустриски отпад преку валоризација на филтерна прашина и металуршки троски во нови еколријателски полимерни малтери и бетони **(соработник)**<br>3. Истражување и развој на нови наноструктурирани сензори за заштита и унапредување на животната средина и природата **(соработник)** | **1,5** |
| 4 | **Член на факултетска комисија = број ·0,5** | |
| | 1. Член на Комисија за попис, 2010, 2011, 2012, 2013<br>2. Член на Наставно-научен совет на ТМФ, 2010 -<br>3. Член на Деканатска управа, 2012-<br>4. Член на наставно-научен колегиум за втор циклус студии, за студиска програма: дизајн и менаџмент на технолошки процеси, 2013-<br>5. Член на наставно-научен колегиум за втор циклус студии, за студиска програма: менаџмент на квалитет, 2013-<br>6. Член на Комисија за прием на нови студенти, 2013<br>7. Член на Комисија за прием на нови студенти, 2014<br>8. Член на Комисија за еквиваленција на наставни програми, 2013<br>9. Член на Комисија за дипломски работи, 2011 - 2016<br>10. Член на Комисија за јавна набавка, 2010<br>11. Член на Комисија за организација 55 години ТМФ – Скопје, 2013<br>12. Член на Комисија за клиничка настава, 2013-2015 | **7,5** |
| 5 | **Член на комисија за избор во звање = број·0,2** | |
| | 1. М-р Павел Димовски, избор во звањето асистент, ТМФ - Скопје<br>2. М-р Павел Димовски, реизбор во звањето асистент, ТМФ – Скопје | **0,4** |
| 6 | **Раководител на внатрешна организациона единица = 3** | |
| | Раководител на Институтот за хемиско и контролно инженерство, 2012- | **3** |
| 7 | **Учество во комисии и тела на државни и други органи = број · 1** | |
| | Комисија за верификација на посебна програма при Центарот за образование на возрасни, Министерство за образование и наука на Р. Македонија, бр. 05-234/2, 2013 | **1** |
| | **Вкупно** | **17,4** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 71,65 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 57,9 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | - |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 15,5 |
| **ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | 17,4 |
| **Вкупно** | **162,45** |

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Д-р Никита Шекутковски, редовен професор, с.р.
Институт за математика, Природно-математички факултет, Скопје

Д-р Татјана Атанасова-Пачемска, вонреден професор, с.р.
Факултет за информатика, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип

Д-р Елена Ачковска-Лешковска, редовен професор, с.р.
Институт за психологија, Филозофски факултет, Скопје

**Р Е Ф Е Р А Т**

# ЗА ИЗБОР НА РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ПО ПРЕДМЕТИТЕ ИНСТРУМЕНТАЛНИ ФАРМАЦЕВТСКИ АНАЛИЗИ И ФИЗИЧКА ХЕМИЈА ЗА ФАРМАЦЕВТИ НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, донесен на XI редовна седница од 14. X 2014 година, а согласно со Законот за виското образование, Законот за научно-истражувачка дејност, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и Правилникот на Факултетот, именувани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања по предметите инструментални фармацевтски анализи и физичка хемија за фармацевти, во состав:

- д-р Светлана Кулеванова, редовен професор на Фармацевтски факултет во Скопје, претседател;
- д-р Сузана Трајковиќ-Јолевска, редовен професор на Фармацевтски факултет во Скопје, член;
- д-р Весна Кунтиќ, редовен професор на Фармацевтски факултет во Белград, член.

Врз основа на пријавата и по разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот за избор на наставник во сите наставно-научни звања објавен во весникот „Дневник“ од 10. VI 2014 година, се пријави кандидатот д-р Зоран Кавраковски, вонреден професор на Фармацевтскиот факултет во Скопје. Со пријавата се доставени сите потребни документи според објавениот конкурс.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Зоран Кавраковски е роден на 14. VI 1959 година во Штип, Република Македонија.

### 2. ОБРАЗОВАНИЕ

**2003 год.** **Докторска дисертација**: „Проучување на продуктите на реакцијата $PdCl_2$ со некои моносахариди како и можност за нивна примена во определување на

квалитативно-квантитативниот состав на јаглехидратната компонента“.
Фармацевтски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Република Македонија.

**1998 год.** **Магистерска работа**: „Изолирање и определување на олигосахариди во антигенски вериги на липополисахариди од *Helicobacter pylory“*.
Фармацевтски факултет,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје,
Република Македонија.

**1991 год.** **Специјалистички труд по токсиколошка хемија**: „Разработка на метода за докажување и определување на хербициди од групата на хлорфеноксиоцетна киселина во вода, храна и биолошки материјал“.
Военомедицинска академија во Белград,
Република Србија.

**1983 год.** **Високо образование**: дипломиран фармацевт
Фармацевтски факултет,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје,
Република Македонија.

## 3. РАБОТНО ИСКУСТВО

**1983-1994 год.** Дипломиран фармацевт и фармацевт-специјалист по токсиколошка хемија во Заводот за превентивна медицинска заштита во Скопје.

